.СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четврто продолжение на Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 март 1997 година

Скопје, март 1997 година

**IV-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 59-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 20 МАРТ 1997 ГОДИНА**

Дневен ред: Штедилница "ТАТ"


1. АТАНАСОВ ЃОРЃИ - стр.10
2. АРСОВСКИ БРАНКОВ - 67, 68
3. АНДОВ СТОЈАН - 119, 124
4. БАЈРАМ АМДИ - 14, 43
5. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 16, 18
6. ВИДИМЧЕ КИРЕ – 83, 92, 117, 118
7. ГЕШТАРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 127, 130
8. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 180
9. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 100, 107
10. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 32, 42
11. КОВАЧЕВСКИ СТОЈЧЕ - 95
12. КАРОВ ЗВОНК0 -160, 163, 177, 180
13. МЕШКОВ ЉУПЧО -76
14. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 6, 9
15. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 56, 59, 66
16. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 20, 68, 134, 178
17. РАМАДАНИ ХИСЕН - 53
18. РАМАДАНИ САЛИ - 165, 166, 167, 168, 170, 173
19. СИМЈАНОВСКИ НАУМН - 1, 115
20. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 21, 25, 115, 134
21. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 69, 74, 77
22. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 97
23. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 108, 115
24. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР-175
25. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 44, 65, 66, 69
25. ТРПЕВСКИ ЉУБЕ(Влада) - 51, 181
27. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 164
26. ФИТИ ТАКИ - 135, 140
29. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 93
30. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 143, 149, 154,1 59
31. ЧОКРЕВСКИ ТОМИСЛАВ - 45, 50, 90, 92, 118


крај на седницата

I/1 СЈ/НД

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Педесет и деветтата седница на** Собранието на Република Македонија, одржана на 20 март 1997 година

Седницата се одржа во сала 1, со почеток во 12,30 часот

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа. Има збор господин Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници, морам да истакнам од името на сите штедачи од град Битола, штедачи на Штедилницата "ТАТ", но и штедачи на останатите штедилници во РМ кои ги задеси истата судбина, ќе презентирам овде одредени ставови за што покрај поединечните контакти кои што сум ги остварувал со истите, сигурно во овој момент мноштво погледи од Битола се свртени кон малите екрани во очекување на осветлување на целокупноста на овие случаи,со истакнување на многу повеќе факти и нормално очекување на едно позитивно крајно одлучување по истите.

Ги поддржувам сите граѓански иницијативи со самоорганизирање, но исто така ја осудувам веќе пројавената поделба, и лични замерувања на самите, овие, здруженија. Личната трагедија персонифицирана во група градска, државна е многу лошо да се употреби во политички цели а веќе има индиции кон тоа.

Ветувани се конкретни решенија како и за една група од нив, кон такви со највисоки државни функционери, а од друга страна имаме преку 20 до 25 илјади би ги рекол нормални измамени штедачи. Сепак ценам да битолската гордост, достоинствено, ќе бидат својствени за сите останати штедачи кои имаат доверба на оваа годорница и нормите на уставните решенија на РМ.

Стварната трагедија не е само на оние до 25 илјади штедачи по нивните износи туку во фактот дека постоеле групи на повластени штедачи, а се одело дотаму и на шифрирано компјутерско идентификување, барем според кажувањата на господинот гувернер. Само ги повикувам нив да осетат малку личен презир настрана од онаа популација која е најбројна а тоа се работници технолошки вишок, пензионери, студенти категории чие штедење беше стимулирано со дополнителни 1 до 2% повисока камата, но тоа се категории кои штетата да преживеат, да обезбедат огрев, да обезбедат учебници, поквалитетна исхрана, а морам да кажам и по некој подарок или играчка за своите внучиња.

Најголема осуда, морална, кон сите лица кои се вклучени во овој криминал е токму поради оваа категорија. Но, морам да признаам да и оние кои штеделе со оние позитивни камати исто така се оштетени. Кажувањето од господинот гувернер да само 18 милиони марки исплатени камати претставува 12-15% од вкупниот износ на штедни влогови. Значи ВО стварност нема неоштетен штедач од оваа штедилница "ТАТ".

Оној имиџ, традиција, граѓанство, култура што Битола ја имаше со една група измамници, сето тоа е срушено. Битола и битолчани имаат дух да го надминат овој кризен момент и за тоа ве уверувам дека ќе се постигне се преку овие институции на системот.

Како е правен феноменот на "ТАТ"? По однос на финансиското работење се гледа дека биле прави професионалци во измамата, а за

имиџот на сопственичката организирана е фама околу нејзината кредитоспособност преку позитивните извештаи кои на многу професионален начин беа презентирани во јавноста. Имиџот граден во сигурноста на пензионери, средношколци, стечајци. Малку подоцна започна и медиум- ската кампања со нон-стоп емитирање на државната телевизија и повеќе локално за што во 1995 година беше и посебно наградена од Македон- ската телевизија, навистина ако се сеќавате со ветен медиумски гла- мур. Нормално, не изостана и нејзиното вклучување во стопанскиот живот на Републиката преку избор на менаџер на годината, а се знае која постапка за тоа е потребна да се помине. 1996 година се јавува и со политички претензии од кај сопственичката. Јасно е, и беше познато, главен спонзор на Струшките вечери на поезијата 1996 година со влегување на голема врата меѓу врвниот политички естаблишмен на раководството на РМ. За сето тоа нормално постојат видео-акустични записи, токму од таа Македонска телевизија.

Не се мали ангажманите и во одредени спортови, култура, навистина со краен професионализам и граден имиџ?

Инволвираноста на повеќе фирми која беше спомената исто така треба да биде предмет на опсервација на контролата. Многу е лошо и неблагодарно да преку одредени медиуми настапи и пишувања инволвираат недолжни фирми. Се што се работело во рамките на законските норми и пропусти се потенцира, а она што го надминува односно што ги надминува истите да се санкционира. Се залагам гувернерот со својата ревизорска екипа што поскоро да ја заврши својата работа и да се објават точните биланси на состојбата. Вака се чувствува одредена еволуција во билансите и тоа не е добро во целокупноста на сите настани, зашто повторувам очите на јавноста се усмерени токму на овој аудиториум. А од расправата на Комисијата до овој аудиториум,

има голема еволуција на билансите кои беа презентирани. На Комисијата се покажа дека разликата помеѓу активата и пасивата е околу 60 милиони марки, да има затајување на данок околу 40 до 50 милиони марки додека на вчерашното дополнително излагање на гувернерот се искажа и одредено тврдење дека можеби крајниот резултат ќе биде пата-пата.

Затоа со децидни податоци треба да се истапува на оваа говорница. Навистина се создава една заблуда помеѓу нас пратениците а посебно меѓу штедачите кои и те како следат од збор до збор што се ќе се каже од оваа говорница.

За неговата вина во случајот, кажувам за гувернерот падна на стручен план и нормално неговата свест е толку голема бидејќи самиот изјави дека чувствува и морална одговорност.

За другиот субјект во настанатата ситуација, Владата покрај законската обврска на одговорност во вакви ситуации, целосно ја поддржувам изјавата на господинот министер за правда, Владо Поповски која беше најавена во неговото интервју во весникот "Нова Македонија" а посебно иницирана и потенцирана во вчерашното негово излагање на кое само би додал: Покрај онаа одговорност која тој ја бараше нормално за еден ваков крупен зафат и проблем во државата постои политичка одговорност, а санкции за политичка одговорност се знаат кои се, за една Влада. Повторувам се во рамките на системот.

Кога станува збор за Владата потенцирам дека истата ќе трае за скоро време да излезе со одредени докази и сознанија како е извршена и контрола на останатите банки и штедилници и какви се билансите на преостанатите финансиски институции каде граѓаните штедат во РМ. Кои се релациите помеѓу Народна банка на РМ, Влада Министерство за финансии, оти од извештаите кои ги добивме се гледа да постои

одредена неспоивост, Испратено писмо нема одговор. Се чека одговор, изготвена информација каде тоа се потенцира. Очигледно да во триаголникот Влада - Министерство за финансии и Народна банка постои одредена несинхронизираност. Нормално, резултатите се видливи да во таа несинхронизираност букнуваат вакви пламени на пирамидално штедење.

Исто така потенцирам да од еден феномен повторно најавен преку средствата за јавно информирање, во весниците да во самата постапка која во овој момент ја води Народна банка на Република Македонија евентуално со обвинителството да се појави напис да припадниците на Управата за внатрешни работи дошле до одредена документација од оваа штедилница која сеуште е во рацете на МВР. Дали таа документација е предадена на оваа ревизорска група, дали тие документи се предадени во рацете на обвинителството, дали целокупноста на постапката е заокружена спрема правниот систем во РМ. Барам за ова бидејќи беше веќе најавено во средствата за јавно информирање демант званичен од МВР нема барам од оваа говорница ресорниот министер да даде поадекватно образложение.

И на крај би истакнал: очекувам детален извештај од ревизијата на база на тие податоци, очекувам ресорните институции во државата да понудат и адекватни решенија, дали ќе бидат тоа законски решенија дали со подзаконски акти, сето тоа зависи од суштината и тежината на проблемот кој го сноси ревизорската група. А, оној трет елемент кој досега никој го нема истакнато е каде се односно каде е онаа разлика меѓу активата и пасивата на "ТАТ", како успеала таа разлика да не се појави никаде. Кои се учесниците околу таа разлика, и како е можно гувернерот веќе тоа го најави да сигурно се во некој контејнер во Битола тие пари, тоа ќе го каже Соња. Не  Соња, треба да го кажат институциите или водачите на институциите во РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Душан Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, членови на Влада и гости во Парламентот.

Во оваа прилика јас би зборувал нешто за покриеноста на КМБ системот во РМ односно кредитно - монетарниот и банкарскиот систем во Република Македонија. Но, на самиот почеток сакам да кажам гласно и јасно бидејќи изјавата не е донесена, сеуште, веројатно многу радо ќе ја потпишам затоа што нити сум штедач на "ТАТ" ниту сум размислувал да штедам, а веројатно не сум имал ни идеа да со толку малку труд, толку високо да ја валоризирам сопствената интелектуална способност. Воедно сакам да потенцирам дека со Соња Николовска, без разлика што имаме исто презиме немаме никаква родбинска врска.

На самиот почеток сакам да потенцирам две напомени.

Како прво,со донесувањето на Уставот на РМ се создадоа услови за нормативно и правни основи и услови за промени во обласста на општествено - економските текови и односи.

И, втора напомена, Уставот ги уреди основите на економските односи, утврди рамки и најширока уставна подлога за пазарната и претприемачката економија, врз основа на неприкосновеност на правото на сопственост и на еднаквиот правен статус и заштита на секој нејзин вид.

Овие напомени се многу значајни низ призмата на стопанството. ВО прилог на овие основи е и начинот на спроведувањето на реформите на стопанскиот и монетарно кредитниот и банкарскиот систем. Со реформата на стопанскиот систем кон пазарен начин на стопанисување не само што се предизвика туку и се донесоа крупни промени во самата

законска регулатива на пример Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал што не е од голем значај и од голем придонес како аргумент за оваа расправа. Но, нешто повеќе би се задржал за реформата на монетарно - кредитниот и банкарскиот систем, а не за персоналната политика како покриеност и интерес на стопанството.

За остварување на целите на реформата во кредитно – монетарниот и банкарскиот систем Собранието, да потсетам донесе неколку закони: Закон за Народна банка на Македонија, Закон за парична единица на Република Македонија, Закон за банките и штедилниците, Закон за санација и реконструкција на дел од банките на Република Македонија. Закон за финансиско - работење, Закон за сметководство, Закон за хартии од вредност и Закон за платен промет. Накусо, по една реченица.

Со Законот за Народна банка на Република Македонија се уредува организацијата и работата на Народната банка која е емисиона банка, самостојна и одговорна за стабилноста на домашната валута за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во Републиката и во странство.

Со Законот за паричната единица на Република Македонија воведена е сопствена парична единица денар, а не бон.

Со Законот за банките и штедилниците се уредува, основањето и работењето на банките и штедилниците кои според одредбите на Законот се правни лица кои самостојно вршат депозитни, кредитни, банкарски работи со странство и други банкарски работи. Законот е конципиран така да овозможи изградба на стабилен и цврст банкарски систем, иманентен на пазарните услови на стопанисување, а ги изедначува и условите за основање на банките од домашни и странски правни и физички лица во правец на јакнење на конкуренцијата на банкарскиот систем.

Со Законот пак за финансиското работење се уредени прашањата околу финансиското работење, прашањето и одржувањето на солвентноста на правните субјекти при што им се обезбедува самостојност на субјектите во донесувањето на деловните и развојните одлуки за средствата со кои располагаат и ги користат во своето работење, но и поднесувањето на материјалите и другите последици од донесените одлуки.

Со Законот за сметководство се уредени прашањата за водењето на сметководствената евиденција, а истиот ќе се применува до усвојувањето на меѓународните сметководствени стандарди во нашата земја.

Со Законот за хартии од вредност покрај тоа што се уредуваат условите, начинот на издавање и преносот на хартиите од вредност како што е случај акции, обврзници, благајнички записи, сертификати и комерцијални записи се создадоа и основи за формирање на македонската берза на долгорочни хартии од вредност.

Со Законот за платен промет се уредува вршењето на платниот промет како важен сегмент на стопанско финансискиот систем на земјата.

II/1.- СП-ВБ

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:** (продолжение)

Во оваа смисла одредбите до Законот создаваат услови за правна сигурност во извршувањето на обврските од облигационите односи, како и за ликвидноста на стопанските субјекти за употребата и брзината на циркулацијата на паричните средства. И во обласа на економските односи со странство, Собранието има донесено повеќе закони кои за таа цел имаат да создадат економска соработка со странство за да се направи успешна и ефикасна соработка. Таков е случајот со донесувањето на Законот за девизно работење, Законот за кредитни односи со странство, Законот за странски вложувања, Законот за надворешно- трговско работење. Се поставува прашањето дали ова, во доволна мера, ја покрива севкупната проблематика за да не се појавуваат овие појави односно проблеми што се предмет на расправа, па се отвораат две дилеми.

Едната е утврдување на степенот на покриеноста на оваа проблематика и

Второ, дали реформата во овој дел не е процес на работа. Но, сакам да дадам неколку заклучни видувања.

Како прво, со донесувањето на регулативата за реформата на стопанското, монетарно - кредитното работење и банкарскиот систем се создадоа услови за контрола и не само за контрола, туку и за санкционирање на злоупотребите и корисните малверзации што. се разбира, тоа треба да се одвива и остварува во рамките на надлежните институции на системот.

Второ, управата за јавни приходи, девизната инспекција и Министерството за внатрешни работи, во рамките на овластувањата утврдени со закон, преку контролата на пресметката и плаќањето на данокот и надзорот на надворешно - трговското работење со следење

и откривање на недозволените активности треба да истраат во процесот на разобличувањето на проблемот.

Трето, степенот на разграниченоста, како и степенот на утврдувањето на поединечната одговорност и правните субјекти како колективитети мора да се дефинираат како крајна цел за решавање на штедењето и обесштетувањето во поширока смисла. Сето тоа треба да е во прилог на штедачот, бидејќи тоа е од интерес за поттикнување на репродукцијата во стопанството, инвестициите и развојот во целина на Република Македонија.

Четврто, со дефиниран пристап кон рекапитализација на каматата, на влоговите на штедачите, би се создале основните услови и рамковни основи за степенот на обештетеноста со што би се дефинирал моделот за обесштетување.

Вака конципираниот модел потпомогнат со варијации и трансформиран во регулатива со решенија на одржување на антиинфлационен процес се гаранција на процесот на штедењето, штедњата и штедачот и на крајот, да потсетам, да не заборавиме, мислам дека има потреба за јасно декларирање од страна на штедачите односно штедачките одбори, бидејќи ги има два во Република Македонија. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Горѓи Атанасов.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани гости, драги колеги, Мислам дека информации кои беа доставени во врска со оваа проблематика како од Народната банка на Македонија, Владата на РМ, излагањето на гувернерот на Народната банка, па и досегашните дискусии дадоа доволно податоци за расветлување на состојбите во штедилниците.

II/3.-

Мене лично, морам да признам, од сите нив најмногу ми се допадна еден дел од Информацијата на Владата на РМ кој доколку дозволите би го цитирал. Цитат "Свесни за сериозноста на појавите на незаконито прибирање на средства од граѓаните и неопходноста од преземање енергични мерки за нивно спречување од страна на државата и нејзините институции сепак наоѓаме за потребно да ја истакнеме свеста на граѓаните дека како значаен фактор за спречување на вакви и слични појави на измама. Имено, се работи за доброволно вложување на сопствени средства на граѓаните при што тие треба да бидат свесни не само за користа, туку и за потенцијалните ризици што со себе ги носи секое вложување".

Мислам дека е штета што овој дел од Информацијата е ставен на крајот од Информацијата на Владата, веројатно тоа е направено со почит кон граѓаните несакајќи Владата да се сфати ако тоа го стави на почетокот,бега од одговорноста. Во едни вакви услови мислам дека треба да се почитува и тоа со тоа што со ова не сакам воопшто да ја намалам одговорноста на државните органи, посебно на надлежните државни органи за оваа проблематика, туку напротив. Не сакам ниту да ја девалвирам функцијата штедење, едноставно сакам овој проблем да се анализира и од тој аспект. Мислам дека во вчерашните дискусии од еден ваков аспект се осврнаа колегите Ајдарага, Димов итн. Меѓутоа, бидејќи не можеме се да фрлиме како вина на граѓаните кои, барем тука според мене ги има во две категории.

Прво, граѓани кои штеделе од нужност, тука се спомнаа стечајни работници, пензионери, земјоделци и

Второ, граѓани кои штеделе за богатење при што, по правило за себе обезбедувале повисоки каматни стапки благодарение на злоупотребата на својата позиција мора државата да има правичен пристап

и да понуди решение и тоа за сите не само за штедилницата ТАТ, не само за другите пропаднати штедилници, туку јас би го проширил и на овие претпријатија кои, освен по дејности регистрацијата ама баш по ништо друго не се разликуваат во начинот на работењето од овие штедилници.

Мислам дека генерално треба да се реши ова прашање и тоа реално и логично. Во функција на тоа го поддржувам барањето на гувернерот на Народната банка на Македонија и покрај набојот кој е присутен во овој момент дека треба стрпливост како од нас пратениците така и од штедачите за да се добијат адекватни податоци кои ќе бидат основа за решавање на овој проблем.

Јас сметам дека најпрво од податоците треба да се утврди главницата и реална камата за секој штедач поединечно. Под реална камата и покрај тоа што не сум банкарски стручњак,мислам дека треба да се подразбере онаа камата која била утврдена од Народната банка или онаа камата која во овој период ја признавале односно ја давале Стопанската, Комерцијалната или не знам која банка и тоа да биде основен критериум околу кој ќе се бара решението.

Вториот податок кој треба да се утврди според мене, е колку пари по разни основи извлекол секој штедач и врз основа на тоа да се утврди доколку тоа е поволен износ од износот кој го сочинуваат главницата и каматата, се разбира реалната камата, тогаш вишокот на средства или да биде оданочен или доколку флагрантно се утврди дека е стекнат врз основа на злоупотреба дури да се одземе, а доколку пак тој износ е помал, тогаш да се врати нормално на адекватен начин кој ќе биде понуден со одредено решение.

II/5.-

Мислам дека тоа се критериумите околу кои треба да се постави овој проблем за да правдата биде задоволена како за оние кои штеделе, јас уште повеќе сметам, така и за оние кои не штеделе, бидејќи многу е битно да биде задоволено чувството и на оние граѓани кои што не штеделе, да не излезе дека во државата фактички се гаси пожар само за оние граѓани кои вложиле пари во ТАТ и не знам која штедилница.

Сакам да кажам збор два нешто и околу одговорноста. Гувернерот во своето излагање замоли ние како пратеници да не го напаѓаме односно да го штитиме интегритетот на Народната банка на Македонија и јас се согласувам со тоа, меѓутоа, морам да кажам колку и да го штитиме ние како пратеници тешко дека ќе го избришеме срамот што на оваа куќа и го нанесоа токму вработените во неа, се разбира на чело со овој гувернер, без оглед на тоа дали тој срам е нанесен директно или индиректно.

Исто така мислам дека не е помала одговорноста на Советот на Народната банка на Македонија. Конечно, позицијата на Советот во овој случај мора да упати на решение во државата дека веќе ништо не може да се импровизира и мислам дека е подобро одделни членови на Советот на Народната банка да се бават со одговорноста на Советот отколку да делат лекции во јавноста за тоа како Владата ги ограбила штедачите.

Мислам дека одговорност треба да понесат и сите тие кои штеделе со повисоки камати, а притоа ја употребиле својата позиција без оглед на тоа дали се пратеници, министри, службеници во Владата, директори итн. Разните шпекулации посебно од опозицијата дека ќе се прави се да се прикријат работите или поединци се само фраза која времето во која живееме не ја трпи. Таа карта е потрошена многу одамна во едно друго

време. Сепак, кога сме кај опозицијата и препорачувам да не се сили многу, заеднички да ги сочекаме податоците, па да се преброиме, да видиме кој се има внатре и со колкав влог.

На крај, доколку ми дозволите, сакам да парафразирам една мисла на Претседателот на државата по повод неговото обраќање за меѓуетничките односи во ова Собрание и покрај тоа што се плашам дека можеби ова не е најсреќна компарација, бидејќи се работи за две спротивни работи.

Имено, Претседателот на државата кажа доколку, прво, сите сме луѓе потоа граѓани на државата, а на крај се разликуваме по националната, културната, историската судбина само така пирамидата ќе биде поставена на својата основица. Единствена сличност помеѓу овие две работи е токму пирамидата и нејзината основица. Во овој случај мислам дека пирамидата ќе ја поставиме на својата основица доколку сите работи околу неа и поврзани со неа чесно, коректно и праведно ги истераме до крај.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ;**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Со голем интерес ја следам ситуацијата и за жал на многуте измамени штедачи и невидената измама од страна на штедилницата посебно ТАТ кои со своите вработени на чело со заменик гувернерот на Народната банка на Македонија извршија невиден, организиран криминал.

Јас ги жалам граѓаните за тешкотијата која ги снајде со измамата, меѓутоа, тие треба да имаат права информација. Граѓаните треба да

знаат дека главен водич на овој организиран криминал е заменикот гувернер на Народната банка на Македонија кој е зет за ќерка на поранешниот премиер на Владата Никола Кљусев. Ова треба да го знае јавноста и сите ние пратеници. Поставен од страна на ВМРО кои со умисла сакаат да го свртат вниманието на граѓани и да ги стават во заблуда божем виновници за ваквата состојба е владеачката власт. Тоа е организиран криминал со сила и сакаат Парламентот, Владата, оваа власт која е сега, да ја срушат. Но, тоа е се организирано, граѓани. Во прилог на ова оди смислениот повик од страна на ВМРО- ДПМНЕ, нивниот лидер Љубчо Георгиевски на 27 март 1997 година ги повикува да излезат граѓаните и да демонстрираат по улици и на сила да ја срушат актуелната власт. Поради ова ги молам граѓаните да бидат присебни и да се воздржат од секакви непромислени излези на улици затоа што ова е организиран криминал и организирана смисла Владата, Парламентот и оваа сегашна власт да ја срушат, но на ваков начин не би требало да се сруши власта, би требало да бидат спокојни, да си дочекаат да дојде време за избори и на тие избори самите граѓани ако се определат за нив или било за која партија, нормално тие ќе бидат владеачи, без разлика кој ќе биде.

Јас сум сигурен дека органите правилно ќе си ја извршат својата задача и ќе ја добијат заслужената казна. Влоговите на граѓаните - штедачи ќе им се вратат назад, но треба сите да бидат стрпливи, а не да се прават разни сценарија, повици по улици за да има проблеми. Мислам дека сите со свест и ум го сослушавме нашиот Претседател на државата кој не замоли да бидеме смирени, а средствата ќе се вратат на граѓаните, мислам дека јасно и гласно е што е целата ситуација. Целото сценарио е од ВМРО и јасно и гласно сите ние треба да знаеме што се случува дека овој организиран криминал е од ВМРО затоа што ВМРО го

поставил за заменик гувернер таму, се знаеше кој беше премиер на државата, на Македонија. Ние треба тој црв што го имаме во јаболката, таквите ВМРО-вци што ги имаме овде во државата треба да ги чистиме , не треба да оставаме корени, гледате до какви последици дојдовме. Ова може да не донесе до голема работа. Мој апел е до сите министри, до премиерот, до Претседателот на државата вакви како овој заменик гувернер што го имавме до сега кој направи организиран криминал малку да поведеме сметка од старата поранешна власт од ВМРО сеуште имаме и на други страни дајте да видиме да ги расчистиме затоа што таквите ќе не доведат во многу опасна ситуација. Благодарам што ме сослушавте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира немаме право никого да чистиме ние по демократски пат на избори ќе си кажат граѓаните на Република Македонија.

Има збор г-динот Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, од аспект на политичка димензија тешко може да се каже дека оваа седница ќе биде помалку жешка од претходната седница, напротив можеме да констатираме дека оваа седница ќе претставува дополнителен генератор на политичките тензии во државата кои и како такви не се мали.

При вакви околности сосема е нормално и се очекува да има квантум на политички тензии во државата, да има незадоволства, да има недоверба во државните институции и сето тоа е нормално, нормално е исто така да се јавуваат одредени групи и групации "спасувачки одбори',"'спасувачки партии" итн. и нудат конкретни политички решенија односно поставуваат конкретни политички барања, што значи дека го надминуваат тоа што е главна тема на расправата.

II/9.-

Јас не сум да се впуштам во темелна расправа во однос на ова прашање, туку ќе се придржувам само кон правниот аспект на оваа појава, функционалниот аспект и политичката димензија.

III/1.-НН/МЛ

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Што се однесува до правниот аспект на оваа појава тука темелно и клучно прашање се поставува прашањето дали постојната правна регулатива која се наоѓа во рамките на постојните позитивни закони е доволно покритие за сите функции и односи во рамките на банкарскиот и штедачкиот систем. Односно, дали Законот за банките и штедилниците и Законот за девизното работење како главни закони се доволно правно покритие за оваа дејност. Тука автоматски претпоставува колкава е одговорноста на Собранието, па и Владата како предлагач на овие закони.

Второ, кога е во прашање функционалноста тука како начелно прашање, како главно прашање, се поставува ова прашање: Во колкава мера се исполнети обврските и се вршат законските обврски во рамките на нивните надлежности од страна на државните институции, од страна на надлежните министерства, органите на управата, инспекциите итн. Колкава е реална и ефективна контролата од страна на Народната банка на Македонија и колкава е одговорноста на другите јавни институции во оваа дејност. И тука се поставува прашањето на одговорноста на надлежните министерства, органите на управата, Народната банка на Македонија и Владата во целина.

Кога е во прашање третиот сегмент, односно политичката димензија ние тука мора да поставиме едно исто така начелно прашање. Тоа е кога во Македонија ќе се воспостави траен и перманентен механизам на одговорност, особено за носителите на јавни функции. Поконкретно што е причина за сегашната состојба. Тоа е дали законската регулатива; дали затајувањето на контролата од страна на органите на државната управа и Народната банка на Македонија или пак се работи за злоупотреба на функции. Многу е лесно да се каже дека се е

фалсификат, меѓутоа за тоа и постојат и државни и надлежни институции кои треба да ги спречат таквите појави.

На се ова едно е јасно. Од се повеќе пирамиди земјата почна да ни личи на Египет. Кога е во прашање одговорноста ние не можеме бескрајно да ги покриеме сопствените слабости повикувајќи се на некои повисоки цели. Повикувајќи се на очувување на територијалниот интегритет на државата и државата како целина, вклучувајќи го и очувувањето на мирот и безбедноста во Македонија. Ние не смееме перманентно да се скриваме зад овие вредности, зад овие фрази. Тоа не е чесно, не е морално, но исто така не е ни нормално. На секого му е јасно дека нашето сфаќање за поимот одговорност е нешто исклучиво, а тоа е нашата одговорност се води кампањски, еуфорично, репресивно, осветувачко, па и та не кажам и селективно и непринципиелно. Нормално дека за еден поразвиен систем на одговорност поадекватен систем на одговорност ќе треба доста време, бидејќи тоа е тесно поврзано со политичката и правната култура, меѓутоа сепак секоја дејност си има свој лимит.

Ние имаме тука една информација која е добиена од страна на надлежните министерства, како што е Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Народната банка на Македонија и Јавното обвинителство. Однапред може да се чуе дека информациите што постојат тука се доста шкрти, недефинирани, дури и нереални, меѓутоа времето ќе покаже што има реално во тоа. Но и од самата информација можеме да се увериме дека не е во прашање само ТАТ туку изгледа матна состојба имаме во уште многу други штедилници во Македонија.

Исто така тука се поставува едно клучно прашање, а тоа е што понатаму? Дали оваа состојба ќе се санира со донесување на некој нов закон и каде ќе се најде покритие за реализирање на тој нов закон,

односно каде ќе се најдат пари. Ако случајно пак проработи штампаријата тоа ќе биде не само закана за монетарниот систем во Македонија, туку тоа ќе биде и силен удар за реформите, економскиот систем, економските субјекти, секако со одредени реперкусии во целокупниот економски систем кој исто така има свои рефлекси во политичкиот систем и демократијата во целина. Како по- инаку, веројатно Владата подобро знае. Едно е сигурно. Ова е доста комплексно прашање и бара селективно решение и да кажеме дека и штедачите не се сосема невини. Секако дека секое вложување претпоставува и доза на ризик а тоа е ризик.

На крајот да кажам неколку збора во однос на некои изјави кои досега немав прилика да ги прочитам, но од кажувањата таа изјава се однесува на тоа дека одредени лица, пратеници, министри, нивни заменици не е штедач во таа штедилница. Сметам дека тоа е смешна работа, од причина што едноставно се работи за институција за која се претпоставуваше дека е легална, односно дека се функционира нормално. Никој ниту бил должен да претпоставува дека се работи, како што рече гувернерот за фалсификат итн. и затоа со пи- пување на такви изјави не би требало да се сфати сериозна работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве замолив господа пратеници мобилните телефони и пејџерите да ги исклучите кога ќе влезете во салата. По втор пат истото го повторувам за да не ме доведете во состојба да забранам да се влегува во салата со овие помагала.

Ве молам имајте почит кон себе си и кон Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, гости и колеги пратеници.

Очекував една поинаква расправа, морам да ви кажам која што ја иницираа и претседателот на државата и премиерот. Ние напротив овие пораки како да ги свативме поинаку дека треба да зборува- ме воопштено, дека треба да дискутираме заради дискусија и дека некој магионичар ќе ни ги реши проблемите со еден закон или со една интервенција во законот.

Јас овој проблем воопшто го опсервирам многу посериозно и посериозно од оние закани за масовни протести и слично, затоа што ако не пријдеме умно, рационално кон овој проблем, можеме да влеземе во замка која што ќе не притиска подолг период со опасност и да не загуши.

Овие случувања во сите штедилници, чиј што врв е ТАТ мора да биде шанса на која што се повикуваат за среќа и најодговорните во државата за да биде еден добар пример дека така не треба да се работи, дека она што значи транзиционен модел не значи и скуден транзиционен морал кој што евидентно изби на површина со сите свои пропратни дејствија дека во периодот на транзиција нас ни требаат во државата и многу приватни субјекти,дека ни требаат и штедилници и банки за да констатираме дека ни требаат и богати луѓе кои што ќе ги посочиме пред светот дека еве ние одиме кон тој капитализам кој што го очекуваме и во кој што навистина сакаме да се приклучиме. Меѓутоа сигурно ние не можеме да прифатиме таква доктрина дури дека богатството треба да се стекне на било кој начин без оглед на цената што ќе ја платиме сите. Примерот на ТАТ не е единствен. Ние сме вчудоневидени од она што ни се случува околу нас, се чудиме дури на многу богатотва прекуноќ

стекнати и ова ќе отвори многу нови процеси. Јас ви гарантирам дека овој случај ќе отвори процеси на вештачки стечаи, диригирани стечаи за да потоа преку грабеж се отвори едно нереално богатство за кое што требаат децении и векови дури. Јас не верувам дека ќе бидат ставени под лупа и многу претпријатија кои што во овој период го променија својот модел во оваа транзиција, се трансформираа затоа што ние во досегашниот тек на расправата не ги добивме основните сидра за да можеме да имаме една реална аргументирана расправа од која што ќе произлезат и одредени заклучоци.

Нас практично не води една стихија. Нас не води еден притисок и не прифаќам дека тој притисок е од овој или од оној и министерот господин Фрчковски рече дека Владата е политичка влада и нормално на секој нејзин настап е политички. Ако настапот на Владата е политички, зошто не бидат политички настапите на другите партии, особено на опозицијата. Колку одминува времето толку се свалува целата тежина на проблемот кон еден или двојца субјекти - гувернерот и неговиот заменик. Јас би сакал ние денес малку вниманието да го тргнеме од овие два субјекта, од следните причини:

Едниот е во притвор, заменикот, а гувернерот многу искрено по мене, многу чесно рече и ја сноси комплетната одговорност на Народна банка и што подразбира одговорноста да биде посочена кон овие актери за да Народната банка во овој период како институција во системот биде на некој начин малку понастрана во интерес на државата. Тој ни најави и оставка но во интерес, се разбира на расветлување на случајот се заложи да остане на оваа функција. Што повеќе ние да бараме од оваа институција. Без воопшто да бидам погрешно сфатен дека сакам некого да бранам,- по природа не сум човек што оној што ја признава вината, оној што е идентификуван, нека ми извини на израз, можеби не е

соодветен, но така јас би се чувствувал сега ние кон еден грогиран боксер сите ние се насочуваме него да го нокаутираме. Мислам дека ќе не одвлече ова од суштинското прашање. Дали исклучиво вината е во Народната банка и нејзините челни луѓе, кое што е евидентно. Тие се најповикани и со законот и со позицијата во ова општество. По многу критериуми гувернерот е втората или третата личност веднаш зад претседателот. И тоа не е спорно. Проблемот има три нивои.

Едното ниво е ТАТ како експонент типично за ова пирамидално штедење.

Второто ниво се сите овие помодерни видови на штедеше изразени преку разните штедилници, вклучувајќи ги и претпријатијата што се пуштија во таков вид на збогатуваше и

Третото ниво е вкупното штедење во оваа држава.

Ние, почитувани пратеници, дами и господо немаме никакво право, најмалку морално право во дискусиите по ова прашање, особено во финишот кога ќе треба некои заклучоци преточени во форма на закон затоа што основата на овој Парламент е донесување на закони, но и центар на демократијата каде што треба да се расправа по овие прашања. Не можеме ние да ги игнорираме сите штедачи кои што спаѓаат во категоријата на штедачи под форма на заробените депозити, заробените девизи. Без оглед што ние имаме некој закон за таа категорија граѓани сега е моментот ние да пријдеме комплексно на овој проблем и при решавањето да не преовладее субјективизмот. Не субјективизмот од партиски или било која припадност. Точно тие штедачи, сопственици на заробени девизи практично се во период кога во државата немавме ние повеќепартиски систем ниту плурална демократија. Значи едноставно тоа се граѓани на оваа држава.

III/7.-

Мислам дека овие два дена провејува една пристрасност, веројатно деригирана од одредени причини, јас верувам и центри на моќ да практично ТАТ се издигне над сето ова за да може проблемот да се реши во тој правец, а се друго да биде оставено настрана. Со полн респект и со жалење за она што се случува во Битола, за она што се случува со тие граѓани, со можните реперкусии не само од уличната демократија многу повеќе од она што понатаму и дали Битола после овој шок ќе има и сопствен развој ако многумина од тука дискутанти се искажаа дека ТАТ во овие години било најпрофитабилното претпријатие во регионот што е многу опасно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Тоа значи дека стопанството е запоставено , дека едноставно е прифатен еден модел на живеење - зошто да работиш, зошто да се трудиш, зошто да водиме сметка за производството, кога .можеме на овој наједноставен и најлесен начин да дојдеме до многу поголеми профити, кои што се незамисливи за било кое производство.

Целата јавност и нас тука, и мене лично не интригираат некои работи кои сеуште се прикриваат или се чека некој да ги обелодени. Жалам што не е тука министерот за правда за да го прашам дали тој после сите вакви случувања го толкува правото и нас тука не смета за студенти на Правниот факултет, или е промовиран овие денови во портпарол на Владата за да во присуство на премиерот ни толкува членови од закон. Од еден министер за правда не се бара толкување, се бара акција, се бара операционализација на законите, се бара контрола на донесените закони , практично се бара една многу поголема одговорност со оглед на позицијата министер за правда. Правото е во рацете на министерот за правда.

Тука некои спомнаа одговорност. Одговорноста на најодговорните мора да биде највисока и најголема. Мислам дека ние мислиме дека со насочувањето на прстот само кон Народната банка ќе го разрешиме проблемот. не, дами и господо, нас не среќаваат луѓе кога излегуваме од тука. Јас морам да Ви признам дека барем мојот телефон е претворен во јавна телефонска централа, која што само прима повици од сите градови во државата, со разни информации, со сугестии од сите видови на штедачи, и помали и поголеми, и нови и сегашни, веројатно и идни во барање на едно рационално и разумно решение каде што основно провејува следното мислење:

IV/2.-

Зошто пирамида од мамутските димензии на "ТАТ" во Македонија и веднаш, зошто токму во Битола. еден мој пријател овие денови кога го прашав што се случува, ми рече земјотрес многу посилен од оној што го прати Господ. Битола е предодредена на некој начин, за жал, да биде трусно подрачје. Ни се сруши транспортниот мост во РЕК "Битола", за да потоа дојде она што никогаш не би сакал да се повтори, земјотресот, еве го веќе третиот потрес - "ТАТ". Дали некаде со ова се затвора некој триаголник, чиј што епицентар не се знае, меѓутоа се навестува. Во јавноста, преку медиумите не случајно се посочуваат можните актери и можната плодна почва, за да се формира една ваква огромна пирамида.

Дами и господо, не прифаќам да ја парафразираме пораката на претседателот на државата. Ако час поскоро таа порака, која што ја прифати како предизвик на времето и премиерот, не биде преточена во конкретни потези со аргументи, со сето она што Владата го поседува како материјал, информации и слично и ден порано , ако она што го очекува јавноста, виновниците од Владата или сите оние што биле протежирани од Владата да бидат посочени , не оптужени. Оптужба може да поднесе само оној кој што е повикан во државата, се знае кои се тие институции, а пресуда може да донесе само независното судство.

Не сакам да имплицирам такви решенија, меѓутоа, ако не е тајна дека се  почесто се споменува како еден од оние кој што ставил многу плочи во оваа пирамида во нејзината основа, тоа е градоначалникот на Битола, директорот на "Пелистер", за кој што РЕК "Битола" е златниот рудник и кој што е претседател на Управниот одбор на "Електростопанство" на Македонија, мислам дека веќе мора да се размислува во овој правец. Да не ја губиме тука енергијата, да не се занесуваме

дотолку повеќе што не е тајна за оние кои го имаат тоа право во државата практично да се погледаат извлечените пари во март, февруари и јануари и понатаму ретроактивно. Веројатно тоа ќе биде еден патоказ кон кој ќе треба понатаму да подлежи оваа наша расправа.

Немојте да изигравамe наивци тука, па да го враќаме филмот многу поназад дека некој го поставил заменикот гувернерот од политички позиции за тој потоа да создаде пирамида и т.н. Иако веројатно има некоја случајност во тоа што Неновскиe Битолчанец, сигурно дека има. Меѓутоа, именувањето на Соња Николовска, нејзината партиска припадност, нејзиното членство во Собранието на Битола како советник, под партиската припадност на СДСМ, што подразбираше и слоган "Човек од доверба" " луѓе од доверба", луѓе блиски на власта, не можат да не остават нас индиферентни кон сето тоа. Потоа за мене следуваат сите оние " менаџер на годината " по оној веќе добро познат часовник кој подолго време одеше на ТВ екраните во државата.

Сега одиме понатаму . Дали во оваа држава постои не институција, постои морална обврска, чувство на одговорност за да некој во оваа држава размислува, помислува и заклучува, дали може еден Томислав Стојановски, една Соња да направи таков бум во финансиско-монетарна сфера за да тоа остане незабележано во државата. Или одговарало на многу субјекти, многу се потпирале на таа пирамида, е сега дојде времето таа пирамида да се разруши. Тука ја гледам нашата одговорнсот на сите како пратеници, носители на многу значајна функција, лидери на партии и се друго, како сега таа демонтажа на пирамидата да биде безболна, да не падне таа пирамида, затоа што таа е многу висока и ќе подзафати многу субјекти, многу луѓе, многу граѓани. Сега е умешноста.

IV/4.-

Клучот е, дами и господа во Владата. Предизвикот дека во вакви ситуации се решава судбината на Владата, пред се, да бидеме искрени, државата ќе живее и мора да опстане државата. Тука сум категоричен против сите залагања еден ваков скандал, грабеж или како сакаме да речеме, треба и мора да ни ја дестабилизира државата, да ни ја руши државата ако не преземеме соодветни мерки. Државата мора да биде трајна со сета сериозност дека ваквите настани можат лесно да ја дестабилизираат, но не и да ја рушат.

Јас вчера очекував, да Ви кажам најискрено, дека министерот Поповски ќе посочеше со име и презиме точно личности од неговата средина, од она што значи можна вмешаност на сето ова, од она што значи учество на Битола на сето тоа, за да почнеме да ги разрешуваме проблемите и прашањата.

Скромните информации, меѓу кои може да се случи ако нема никаква загуба во билансот на состојбите и ако може целиот имот да се капитализира, сите хипотеки да се материјализираат, тогаш ние Соња Николовска ќе треба да ја прогласиме како херој на оваа држава, бидејќи овозможувала во тој регион практично да имаме една благосостојба повеќе години. без тие податоци ние влегуваме во еден огромен ризик, сите ние, сега кон таа личност да биде посочено се. Јас очекував, ако не повеќе дел од назначените хипотеки, кои имаат поголема вредност, тоа не е тајна да бидат изнесени тука. Македонија е толку мала, повторувам, што ние ги знаеме добро сите објекти и приближно нивната вредност. Ако во тие хипотеки ние знаеме дека една "Свилара" - Битола има реална вредност таква и таква и други објекти кои не се изнесени и новинарите упорно трагаат, и добро е што трагаат - јас секогаш се залагам аз истражувачко новинарство и тоа е моделот на иднината на независно новинарство,зошто тоа да биде тајна. Ако секој ден добиваме

нова информација дека последните денови практично по багателни цени е раскрчмувана точно таа хипотека, за да може да се спаси што може да се спаси. Веројатно не да се спаси целата пирамида, туку да може да се спасат поединци.

Не можам да ги прифатам јас како наивни обидите за финансиска интервенција преку Заводот за платен промет од одредени субјекти, како што е "Електростопанство", "Млекара" Битола и други веројатно, во последниве денови да се направи нешто. Што е тој обид, ако имаме информации искажани вчера тука дека неколку милиони германски марки се одлеани од оваа штедилница во оваа година , 1997.

Многу енигми, многу сомнежи, многу размислувања. Многумина поставија прашање, што и сите ние го поставуваме: Каде е оној кусокот пари. Ние не можеме да зборуваме за кусокот пари, кога немаме информација што е тоа што е покриено со хипотеки, објекти и други материјални вредности, недајбоже и златен накит, и злато и т.н. што е можно, нели.

Мене ме загрижуваат информации, а никој сеуште од компетентн-ите не ги демантира, можноста дел од документацијата да исчезна, што ќе биде уште еден удар на самостојноста, независноста и демократијата на оваа држава. Тоа е ова најопасното од кое јас се плашам и мислам дека час поскоро ако тоа е вистина треба да се каже дека е потребна таква анализа на документите, но има дупликати, документите се на сигурно место и дека се снимени на дискети и се на сигурно место.

Што со другите штедилници?

Не можеме да имаме друг аршин спрема сите други штедилници заедно, иако нивниот обем е многу помал,вклучувајќи ги и оние кои не

биле регистрирани за штедилници. Ако ние градиме едно правно општество, ако ние градиме еден систем на сигурност, јас повторно прозивам, дали може во оваа држава без поголема поддршка, задушна поддршка, да ни се случува еден "Македонија реклам" и слично на него, чиј што директор точно пред 20 дена е виден во Тетово. Тој директор на "Македонија реклам", тетовчанец дали за жал да речам или можеме да му пружиме рака и да му честитаме на неговата умешност, повторно за жал нели, и тој да манипулира со јавноста, дури провокативно сум во Ниш, сум во Скопје, сум во Љубљана, повелете да се договориме.

Дами и господо, имаме исклучително сложено прашање, меѓутоа, имаме и шанса, најмалку ние како обични членови на Парламентот, повеќе Владата, со сите компетентни фактори со приоѓање на овој проблем со најголема одговорност, без штитење на сите носители, како што рекоа и двата претседатели, и на највисоки функции да покажеме и докажеме не само на македонската туку и на светската јавност дека ваквите појави се можни во периодот на една интензивна транзиција, но ние сме спремни со нив да се соочиме, да ги санкционираме, за да потоа излеземе од овие битки ќе ги речам јас, посилни, поцврсти и со едно драгоцено искуство.

Прашањето на озаконување на овие наши расправи би предложил нека остане малку понатаму оние кои работат на оваа материја поизворно и поинтензивно да не снабдуваат со информации. Ако Владата има информации кои не ни ги поднесува сноси огромна одговорност за провлекувањето на овој случај,освен ако не е она, кое најчесто се употребува во интерес на натамошната истрага. Во тој случај сум за една таква истрага, сум за едно такво сериозно приоѓање не кампањско, не волонтаристичко, но во ниеден случај не смееме да ги заборавиме сите оштетени штедачи во оваа земја. Начините,

средствата, изворите повторно се во Владата, пред се, а потоа и во нас тука како законодавен дом. Зошто велам во Владата пред се? Едно поинакво ангажирање на сите фактори, кои се должни да го обезбедуваат полнењето на Републичкиот , државниот буџет од царина до дозволи, до инспекциски служби и се она што се случува околу нас, мислам дека на тој начин можеме да дојдеме до значајни средства со сигурна подлога, без тука да им ветуваме на граѓаните, како што рекоа некој сигурно ќе им бидат вратени средствата. Оставете ја таа сигурност тука малку да ја пробистриме. Овој дом малку нека се провентилира со едни поинакви дискусии врз база на лична, овој пат ќе употребам и колективна партиска одговорност, за да можеме потоа да дојдеме до решенија кои практично ќе ги задоволат сите граѓани на оваа земја. Апелирам овој случај да не се мистифицира до крајност за да биде повод или мотив за масовни собирања кои би значеле спојување на сите незадоволства во едно. се придружувам кон оној разум и трезвеност дека треба да се работи упорно,систематски, стручно и најодговорно, а тие масовни собирања да ги оставиме за понатаму.

V/1 ПЈ/ПН

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници, мило ми е што веќе неколку дена водиме многу сериозна расправа за две многу важни теми, иако не мие мило што тие теми се доста чувствителни за животот на секој граѓанин во РМ, поради што граѓаните со големо внимание ги очекуваат резултатите од овие наши расправи.

Ја користам приликата пред да поминам на темата да го изразам своето несогласување со делот од дискусијата на г-динот Бајрам Амди. Мислам дека тој воопшто не извлече поука од неколкудневната расправа што ја водевме за меѓуетничките односи во Македонија, како лидер на опозициона партија на малцинството и како пратеник во Собранието мислам дека го руши дигнитетот на овој Парламент, затоа што неговите изјави наликуваат на методи на пресметки на луѓето од сталинистичкото време. Ако на тоа ја надоврземе неговата изјава дадена во емисијата "Без наслов но со повод", доколку дојдат десничарските партии на власт од Ромите ќе прават сапун, или на тоа ја надодадеме изјавата на еден пратеник од ПДП-а кој и се закани на министерката Софија Тодорова дека доколку не и се допаѓаат албанците во Македонија, може да се исели во некоја друга држава каде што нема албанци, внесуваат еден неспокој и кај граѓаните, а ние пратениците треба енергично да се оградиме од тие дискусии. Со таква цел го замолувам г-динот Амди Бајрам да им се извини а луѓето кои ги спомна во неговата изјава пред извесно време.

Јас имам големо разбирање и нема ништо необично во вчерашната изјава на почитуваниот потпретседател на Владата, г-динот

Љубе Трпески, да ја минимизира одговорноста на Владата за состојбите се најде банкарскиот систем во РМ предизвикан од овие афери што се случуваат. Впрочем, тука нема ништо ненормално и легично, сите влади во светот се обидуваат со своите постапки, јавни настапи да ги разубавуваат состојбите во земјата со цел да ја прикажат во подобро светло политиката на Владата, како што е и работа на сите опозициони партии во светот да тврдат дека политиката на Владата не е добра и дека доколку тие дојдат на власт спремни, стручни, компетентни да направат подобри потези во интерес за доброто на граѓаните на РМ. Впрочем, има една многу мудра изрека која вели дека "на власт секогаш можат да дојдат лоши и неспособни луѓе, како и добри и способни луѓе, кои апсолутната власт апсолутно ќе ги расипе". Поради тоа, се препорачува да се гради таков политички систем во државите, кои ќе ја оневозможи можноста на власт да дојдат поединци, кои можат да нанесат огромна штета и на државата и на сите граѓани во РМ. Според мене, нема воопшто дилеми кој е одговорен за ваквата состојба во областа на финансиите и банкарскиот систем во РМ. Во секој случај најодговорни се НБМ и Владата на РМ, и се разбира сите тие што се на директен начин со криминални дејанија вклучени во тој процес.

НБ на РМ е одговорна, бидејќи според законите во РМ одговара за обезбедувањето и одржувањето на стабилен банкарски систем во земјата. Одговорна е заради ненавременото преземање на соодветни мерки и активности, кои Парламентот би им дал во надлежност, според Законот за банки и штедилници и според Законот за НБ на РМ и поради многуте задоцнети потези, за кои зборуваше и самиот гувернер на НБМ.

Мене ми е драго тоа што го слушнав вчера од гувернерот, почитуваниот Станоевски, дека чувствува голема морална одговорност за сето тоа. Впрочем, тој е многу во право, затоа што без разлика дали знаел или не, тој е одговорен, ако знаел затоа што знаел, а не преземал ништо, што требал ода преземе. А ако не знаел, пак е одговорен, затоа што не знаел а требало да знае. Јас се надевам дека надлежните органи во државата, кој се задолжени за водење на истрага кога ќе се посвети целата ситуација ќе заклучат дали е потребно покренување на кривична постапка, или се ќе се заврши ан моралната одговорност и верувам дека во случајов нема да се примени старотот добро правило кое вели дека "рибата смрди од главата, ама се чисти од опашката и дека големи риби ги јадат малите риби", што значи дека нема да ни се случи она што се случи, со најавената акција на премиерот од 1995 година за борба за објавување на војна на организираниот криминал кога се се заврши со една програма на Владата, која беше препишана од 00Н за борба против организираниот криминал и хајка на сменување на функционери во државата од второт и третиот ешалон под една чудна формулација за неисполнување на, не се сеќавам како беше, на своите обврски и задачи.

Владата на РМ заедно со НБ или можеби повеќе од нејзе е одговорна, затоа што според членот 88 од Уставот на РМ таа е носител на извршната власт, а според членот 91 таа е одговорна, бидејќи ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување. Ова е од многу важна формулација од Уставот, која во никој случај не може да ја минимизира одговорноста на Владата на РМ за вкупните состојби во државата. Исто така, Владата е одговорна, затоа што дозволила големо прикривање на

персонален данок и данок на добивка, во делот од штедилниците кои се спомнати тука, а кои не се во надлежност на НБ тука и каде што соодветни мерки требало да презема Владата. Кога велам Владата мислам и на сите служби кои се под ингеренции на Владата според законот.

Исто така, Владата е одговорна затоа што дозволила спротивно на член 41 од Законот за банки "правни и физички лица кои немаат дозвли за работа на банка не смеат да вршат банкарски работи". Ние во случајов имаме тешко прекршување на овој член од законот, затоа што неколку од овие штедилници што се спомнати, а ќе кажам и за некои кои не се во Информацијата, фактички, дозволено им е да функционираат во правниот систем и економскиот систем во државата, без за тоа да постои законска основа, иако членот 149 од истиот закон точно ги прецизира кои се санкциите кои треба да се преземат, а очигледно е дека Владата и нејзините служби не презеле соодветни санкции.

Исто така, Владата е виновна за вкупните состојби во земјата кои доведоа до тешко нарушување и подривање на банкарскиот систем во РМ, кои ќе имаат тешки последици за земјата и за сите нејзини граѓани и заради нарушување на меѓународниот углед на РМ посебно во финансиската сфера, затоа што сведоци бевме во непосредниот период, период кој е зад нас на големо исчекување како ќе заврши донаторската конференција за РМ и каде што со и очекување чекавме колку ќе се смилуваат државите да дадат пари на РМ и ни беше важно што САД дале 2 милиони долари за РМ како донаторска помош, а од друга страна сами дозволуваме во Македонија да има голем организиран грабеж во кои се губат стотици милиони марки, кои, се разбира, се многу повеќе отколку донациите што ги добиваме.

V/5

Последиците по банкарскиот систем се дотолку поголеми што треба да помине големо време за да се санираат и за да се врати довербата на граѓаните, кои за жал, по втор пат се ограбени во РМ. Прв пат уште од поранешна Југославија, поради запленувањето односно замрзнувањето на нивните девизни штедни влогови. Втор пат, сега, што ќе има огромни последици, не само за стопанството во РМ, ќе е директно инволвирано во сето ова и за граѓаните кои се оштетени, туку индиректни последици ќе има и за натамошниот развој на РМ затоа што доколку домашните девизни штедни влогови се чуваат под перница, а не се чуваат во банка, затоа што граѓаните ја изгубија довербата во банките и штедилниците, се исклучува една голема парична маса, која може да биде ставена во функција на развојот на РМ и отворање на многу нови работни места.

Изјавата на премиерот Црвенковски дадена во неговото долго интервју, за МТВ во која ги повика граѓаните односно оцени дека граѓаните сами сносат одговорност за тоа, ризик каде и како ќе ги вложуваат средствата, мислам дека е некоректна и дека премиерот им должи извинување на граѓаните на РМ. Впрочем, јас се чудам како може премиер на една држава да даде толку несериозна изјава, ако сака да верува во тоа дека граѓаните треба да делуваат во правниот, политичкиот и економскиот сите на државата. Тоа убаво го илустрираше вчера почитуваниот министер за правда Поповски, кој самиот кажа дека граѓаните не можат да бидат одговорни, се разбира оние кои од чесни побуди штеделе во банките, затоа што тие мислеле дека ова е легална институција, регистрирана во државата и дека нема ништо лошо да ги вложат своите пари таму, затоа што тоа не е само по себе криминално дејание.

Јас мислам дека тука правиме и една друга грешка која ми мириса на старите добри времиња кога се форсираше тезата дека сите треба да бидеме еднакви во сиромаштијата, наместо тезата таа сега да се форсира дека сите треба да бидеме различни, меѓутоа не во сиромаштијата, туку во богатството. Констатациите кои беа изрекувани дека треба да се категоризираат граѓаните како да се обесштетуваат не се добри и ги доведуваат граѓаните во нерамноправна положба според Уставот, затоа што има граѓани кои заглавиле со повеќе пари, меѓутоа, ако тие пари чесно се заработени, на пример, ако некој цел живот го поминал како гастербајтер во некоја странска држава поверувал во овдешниот систем, ги вложил парите тука и нема ништо не чесно во сето тоа. Мислам дека е лошо ако така ги рангираме граѓаните во врска со нивните влогови што ги имаа ставено во штедилниците и во банките.

Впрочем, уште еднаш сакам да потврдам дека е многу несериозно се однесуваме спрема ваквите работи што е доказ скоро двомесечното чекање на оваа Информација на барање на пратеничката група на ЛП да се најде на дневен ред на пленарна седница на Парламентот и затоа што никој сериозно во државата не сфати, за жал, дури ни новинарите, кога ЛП на прес конференцијата објави дека треба да се провери бонитетот на штедилниците пред скоро неполна година, за жал, понекогаш класични политичките теми се многу поинтересни, отколку темите кои можат да имаат ужасни последици и разорно дејствуваат во земјата.

Треба да се расчистат и работите во врска со учеството ан одредени институции кои се во надлежност на државата со овој финансиски скандал. Пред се тука мислам и покрај добиеното писмо од директорот на Електростопанство дали, тоа се разбира надлежните

органи ќе го потврдат или ќе го негираат дали е точно дека биле префрлани средства од страна на Електростопанство на Македонија и од јавното претпријатие за стопанисување со деловен и станбен простор на РМ како што исто така го повикувам директорот на Заводот за платен промет што е присутен на денешнава седница да каже, како, кога и од кои правни субјекти е покриена сметката на штедилницата ТАТ во деновите 17, 18 и 19 февруари и какви се законските санкции. Досега за жал, иако тоа беше дискутирано на Комисијата за финансирање и буџет, не е даден никаков одговор. Исто така, мислам дека Владата треба да даде соодветен одговор во врска со информациите кои допреа во јавноста за запленувањето на документацијата од штедилницата ТАТ, затоа што тоа остава место за сомнеж во врска со евентуалните можности за прикривање на одредени податоци, кои не би одговарале на Владата и инволвирањето на високи личности од државната администрација во аферата пред се, со штедилницата ТАТ. Исто така, би повикал, затоа што во Информацијата пишува дека Министерството за финансии неколку пати се обраќало со писма до НБ на РМ, доколку е тоа возможно да добиеме копија, односно кореспонденцијата, што Владата на РМ преку Министерството за финансии ја водело со НБ на РМ.

Посебно ме зачудуваат заклучоците кои се наведени во Информацијата на Владата и тоа доволно зборува за инертноста на државните органи и за неодговорноста на Владата, пред се за преголемото нејзино доцнење и јавувањето како пожарникар за да ги гасне после настаните, пред се на заклучокот кој вели дека надлежните контролни и други органи треба да ги преземат сите мерки. Па кој ги спречувал, господо, тие надлежни органи и досега да ги преземаат сите

мерки според законот предвидените мерки или формулацијата во еден од заклучоците "да се забрза постапката за донесување на закон за извршната постапка и за заложното право". Кој ја спречувал Владата досега и дали е Собранието виновно што овие законски проекти сеуште не се влезени, за жал, во Собраниска процедура.

Исто така, би сакал да се осврнам на идејата на г-динот Тантаров за потпишување на изјави на пратениците за тоа дали се или не се шредачи во штедилницата ТАТ. Јас лично немам ништо против тоа, со тоа што би ја проширил таа иницијатива тоа да се однесува и за останатите штедилници во РМ за да сите бидат рамноправни. Би сакал да се провери информацијата дали е точна дека 15 пратеници, пред се, од СДСМ подигнале кредити од штедилницата ТАТ за свои потреби, се разбира, под бенефицирани услови.

Инаку, моето мислење е дека нема никаков грев доколку пратениците се јавиле во улога на штедачи во штедилницата ТАТ, дури и други носители на функции во РМ, затоа што секој како граѓанин има право да штеди. И не може да сноси за тоа кривична или друга одговорност.

Вистинското прашање што треба да се постави е дали во штедилницата ТАТ штеделе личности, кои на директен или индиректен начин можеле да влијаат врз деловната политика на штедилниците и поради својата инволвираност да придонесат за неадекватно законско работење, прикривање на одредени состојби и сл.

Инаку, ние ги карикираме некои работи. Г-динот Владо Станковски тоа го кажа и вчера со потпишувањето на министрите кога беа избирани за министри во Владата, за тоа каква е нивната имотна Состојба,

почитувани господа, тоа го има на запад, меѓутоа јас колку што знам тоа има сосема друга функција. Тоа е во функција секоја личност кога доаѓа на висока позиција во државата да даде, да депонира изјава со колкав имот располага и движен и недвижен и заштеди, за д може да се види по завршувањето на мандатот дали својата позиција ја искористил за противправно стекнување на одредена материјална корист, а таа многу лесно тие го прават, затоа што пресметуваат еден министер или пратеник колку плата можел да заработи во тој период, колку неговата сопруга, колку му требало да потроши за облекување исхрана итн. И точно ќе се дојде до заклучок, на пример, дека можел да заштеди 10 илјади марки. Ако тој во меѓувреме купил некое басновлно богатство или некој луд автомобил, веднаш ќе се постави прашањето од каде му биле тие средства и надлежните органи ќе се стават во позиција, без разлика на неговата функција во државата да ги проверат сите работи, дали имало притајување на даноци или други малверзации.

Мислам дек работите треба на тој начин да се поставуваат и гледаат, а не да даваме некои формални изјави, дали некој бил штедач или не бил, и како јас изјавив дека ни еден од пратениците на ЛП не биле штедачи, пред се во штедилницата ТАР.

Би сакал исто да кажам дека информацијата треба да се потполни и со една друга не е штедилница, меѓутоа, тоа е претпријатие, друштво со ограничена одговорност, пазар на пари, и краткорочни хартии од вредност, регистрирано во Скопје, на улица Бојмија, замолен сум во името на околу 100-тина штедачи од Велес, затоа што на нив им се запленети околу некои велат милион марки, дури и повеќе како граѓани, а велат дека има околу десетина милиони марки на претпријатие кој се

заглавени во оваа штедилница. Па, би ги замолил надлежните органи да ги проверат и овие информации и за да се види дали се тие точни и да се сврсти и ова претпријатие во фирмите кои се спомнати во информацијата.

VI/1.- ВД/ЉР

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

И на крајот да резимирам.

Мојот став е дека на граѓаните на РМ треба многу јасно, одговорно и отворено да им ги испратиме пораките од денешната седница.

Не се согласувам со функционерите кои така лесно даваат ветувања да обесштетување на штедачите, пред се на штедилницата ТАТ. Мислам дека ние како одговорен субјект во државата треба во порамноправна положба да ги ставиме сите оштетени штедачи не само на штедилницата ТАТ и во другите штедилници дека не смееме да си го дозволиме тој луксуз да даваме лажни ветувања за обесштетување пред да ја видиме фактичката состојба, за тоа што ако дадеме такви ветувања кои после треба со некој закон да го реализираме, а тоа ќе доведе до големи тектонски преметувања во макроекономската политика и воопшто во банкарскиот систем, пред се поради инфлација или ставање на некој данок на сметка на тие што го извршиле грабежот да страдаат сите граѓани на РМ и да даваат давачки во вид на данок за да се вратат штедните логови на граѓаните, ќе направиме голема грешка.

Апелирам најпрвин да придонесеме со своите постапки, со својата одговорност, да се истера вистината на видело, зад а се види каква е вистинската состојба, таму да се видат тие кои што криминални дејанија учествувале во незаконитите активности без разлика дали се високи функционери во државната администрација, што директно алудирало на организиран криминал. Да се утврди нивната одговорност која на крај треба да заврши со соодветни постапки покренати од Јавниот обвинител, односно Јавното обвинителство и на крај со надлежните судови во Република Македонија.

VI/2.-

Исто така би апелирал надлежните органи да ги преземаат соодветните мерки за да се овозможи екстрадиција на граѓаните на РМ кои кој криминални дејствија учествувале во штедилниците на >РМ и другите фирми, пред се мислам на Македонија Реклам за да може да се вратат во Државата и да им се суди тука, се во интерес да се поврати разнишаниот углед на банкарскиот систем во РМ.

**ТИТО ПЕТКОПВСКИ:**

Г-динот Амди Бајрам бара реплика, а после и за г-динот Вело Тантаров, бидејќи беа спомнати за дискусија.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидејќи бев спомнат во претходната дискусија, еве да одговорам.

Г-динот Кочевски кажа дека чистка од моја страна. Јас таа чистка јас не ја кажав да биде чиста од Државата и сега јас сака,м поопширно да го образложам. Имено, треба да се расчистат во државата сите корени кои постојат од ВМР и поранешната влада од Никола Кљусев, затоа што овие работи еве до што ен водат, затоа што тие корени, тој за мене гувернер што сега се знае каде е во притвор. тоа сценариото е направено за да се сруши оваа влада и оваа власт. Чиската кога ја реков не беше да биде чиска во државата. Јас кратко кажав, црвот од јаболката треба да се исчисти. Нормално јас како Ром и лидер н а партија морам секогаш да ја штитам страната на сегашната власт. Нормално ние ромите никогаш ен сме биле против Македонија и никогаш не сме биле против својата држава. А ние Ромите знаеме кои се за нас и кој мисли за нас во Македонија, а кој мисли сапун од нас Ромите да направи, како г-динот Коцевски што го кажа и јас тоа го кажав и го тврдам пак. Јас сум

убеден, доколку дојде ВМР на власт, за нас Ромите за сите националности не се пишува добро. И за Македонија нема да биде добро. Тоа не носи добро. Мора тоа некој да го каже. Добро, сите чутите но треба тоа јавно да се каже и јавноста да го знае. Се знае сега за сега кој е од лева страна а кој е од десна. Се знае, нормално Коцевски доаѓаат локални избори се надева дека ќе се сруши оваа власт, а ни најмалку нема да се сруши оваа власт. Јас сум толку убеден дека оваа власт ќе си остане до крај, додека дојде времето до избори. Нормално тој сака сега да направи рејтинг на Либералната партија да направи. Се знае на локалните избори кој со кого каде беше и за што беше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ги молам сите пратеници да се воздржат од дисквалификации за луѓе кои немаме никакви докази дека учествувале на некаков начин во овој проблем за кон разговара,ме особено за оние кои што не се присутни тука во салата.

Г-динот Тантаров бара збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ;**

Јас излегов бидејќи г-динот Аце Коцевски, иако е мој добар пријател ме спомна во неговото излагање во оваа расправа.

Мене ми е жал што тој вчера не го следел моето барање за поднесување на изјави од страна на сите пратеници за тоа кој пратеник во која штедачка афера е вклучен.

Јас реков да се бараат изјави кои пратеници се вклучени во овие афери и дали се вклучени. Не реков само за ТАТ, туку за сите штедачки афери.

VI/4.-

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Господине пртседателе пратеници и пратенички, сакам едно кратко објаснување незавлегувајки подлабоко во анализа на овој проблем едно објаснување кое е поврзано со полицискиот аспект на овој проблем, на оваа афера, како ќе речете. Од неколку пратеници, а и инаку и во јавноста се споменува дека Министерството за внатрешни работи поседува дел од документацијата на Штедилницата ТАТ.

МВР поседува еден дел од документацијата, односно документи кои се најдени при претресот на станот на госпоѓата Соња Николовска. Цела процедура што ја предвидуваат законите е извршена. Направен е записник, присутни се граѓани, затворени се најлонски кеси со сите тие списи и хартии што се собирани во станот и за тоа е известен обвинителот надлежен во Битола и истражниот судија. Имаме одговор од обвинителот дека органот на внатрешни работи, надлежните инспектори треба да направат преглед на соодветната документација, да видат кои списи се релевантни за случајот, односно за кривичните дела по кои ја почнавме истрагата и откога ќе се направи тоа, откако ќе направи една класификација на сите документи, тие да бидат предадени на истражниот судија, евентуално и на обвинителот за да продолжи работата. Тоа се прави, веројатно "до денес, можеби до утре ќе биде готово. Како резултат на тој преглед на списите и документи најдени во станот на сопственичката на ТАТ, ние преземавме соодветни акции кои значат нејзино ставање во притвор за истрага од 30 дена, извесни други личности се ставени во притвор, исто така за истрага. Можеби од овие списи ќе произлезат и други барања пред обвинителот, после пред истражниот судија за продолжување на истрагата и за ставање во притвор на други личности. Меѓутоа, сето тоа треба да се прегледа, да се види, бидејќи во таа кеса, поголема најлонска вреќа има разни видови на материјали.

Зошто тоа јас сега го зборувам. Постои една процедура, еден редослед, една законитост по која треба да работиме. Можеби да се фрлаат сомневања на секаде, внатрешни ќе селектира или ќе прикрие, Народна банка не ги врши работите, прикрива некои работи, обвинителот нема сите да ги обвини, судијата нема да ги суди и тн. Сето тоа создава една недобра атмосфера по која органите кои се задолжени за законско работење, за работење како што овој Парламент постојано го потенцира на органи на правна држава, би ги исфрлило надвор од редовното нивно работење. Според тоа јас како министер за внатрешни работи ви давам изјава тука на Парламентот и пред целата јавност. Што се однесува до МВР никој нема да биде прескочен, заобиколен, скриен, до колку во целата оваа афера има криминогени дејствија. Повеќе не можам да кажам.

Ако има сомневање во работата на органите, ве молам предложете како ќе ја вршиме редовната работа, методологија на утврдување на основите за кривично дело. Најлесно е да се фрлаат обвинувања и да се создава една атмосфера на линч, атмосфера на кривица на колективитети, што знам, Влада, партија, па не се, тоа се некои други итн. Морам да ви кажам, не смееме барем тука во Парламентот, тоа ви го кажувам како професор по право, не смееме тука кривичните одговорности да ги колективизираме, што не значи дека не треба да се извлечат заклучоци за политичка одговорност на некоја институција. Кривична одговорност не постои за органи за партии и тн., постои за поединци. Само така можеме да дојдеме до правото кривично дело, а политичка и морална одговорност после од тоа се извлекува. Кога ќе видиме кој се е вмешан во незаконските работи во аферата ТАТ, ако утврдиме дека навистина има такви политички структури кои придонеле за тоа, тогаш може да се покренува и политичка одговорност. Немојте однапред да дискутираме, што не значи дека заштитувам некого.

Ова го зборувам од аспект на министер за внатрешни работи, од аспект на методологијата со која што ние работиме.

Уште еднаш да ви кажам еден од мотивите што јас го имав за да прифатам министерска функција беше точно односот спрема сите оние криминални и други дејствија што го имаат зафатено нашето општество. Сметав можеби наивно дека можам нешто да при- донесам, дека имам една подлога да настапам така, да дејствувам за да не можат да ми се лепат многу етикети и така, верувајте, работам. Според тоа, нема никаква сила овде во Македонија која мене ќе ме натера да направам некое прикривање или некоја замена за документите што се најдени. Тие документи не се целосни. Тоа не се документи на ТАТ кои што се редовно во нивната така да кажам просторија. Тие документи се што госпоѓата Соња ги има дома донесено. Нив ги имаме најдено при претресот. Тие се значи нешто парцијално. Тие ќе треба да се спојат после во Народната банка, во комисиите што ги прават.

Меѓутоа, сега затоа што се прават такви работи имам еден предлог. Можеби ќе биде предложен и после во настапувањето на други луѓе.

Бидејќи е создаден еден сомнеж, едни не веруваат на Владата и ја напаѓаат. Има една позиција сега за тоа да се напаѓа Владата и нека се напаѓа и навистина ако има кривица Владата, да ја утврдиме и н. Други напаѓаат личности, трети се бранат итн.

Се сомнева, се повторувам, но сега во една друга намера. Се сомнева во инспекцијата на Народна банка дека се не расчистува. Се сомнева во инспекциите или во помошта што ја даваат другите финансиски организации, во Министерството за финансии, во МВР. Затоа јас имам еден предлог и тоа е следниот.

VI/7.-

Предлагам да направиме една мешовита комисија која целата документација во врска со ТАТ ќе ја разгледа, во која ќе има и инспектори од МВР, инспектори од Народна банка, извинете за ова инспектори, можеби не формално инспектори, условно ги кажувам, од Заводот за платен промет, од обвинителството или како било. Зборот ми е, ако се сомневаме едни на други, ако сметаме дека некој ќе навива, некој ќе прикрие, тогаш да имаме една комисија во која еден со друг ќе се чуваат и нема да дозволат тоа некој да го направи.

Што се однесува до документите кои се во МВР и ги работиме, уште еднаш, на крајот, потврдувам и гарантирам дека такви какви што се најдени ќе бидат доставени до соодветните органи, на истражниот судија и на обвинителот.

Уште нешто сакам да кажам надвор од овој, да кажам полициски аспект.

Ние мора да направиме едно разграничување меѓу некои аспекти на целиот овој проблем.

Прво, се согласувам со оние пратеници кои тука застанаа да ја бранат вредноста на штедењето. Штедењето е вредност, економска, социјална. Не смееме да го напаѓаме штедењето. Тоа е домаќинска работа, тса е работа што не може едно семејство да не ја има, а камо ли една држава. Затоа немојте сега заради валканата вода и детето да го исфрлиме. Според тоа, да бидеме внимателни, штедењето и покрај сите овие случувања треба да го афирмираме, да го поставиме во сериозни законски финансиски и други рамки кои ќе ја спречуваат злоупотребата. До крај никогаш нема да биде спречена злоупотребата. Додека има пари, ќе има и злоупотреба. Меѓутоа системот, законите, контролите, треба тие злоупотреби да ги спречуваат што повеќе.

VI/8.-

Второ, во врска со целиот овој случај, сметам дека државата па и Владата тука мора да направи се луѓето кои што поштено штеделе, кои што штеделе за да ги, така да кажам заштитат своите имоти, да ги развијат во една нормална процедура, мора да се најдат начини да се помогне на целата оваа групација на штедачи. Би била неодговорна Владата ако не направи такви напори. Какви ќе ги направи јас лично не знам. Меѓутоа треба институциите да функционираат. Јас секогаш зборувам,нема држава, нема правен систем до колку не ги почитуваме а и не ги заштитуваме институциите. Според тоа каде треба да биде акцијата и каде ќе биде акцијата на МВР, спрема сите оние недозволени инкриминирани работи кои што ќе се појават спрема штедилницата ТАТ. Тука се работи за следното:

Прво, водење на двојно книговодство, односно правење на документација настрана од законската документација. Не ми замерувајте ако за некои работи не се изразам финансиски, туку вака општо.

VII/1 CJ/НД

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Второ, давани се голем број на позајмици од страна на штедилницата по многу поволни услови, да нема камата итн.

За тоа имаме веќе некои документи во овој преглед што го правиме.

Трето, давани се позајмици без да се, да кажам, определува рок и слично. Давани се позајмици на одредени личности кои може да се препознаат. Немојте веднаш да барате министри и други работи. Не се само министрите тие што можат да бидат значајна структура на едно такво еве, неправилно работење. Во официјалната стрктура на нашиот живот има многу други луѓе кои што имаат влијание, кои што значат нешто, кои што се почитувани, кои што со своето име и со своето поведение можат и те како да влијаат на ова или на она. Сите оние кои што неправилно,несоодветно на законите примале позајмници, не плаќале камати, затајувале данок на она што треба да платат во врска со тоа, и други такви инкриминирани дела кои што произлегуваат од материјалите треба да бидат расчистени и према нив треба движи, но како поединци како поединечни кривични дела и истрагата на Министерството за внатрешни и настапот на обвинителството и понатаму на крајот и судењето.

Еве овие работи сакав да ги кажам сметајќи дека треба малку да ја усмериме целата дискусија во некој позитивен правец. Најлесно е сега да викаме, најлесно е сега да растураме, најлесно е сега да кажуваме нешто, да се тргне влада, да се тргне не знам кој, нека се тргне ако Владата не треба, меѓутоа, кој ќе ги реши овие работи сега. Ако Владата е крива, ако Народна банка пропуштила нешто, кој е тој што треба да ги расчисти овие работи. Ние треба да ги расчистиме тие работи зошто секој кој ќе дојде после ќе рече ми е гајле мене што правел Чокревски, јас оттука почнувам и ги оставам тие работи.

Тоа е мое мислење, не мора да се сложувате. Еве, тоа беше мојата желба да објаснам дека со спомнувањето на МВР и нешто да кажам

во врска со тоа како треба да пристапуваме во врска со расчистувањето на овој проблем.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Љубе Трпевски, потпретседател на Влада.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, вчера мојата интервенција или не беше добро сфатена или не сака некој добро да ја сфати. Јас вчера се обидов само да ја лоцирам одговорноста на секоја институција онака како што произлегува од законите и ги спомнав тука Владата, Централната банка и судството.

Јас и како професор на Економскиот факултет кој што го предавам предметот банкарство отсекогаш сум се залагал и тоа се преточи, нашата централна банка да биде навистина независна институција. Независна особено во поглед од Владата. И, релацијата е Народна банка - Парламент, во поглед на одговорноста. Тоа се огледа, еве ќе ви кажам еден пример, Владата се бира на четири години и може Парламентот кога сака да ја отповика. Гувернерот како раководител на Централната банка се бира на седум години. Така е во светот со независните централни банки. Парламентот не може кога сака да го смени гувернерот. Така е вградено во законот. Зошто? За да биде независна централната банка. Не може, сега, утре имаме нови избори, доаѓа нов Парламент, не им се свиѓа гувернерот и да го сменат. Има постапка само под кои услови може да го сменат. На база на таа независност постигнати се извонредни резултати во изминатите шест години во Народна банка на Македонија тие работи не треба да ги заборавиме.

Во поглед на улогата на Народна банка на замената на парите, југословенските динари со македонскиот денар, каква улога одигра Народната банка. Во поглед на организирањето на девизниот пазар, во поглед на водењето на монетарната политика сиве овие години. Таа независност и овозможи, навистина да се постигнат импресивни резултати на тој план. Меѓутоа, се случи и една дамка, голема дамка во овој период. И, тука не може да биде амнестирана Народната банка и гувернерот не бара амнестија од тоа на Народната банка, меѓутоа, не смеат заради дигнитетот на институцијата и заради односот спрема надворешниот свет и поведението на надворешниот свет да се заборават сите овие светли моменти.

Исто така не може поединец во Влада да побегне од одговорноста, тоа министерот за внатрешни работи го кажа, доколку има злоупотреба на поединец, на министер во Владата, јас не сакам да бидам со таков министер во Владата, ако некој е замешан во овие работи, јас прв не сакам да бидам и барам тоа да се открие.

Исто така во поглед на судството. Ве молам, каква е улогата на Владата и што може Владата да направи ако во судот две-три години се провлекува еден случај на штедно - кредитно претпријатие. Три години се провлекува. Кажете ми што може Владата тука да направи освен министерот за правда постојано да апелира па дури и преку печат да се направи поефикасно судство.

Тоа јас сакав вчера да го укажам.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, јас сакам само со неколку зборови да се приклучам во оваа расправа, евентуално и неколку сугестии ако бидат корисни.

Мислам дека сепак од сета проблематика за која што еве два дена расправаме и добро е што се расправа, мислам дека се три прашања клучни околу кои не знам како ќе заврши, веројатно со усвојување на заклучоците од Комисијата за финансиски прашања, но можеби од самата дискусија ќе треба преку амандмани или на некој друг начин нешто и од тие се надополни.

Прво прашање е односот наш кон штедачите, мислам дека тоа сите го подвлекоа и мислам дека тоа сега треба да се доведе до некоја позаокружена, така да кажам, ориентациона политика која што треба да се гради во рамките на овластените органи, во банката, во Владата и во други институции. И, мислам дека тоа е клучно прашање.

Ние најчесто овде имавме две тези слушани, од една страна јас грубо ќе ги кажам, дека се најмногу за тоа виновни штедачите што не воделе сметка кај ги даваат парите, што сакале на лесен начин да стекнат профит кој што е ненормален во нормални стопански монетарни односи. И,од друга страна дека воопшто не се виновни штедачите, дека се тоа институциите, бидејќи тие им дале дозвола на овие важни пара-институции или како сакате наречете ги кој што го искористиле и кој што ги измамиле штедачите.

Мислам дека сепак вистината е некаде на средина измеѓу овие две крајности. Првата страна на проблемот е следната. Имаме еден голем број, веројатно единици како што ги викате вие, тие се штедачи кои што макотрпно штеделе, можеби се наоѓаат и без работа или од некоја

продажба на имот стекнале малку пари и сакале да стекнате некој вонреден приход бидејќи така и така немаат редовни приходи. Тука се можеби и дел од стечајците кои што на еден начин дошле до одредени средства, исто така ги одложиле со намера да евентуално да добијат од тоа нешто.

Имаме и друга категорија профитери, лихвари кои што сакале на ваков начин да стекнат големи богатства преку вложување на пари и тн. И, сега мислам дека ние во овој момент не сме во состојба ова да го заокружиме затоа што сите дадени факти за ова нешто ги нема. Каков е односот на ова категорија штедачи за кој јас еве веднаш се залагам дека треба да најдеме механизми нивната главнина бездруго да биде заштитена, главнина мислам, она што било главнина на вложениот ефективен денар или девиза која таму била. Јас мислам дека треба ние и како Собрание и како Влада да го гарантираме на некој начин. Меѓутоа, мораме да дојдеме до точен податок, тој податок. А, овие, надградбените капитали кои што се камата на камата ставени за тоа треба да градиме друг став.

Трето, за криминалните дејствија, за онаа групација која што и зела кредит, или ги внела и од нив направила пирамидална зараоботка и тн.

Така да мислам дека околу ова ако не е доцна, заклучокот на Собранието треба во овие рамки, јас не сум финансист, јас немам и таков речник за да можам тоа поблиску да го дефинирам, но во оваа рамка би требало да биде прв дел на овој заклучок од оваа долга и корисна расправа на оваа седница.

Второто прашање беше околу одговорноста. Јас мислам овде некои пунктови се назначија како главни. Основна одговорност треба да се види правната регулатива. Една од комплексите на согледување на

одговорноста, правната регулатива. Ние имаме две тези, тука, во излагањето.

Едната, со се во постојната правна регулатива, се е покриено во смисла на формирање, легализирање и односите кои што треба да постојат између институциите во финансиската област, конкретно во штедилниците.

Друга теза е дека сеуште имаме правни празнини. И, треба тоа да се изведе на чистина за да можеме да видиме колку таа правна или недоследност во спроведување или недостапност во заокружување на правниот систем во оваа сфера била причина за да дојдеме во една таква ситуација затоа што тоа исто е важно за нашата јавност за да знае колку субјективна, а колку објективна причина има, за се ова што настана и последиците што ќе ги трпиме од тоа.

И другата димензија на ова, за одговорноста беше конкретна работа на органите и од банката и од Владата. Јас мислам дека овде ако не се лажам јас постигнат е дури некој консензус меѓу сите што учествуваа во расправата, од претседателот на Републиката, уважениот господин Киро Глигоров, до сите други и преку премиерот и министрите и сите дека никој не сака никого да го ослободи од одговорност доколку таква одговорност се утврди. Иако е тоа чисто, јас мислам дека нема зошто со тоа да правиме некој партиски рејтинг со палење на граѓаните бидејќи за тоа нема спор. Барем јас не почувствував овде дека има спор дека некој сака да или минимизира или одбегне, оти ако поединечен министер тоа да кажеме условно ќе се обиде, премиерот и претседателот на државата ветија дека тоа нема да се случи. Според тоа, од таа страна сме, условно да кажам, заштитени.

И најпосле, сакава да го кажам и тоа. Мислам дека, Коцев- ски беше во право, не го спомнувам ова за полемика, туку имаше право

кога кажа секоја Влада има право да се штити, некогаш можеби со неоправдани средства, јас ова последново не го прифаќам. Мислам дека никој нема право да се штити со неоправдани средства ако за тоа нема аргумент.

Второ, дека секоја опозиција има право да напаѓа не бирајќи тој не рече така, но може да произлезе и како небирајќи средства. Јас и таа теза не ја прифаќам. Мислам дека и за напаѓање треба да постојат аргументи. Меѓутоа, мислам дека е најлошото ако на болката, на штетата, на тешкотиите на овие бедници од првата категорија што ги набroив, штедачите се обидуваме да вадиме политички поени и во воспоалението на нивните чувства што е нормално, оти се погодени, што се вика го дале последниот залогај, од децата го издвоиле, сега на база на таква несреќа ние сега сакаме да правиме рејтинг.

Јас исто им припаѓам на една партија, мала е, но навистина ќе се борам никогаш такво нешто да не се случи. Не ни треба таков рејтинг со кој утре ќе ги разочараме сигурно токму тие што сега,ние на база на една измама правиме друга измама, дека ние тоа нема да го правиме. Мислам дека Македонија и македонскиот човек сега зборувам во целина има едно јако чувство за правда и за праведност и треба тоа чувство ние да го негуваме и како политички партии и во борба за власт. Затоа и таа борба не е непријателска, таа е конкуренција за подобри програми, за подобар живот на луѓето.

Тоа само сакава да го кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе,почитувани министри, почитуван гувернере, почитуван јавен обвинителе, претставник на Заводот за платен промет и почитувани дами и господа.

Јас го прифаќам ова последново што го кажа господинот Рамадани дека на маката и на гревовите на граѓаните не треба да градиме политички маркетинг и навистина не треба да настојуваме и можеби на никој од нас не му паѓа на памет да на тие нивни маки градиме некој политички рејтинг, но истовремено не треба да заборавиме дека наша одговорност ни е да укажеме на грешки што некој ги направил и да побараме одговорност од оној кој што тоа го направил. Тоа не политички маркетинг, туку тоа е наша одговорност овде како пратеници и должност кон тие бирачи кои што не бирале.

Проблемот за кој што овде денес расправаме го гледам од три аспекти.

Имено, првиот аспект е од аспект на оштетените граѓани и штедачи кои што во основа како и секој човек имаат една цел, враќање на нивните пари односно да им се врати она што го изгубиле. И, тука, никој барем досега не видов да се спротивстави на тоа, но гледам дека имаме некои различни пристапи, и приоди кон нивното враќање. Тоа ќе го зборувам на крајот.

Вториот аспект е она што јас го очекував денес и од вчерашната расправа по повод ова информација, навистина како пратеник покрај тоа за штедачите сметав дека Владата на РМ ќе му пристапи на еден подруг начин на овој проблем. Имено, јас сметав дека ќе добијам сознание и еден вид материјал од Владата за одразот на севкупниот финансиски и стопански систем во РМ кои што ќе го имаат аферите како што се случија од штедилниците и штедно - кредитните претпријатија во РМ.

Имено, само ќе го напоменам следново, на Комисијата за економска политика и развој кога расправавме за извештајот на Народна банка во 1996 година, за 1995 година, како и за финансискиот план за следнава година, од заменикот гувернер беше речено дека еден од столбовите на макроекономската политика во РМ е функционирањето на Народна та банка. И, сега нормално е, јас очекував дека Владата овде

пред нас ќе излезе со сите аспекти кои што ќе ги има врз макроекономската политика целокупниот овој проблем кој што се случуваше. Јас во оваа дискусија до ден денес не го слушнав ова. Имено, јас морам да кажам дека сакале или не да замижуваме или не тешко на оној што во иднина ќе ја претставува нашата држава и ќе преговара со меѓународните институции и ќе има ли лице да го објасни случајот со штедилниците во РМ.

Овде беше напоменато, ние на големи звона најавивме два милиони долари кои што ги добивме од донаторите. Но мисли ли некој дека нема да ме запраша нас односно одговорните, нема мене што да ме прашува, што направивте вие со вашите пари кои што се во државата. Тоа е вториот аспект кој што сметам дека требаше да го имаме овде.

И третиот аспект кој што сите го напоменуваме, но добро да ги прелистаме стенограмите овде кога зборуваме за изборот на новата 1 Влада, кога зборуваме за одговорност и отчетност на секој поединец, на секоја институција, за секој орган за кој што е надлежен парламентот Тогаш малку поинаку овде се дискутираше.

Ќе се обидам за сите овие три аспекти накратко да ги образложам. Ние мораме да бидеме сведоци, пред три дена овде расправавме за меѓуетничките односи и на крајот од својата дискусија реков дека граѓаните на РМ, поголемиот дел од граѓаните изгубија доверба во функционирањето на институциите на системот.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ: (**Продолжение)

И веднаш имаше реагирање, бев, едноставно, спречуван во тоа да се каже дека не е така. Но, навистина поголемиот број пратеници кои секојдневно се среќаваат со граѓаните во оној обичен живот што го имаме, за разлика од оние кои, заради свои обврски, тешко доаѓаат до мислењата на граѓаните во тоа се уверија. Јас му благодарам на г-динот Милчо Трајков што вчера во првата реченица од својата дискусија ја повтори истата констатација и вчера немаше реагирање како што имаше реагирање на мојата констатација, но на- вистина треба да се запрашаме за тоа дали и тоа ќе го поврзам со она што почитуваниот г-дин Чокревски го кажа дека не треба да ја губиме довербата. Верувајте луѓе, нека ни е јасно на сите, поголемиот број граѓаните ја изгубија довербата и поголемиот дел од граѓаните се прашуваат и овој цел калабалак како ќе заврши.

Имено, на битолчани ова не им е првпат, јас иако 1987-1988 година тогаш прилично млад, но како претставник на младинската организација бев во Собранието на општина Битола и тогаш имаше една актуелна тема која година ипол се вртеше и по весници и по сите информативни средства беше актуелен "зелениот план" во Битола. Тогаш бев остро нападнат кога реков дека "зелениот план" во Битола е спој на политичка моќ и искористување на банката во Битола. Слободно може да се види весникот "Млад Борец" од тоа време, имав изјави во весникот и изгледа сега повторно не сакам пред време да обвинувам, но изгледа повторно тоа ќе ни се повтори.

Очекувам од оваа седница денеска навистина уште во воведните излагања, а не по одредени неколку дискусии на пратениците па да се јави еден министер па да ни каже како тоа е вака, па повторно три-четворица пратеници ќе дискутираат, па повторно некој од министрите

се некоја нова информација ни носи. Што сметаше да го имавме на почетокот, па врз основа на тоа да можеме и ние аргументирано да дискутираме или подобро е ние да не бидеме информирани, па вие од време навреме ќе ни ускокнете, ќе ни кажете е овде грешите. Јас мислам дека тоа предизвикува кај мене еден сомнеж како пратеник во ова Собрание и дека таквиот начин не е потребен.

Очекував од оваа информација и од претставниците на Владата да кажат и нешто друго поврзаноста на штедилниците и прелевањето на општествениот капитал во приватни џебови.

Господа, мораме да се запрашаме и тоа добро проверете го, не е проблем само штедилницата ТАТ и останатите штедилници проверете ги. Како општествените претпријатија земаа кредити од штедилниците со висока камата за тоа ќе обезбедеа една хипотека и како намерно не се враќаа кредитите да дојде тоа општествено претпријатие или да изгуби дел од својот имот со тоа ќе му се намали неговата пресметковна вредност при приватизацијата или тој имот го отстапат на одредена штедилница. Тоа е еден длабок корен кој Владата навистина ќе мора да го проанализира и она што го велеше гувернерот дека клопчето ќе се одмота, ама клопчето кога ќе почен да се одмотува ќе видиме дека има многу, многу други работи кои се поврзани со ова дејство со штедилниците и со таа пробелматика кои катастрофално ни се одразија на севкупното стопанство во Република Македонија.

Овде имаше обид, барем јас така сфатив да се нападнат и пратениците и Парламентот дека директно гувернерот и Народната банка го бира Парламентот и Парламентот си е одговорен за тоа. Но, морам да кажам едно господа од Владата како министри, како професори нели ви зборуваа некои индиции кои требаше вие да ги посочите наместо еден пратеник кој вие велите дали е еден агроном, другиот со средно образование или не знам кој е, индиции кои се

случуваа со штедилниците вие како министри и професори дали не можевте да кажете дека пласманите на штедилниците се толку големи, а за тоа имаат некој основачки капитал или како што велат тие гарантен капитал кој ни од далеку не ни зборува за тоа дека може некој да има такви пласмани. Дали воопшто не беше тоа некоја индиција.

Понатаму, кога дискутираме за макроекономската политика на Република Македонија рековме дека каматната политика ќе биде еден од стожерите на макроекономската политика, па имавме извештај за постигнати договори од банките во Република Македонија со кои камати од прилика би се движеле каматните стапки на штедните влогови. Дали немаше индиција, зборуваме сега за сите штедилници, кога стимулативната камата беше 400-500 пати поголема од каматните стапки кои беа договорени на тие здруженија. Во склоп на ова, го поврзувам она што и секој сака посебно од министрите од Владата да каже дека одговорноста е на сосема друга страна. За сите овие работи кои ги наведов не чувствува ли некој морална обврска да каже дека е нарушен финансискиот систем, дека има проблеми во стопанскиот систем и за тоа треба да однесе оставка, а не дали бил директно или индиректно инволвиран во случаевите на штедилницата, туку напротив заради тоа што се виде дека не успеа да воспостави систем во државата кој ќе ни овозможи прогрес односно ќе ни овозможи напредок.

Уште еднаш ќе повторам кој ќе биде вашиот кредибилитет да преговарате сега со странските институции? Најмалку тоа го посакувам, најмалку имам желба да го изгубиме тој кредибилитет, но навистина тоа ќе ни се случи. Верувајте дека, барем јас така сметам, ако некој смета поинаку нека каже.

VIII/4.-

Што се однесува до Народната банка моето мислење е навистина ние како одделни комисии разгледувавме извештај на Народната банка, па ги разгледувавме финансиските планови. Овде сакам да потсетам само на еден извештај кој ние, морам да кажам и за себе како пратеник кога ќе ни дојдат извештаите од комисиите не ги читаме и разгледуваме. Комисијата за економска политика и развој расправајќи по Извештајот на Народната банка за 1995 година беше убедена, беше изнесено, ќе цитирам дека помеѓу другото како посебно поглавје обработено е супервизија на банките и штедилниците каде се третираат со супервизорските стандарди поставени од страна на Народната банка на Република Македонија спрема банките и штедилниците во Република Македонија кои во 19 9 5 година настојуваа според нив да го усогласат своето работење. Ова ни беше тогаш речено, а сега гледаме дека тоа не било направено. Дали значи тоа дека ние сме виновни како пратеници за тоа.

На крајот на истата седница заменикот гувернер како претставник на Народната банка на РМ изнесе една сугестија која исто така ќе ја цитирам вели дека во расправата од претставникот на Народната банка на РМ беше изнесена сугестија при расправа на годишниот извештај од Народната банка на РМ за 1995 година на седница на Собранието на Република Македонија воведно излагање да поднесе гувернерот на Народната банка на Република Македонија за главните домени од работењето на Народната банка на Република Македонија. Зошто до ден денеска тоа не е направено, навистина не знам, но тогаш имаше такво барање. Јас бев дециден и реков дека како сугестија од заменикот на гувернерот.

Во оваа прилика не сакам да зборувам за маките што ги имаат штедачите во сите овие штедилници бидејќи многу беше речено ништо нема да потпомогнам со тоа ако кажам дека им е навистина тешка

ситуацијата посебно им е тешка ситуацијата на оние иако некој се обидува да каже големи и мали вложувачи ништо не е помала ситуацијата на оние кои своите 12 плати како технолошки вишок ги вложиле во одредена штедилница и очекуваат дека од тоа ќе има четири ипол илјади денари камата и 4 илјади денари што ќе им даваат од Заедницата за вработување дека ќе го преживеат месецот. Ништо не е помала трагедијата и тешкотијата на оној земјоделец кој своите производи ги продал и очекува од ноември до март додека почнат земјоделските работи очекував дека ќе заработи одреден денар и сега се наоѓа во тешка состојба да не може да отпочне со своите работи. Ништо не е полесна состојбата ниту на оној кој бил во странство, па си дошол тука и ги вложил парите во штедилница. Затоа не би сакал околу тие ни-ни маки. Но, она што сега е најбитно за нас основното прашање оние штедачи што не гледаат на телевизија навистина можеби сакаат да видат која е одговорноста и кој е одговорниот. Но, нивното основно е дали ќе им се вратат парите? А ние денеска навистина во овој момент, барем до сега, јас не дојдов до некои сознанија дали ќе им се вратат парите.

Тука е проблематично и прашањето околу обесштетување и враќање на парите спрема мене. Јас морам да кажам дека моето залагање е следното:

- да се најдат парите и да им се вратат на луѓето, а за тоа има надлежни органи кои треба да ги најдат. Извинете, но некој се офајдил многу од тие штедилници, некој има големи богатства од тие штедилници е сега не може да ги враќа и оној сиромавиот и подеднакво да одговара со оној кој многу се офајдил од тие штедилници. Одговорност е на сите надлежни органи и институции да ги најдат парите и вратат на граѓаните. Јас не знам, бидејќи овде многу се заложија за обесштетување на граѓаните, не знам што подразбираат и би било подобро да го образложат тоа обесштетување. Ако тие мислат дека ќе ги обесштетат граѓаните со тоа што од одреден имот на штедилницата на пример да

не спомнувам било која подеднакво за сите дека еден кревет од некој угостителски објект што го има или едно биро од канцеларијата ќе им го дадат на граѓаните, тие навистина се во заблуда, туку сите треба да се заложиме на граѓаните да им се вратат парите и да се најдат сите виновници каде се прелиени парите. Тие пари, мораме овде да бидеме јасни, ако оној дел изостанува за тие ѕидани камати, но најголемиот износ на парите се тука во имот или некој ги изнел, како што имаше најразлични шпекулации, не сакам да навлегувам во тоа, но надлежните одговорни институции мора да кажат во најскоро време каде се парите и да им се вратат на граѓаните.

Вториот мој предлог, јас се согласувам со она што рекоа да потпишеме изјави сите пратеници дали сме штедачи на одредени штедилници. Еве г-динот Тантаров реагира, јас немам ништо против, но иако не гледам дека ќе има некој резултат, бидејќи немојте да ги окривуваме одреден пратеник ако штедел во одредена штедилница по оние услови, да не повторувам сега многумина ги рекоа, дека тој не направил никаков прекршок. Јас кажувам дека немам, па сега ќе рече некој лесно му е сега на овој да зборува затоа што нема да го критикуваат, но не треба во ист кош да ги ставаме сите личности.

Во склоп на она што сите се залагаме за одговорност и отчетност морам да кажам не само оние што штеделе, туку сите на посреден и непосреден начин се инволвирани во овој проблем. Затоа што има некои кои не се штедачи ќе биде должност на органите и институциите да кажат како посредно влијаеле на проблемот на штедилниците.

Третиот заклучок е дека за целокупната постапка, а до сега не сум убеден дека е така треба да има отвореност и јавност за сите чекори кои се преземаат. Во спротивно потоа повторно ќе речеме е, штедачите се изманипулирани. Ќе бидат изманипулирани ако од одговорните

институции јавно не се излезе во јавноста и кажат сите чекори што се преземаат, што е преземено до сега, дали е во согласност со законските норми. Г-динот Чокревски излезе и не е во ред сега повторно да го споменувам со оглед на тоа што не е тука, но да ви кажам меѓу граѓаните постои сомневање и за судските органи, и за внатрешните органи, па и во Нардоната банка. За да го нема тоа сомневање треба овде јавно да се излезе и сите да кажат за својата надлежност направено е тоа, тоа и тоа. Тогаш нема да се доведуваме во таква ситуација да имаме сомневање.

На крајот би рекол дека нема да кажам како сите дека ги поддржувам штедачите па да им се умилкувам, туку ќе кажам следното дека се додека сум во Парламентот ќе работам на откривање на целокупниот случај и да им се вратат парите на штедачите од штедилниците. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика има г-динот Тантаров, бидејќи беше спомнат.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас не знам пратениците до оваа страна на салата што се плашат од потпишување на таа изјава. Таа изјава ќе се потпише, нема мрдање, ако тие не сакаат да ја потпишат тоа е нивно право, нека не ја потпишуваат. Инаку јас не знам дали некои пратеници од СДС штеделе во ТАТ по поволни услови и се вклучени во тие криминални штедачки афери. Ако се вклучени сега со овие изјави господа ќе се изведат на лице место, нема што да се крие. Ќе излезе на лице место и она другото кој ги зеде тие заробени девизи, вчера реков дека тоа е уште поголем криминал од овој така што мислам дека нема потреба да се прават некои драми од таа изјава ако сакаат нека потпишат, ако не не.

VIII/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас се извинувам само накратко со оглед на тоа што се однесуваше репликата на мојата дискусија и се рече за пратениците од левата страна јас седам од таа лева страна и реков што се однесуваше на мојата дискусија јас реков дека воопшто не избегнувам да потпишам и ќе потпишам и ако сакате две и три изјави, проверете сите тие работи воопшто г-дине Тантаров не се плашам. Јас колку што знам ни еден пратеник од Либералната партија не рече дека нема да потпише изјава, туку ние сакаме да кажеме, барем јас така мислам, дека потпишувањето на изјава може да биде вакво и онакво па се рече дека 80% од документите во ТАТ се фалсификат, тоа го рече гувернерот. Ако сметате дека треба потпишување некој ќе направи фалсификат и во изјавата Сакам да укажам на тоа дека не е прашање дали со потпишувањето изјава или непотпишување. Напротив ние политички личности овде како членови на Парламентот нека се отворат нашите штедни влогови, јас немам ништо против, нека се отворат и нашите штедни влогови со оглед на тоа јавноста да знае за сите нас затоа што ние сме одговорни личности пред јавноста и за министри и за пратеници нека се отворат за сите и воопшто мислам дека во дискусијата не реков дека не сакам да потпишам, туку напротив реков од начинот кој треба да се спроведе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика има г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас мислам дека нема мрдање од потпишувањето на изјавите. Јас долго време барав господо пратеници и министри да го отвориме списокот за политичарите што си ги подигнаа своите девизни штедни влогови и од старите и од новите. И тука има сигурно некој меѓу нас.

Овој список мора да го знае цела македонска јавност и уште еднаш напоменувам дека подигањето на заробените девизни штедни влогови е поголем криминал од овој што денес го расправаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Арсовски процедурална интервенција.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека е некоректно од г.динот Тантаров да не дели од лева и од десна страна знаете.

IX/1.-НН/МЛ

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Мислам дека тоа е некоректно, дури и заради тоа што јас како пратеник овде во оваа собраниска сала можам да седам и на левата и на десната страна, во зависност од мојата одлука. Во таа смисла мислам дека е некоректно, бидејќи ние како пратеничка група на Социјалистичката партија остро реагираме на оваа изјава на господинот Тантаров.

Меѓутоа, Тантаров што предлага да ја потпишеме оваа изјава, ние ја немаме пред нас, која изјава да ја потпишеме. Дајте од Собранието, од техничката служба да ја поднесат таа изјава ние со две раце ќе ја потпишеме. Меѓутоа, дури предлагаме оваа изјава да се прошири на поширокото потесно семејство. Да влезе и тој дел. Да видиме дали од пратеникот, неговото потесно семејство исто така влегло во оваа ситуација. Во таа смисла ве молам Тантаров да не ги делиме пратениците од лева и од десна страна, бидејќи оваа навика прерасна, за овие шест години така се делеа. Дали сте вие од лева или од десна страна, иако секој на свој начин припаѓа на одредена пратеничка група и мислам дека коректно е да седам на било која страна, меѓутоа да си го спазам мојот авторитет на пратеник. Јас овде лично изјавувам кога сум на говорницата да искористам дека немам врска со штедилницата ТАТ, ниту некогаш сум имал шанса да штедам, бидејќи немам пари. Тоа е основно.

Второ, без да ја потпишам изјавата никогаш не сум бил во овие валкани игри што се прават во државата, во однос на едната или другата страна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, заклучивме изјава да дадеме, се разбира тој што е спремен да даде, да потпише, а не сите пратеници да се произнесуваме на говорницата дали сме или не сме за тоа.

IX/2.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас длабоко се извинувам ако социјалистите се најдоа увредени во ова, меѓутоа мојата интервенција беше на пратениците што реагираа кон оваа изјава. Господине Арсовски јас од вас не барав да потпишете изјава дека ќе штедиш ниту во ТАТ Куманово, ниту во ТАТ Битола. Барав да се потпишат изјави кој каде штедел во сите штедилници во Македонија, не само во ТАТ.

Друго, изјавата ќе биде и за потесното семејство, а вие подобро знаете кое е тоа потесно семејство.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Втор ден како расправаме за едно многу суптилно прашање, прашање кое го детерминира понатамошниот тек на живот на голем број граѓани. Според мене расправаме многу озбилно, многу одговорно, бидејќи со ова прашање не смееме ни да помислиме дека од оваа говорница ќе правиме политички маркетинг, бидејќи на тој начин си играме со судбината на голем број граѓани. Нема да зборувам за добиените информации од Народната банка, од Владата на Македонија во која фактографски се наброени сите решенија, сите документи потребни за работа на овие штедилници, а решенијата и она последно кое за мене е многу тешко, кое за мене е многу задоцнето решение за стопирање на работа на штедилниците, не само ТАТ, Алфа, Џамаданче и другите што ги имаме во информациите.

Прашувам, зошто дури сега, после неколку години на работа се случува ова? Се прашувам дали некој вака ја сваќа демократијата. Демократија која пред се подразбира слобода и права на секој граѓанин и во која граѓанинот е столб околу. кој се се одвива. Демократија која подразбира правна држава и пазарна економија, подразбира држава во

која е извршена поделбата на власт како што е извршена и кај нас, на законодавна, извршна, судска, а од понеодамна и локална. Демократија која почна и живее на овие наши простори, меѓутоа главниот генератор на развој на демократските односи во една правна држава, а тоа е одговорноста која е заедничка и за граѓанинот и за државата мора да кажам дека не функционира или се наоѓа на многу низок степен, па оттука мора да констатираме дека во државата ни се случуваат и овие работи што ги имаме со штедилниците. Мора јасно и гласно да кажеме дека власта преку своите институции кои ги формира и во кои учествува во управување преку разни управни одбори, именување на раководни и одговорни личности ја извршува својата функција во таа сфера за која ги формира овие институции и власта пред граѓаните на државата носи одговорност за состојбите во сферата која ги покрива нејзините институции почитувајќи го начелото да една власт во друга не смее да се наметне, да биде над неа затоа што тогаш доаѓа до гушење на развојот на демократските односи и доаѓа до она што многу го искажавме во минатите седници дека некоја власт се наметнува над друга.

Прашањето кое денес го расправаме бара одговор кој е одговорен за состојбите во монетарната сфера. Секое прозивање на друг, а не на оној кој треба се враќаме во некое поранешно време или одиме во состојба на барање на дежурен виновник бегајќи од лоцирање на одговорноста таму каде е зацртана со Уставот и со закон. Лоцирање и барање на одговорност на право место према мене е единствен пат во постигање на вистинската и саканата цел.

По прашањето за кое расправаме, на штедилници, јас го крстив измама на граѓани во една сфера. Измама на граѓани во монетарната сфера. Според Уставот, според законот одговорноста во монетарната сфера во Република Македонија е лоцирана во Народната банка

Македонија. Тука не можеме друго да направиме бидејќи таа Народна банка на Македонија е независна и самостојна, раководната функција ја бираме ние како Парламент, бираме совет на Народната банка, тој совет е независен, во тој совет седат многу познати граѓани на Македонија од сферата на економијата. Во Народната банка за да биде посамостојна, понезависна, покрај гувернерот на предлог на гувернерот избираме и заменик гувернер кој треба да биде стручен, да е стручно лице, кој мора и треба да има силни познавања од економијата. Такво лице е избрано и гувернерот има свој заменик, човек кој важи за добар познавач на економските, а пред се на банкарските системи кај нас. Неговото познавање и знаење најдобро го оживотворува да од ништо направи нешто. Да од нула марки земајќи позајмица направи некаде 900 илјади марки, по искажување на Народната банка. Формула, мора да кажам непозната во науката, меѓутоа формула позната во злоупотреба на функцијата. Користејќи ја функцијата на одговорен за супервизијата извонредно ја применил оваа формула во остварувањето на своите цели. Ја користел, на еден начин, да не кажам, да направам една дигресија, работел и волкот и овците да бидат на број, меѓутоа заборавил дека овците еднаш само се јагнат и кога ќе бидат изеден јагниња настануваат и овците. Според тоа, го видовме и тој крај и ја видовме таа пирамида која под закрил е направена. Моето прашање е пак каде е одговорноста? Кој е одговорен за оваа работа, кој бил надлежен да ја контролира работата на овој човек, на Комисијата за супревизија. Парламентот, Владата или институциите на Народна банка преку гувернерот, преку Советот на Народна банка. Не треба да кажувам на сите овде кои сте присутни ни е јасно дека контрола над работа на секој вработен ја врши надлежниот орган или директорот или гувернерот или Советот или Управниот одбор на дотичната институција. Според тоа и према мене јас ја дефинирам и лоцирам одговорноста за состојбите

дека се наоѓа во институциите на Народната банка. Не дефинираше на стварното место и не барање на одговорноста од правите чинители не ќе можеме да зборуваме дека градиме и дека ќе изградиме правна држава која ќе обезбеди сигурност на своите граѓани.

Ова што денес се случува во монетарната сфера не може да се покрие со некој друг и да тој друг ја сноси одговорноста. Поранешна Југославија за заробени девизи. Сеуште имаме прашања од тие штедачи кои поставуваат прашање, овој беше раководител на банка, јас внесов марки, марките се заробени, тој уште е раководител на таа банка. Одговорност немало. Сега мора да кажеме дека ова се случува во наша самостојна независна држава Македонија. Држава која ни издава дозволи за работа на банки, на штедилници, ја контролира работата на банките и штедилниците преку своите институции, преку Народната банка и на еден начин створила во граѓанството една сигурност граѓанинот да го вложи својот денар во штедење. Тука ја лоцирав и најголемата одговорност каде се наоѓа, меѓутоа мора да кажам дека не можеме само да кажеме тука е најголемата одговорност а другите да останеме настрана, почнувајќи од нас, од Парламентот, а пред се од Владата која директно или индиректно е задолжена за функционирањето на правната држава. Таа функција мора да ја остварува.

Кога спомнав зошто и во Парламентот се прашувам кој од нас во изминатите две ипол години, колку сме пратеници постави едно прашање за работа на таа штедилница иако во овој Парламент имаме извонредни економисти, имаме извонредни познавачи на банкарски систем, токму од дел каде делувала таа штедилница. Значи и ние не можеме да избегаме од оваа одговорност околу случувањата што се случија во последно време во Република Македонија.

IX/6.-

Ние сме одговорни пред граѓаните. Кога го спомнав прашањето граѓанин веднаш се поставува и прашањето на одговорност на граѓанинот. Каде е одговорноста на граѓанинот и кој го натерал да штеди во таа штедилница. Многу поставувани прашања денеска над просторите на Македонија. Точно, се согласувам со таа констатација дека граѓанинот исто така мора да сноси голема одговорност, но пред се граѓанин кој внесувал влогови со штедни камати надвор од сите нормативи кои важат во нашето друштво. И тука мора да кажам дека одговорноста не може да биде подеднаква за секој граѓанин. Ако навистина имаме граѓани кои штеделе со нормални камати и имаме граѓани кои штеделе со енормни камати, тогаш мора да направиме реска граница на тоа што е штедење а што е заленаштво. Тука мора да постои реска граница и мора да кажеме дека не можеме сите граѓани да ги ставиме во иста корпа на одговорност пред себе и пред нашава држава. Ако некој од законодавната, од извршната, од локалната од судската, кога зборувам за локалната мислам на поранешните претседатели, сегашни градоначалници штеделе во штедилницата не значи дека тие направиле прекршок. Јас не сум против штедење. Без штедење не можеме да опстанеме, но сум против илегално штедење и зеленашко штедење. Таквите во колку ги има сносат многу поголема одговорност, од две причини.

Ако во некој град штеди позната личност во една штедилница за другиот останат дел на граѓанството е доволно да рече дека овој е со власта, овој е во власта, оваа штедилница е сигурна и граѓанинот да го однесе и последниот денар.

X/1.-ЛП/0М

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Едни лесно се збогатуваат, бидејќи добиваат големи камати други имаат внесено влог за да можат да преживеат. Тоа мора да го направиме одговорно и мора да се знае кој штедел со име и презиме.

Кога пред малку реков дека сите имаме одговорност во случувањата што се случија од парламентот, Владата, банката и граѓанинот на крај, морам да кажам дека имаме и одговорност да изнајдеме решенија за оваа состојба, бидејќи за оваа состојба, бидејќи оваа состој- ба не му се случи на никој друг туку се слични на нашиот граѓанин, на граѓанин на Македонија и тука ја гледам одговорноста на секој поединеи овде, на сите власти , Владата, сите други, да преземат најсериозни мерки од страна на своите институции, институции на државата, штедачите кои не штеделе со намера на збогатување да им се гарантира враќање на влогот, на главниот влог, а на штедачи кои внеле 5 илјади марки, а заработиле 50 илјади марки мислам дека самите граѓани нема да бараат обесштетување, самите ќе сфатат што направиле. Но на овие другите мораме да изнајдеме начини. Дали тоа, како што постави некој прашање ќе се оди преку имотот,сигурно дека мора да се земат предвид сите можности кои постојат во државата и што побрзо на овие граѓани да им овозможиме враќање на главниот влог.

Сметам дека Народната банка треба до крај да ги расчисти сите работи од своја надлежност и што почесто, таа е должна со Устав, сега барам што почесто да имаме информации за состојбите што се случуваат во овие штедилници, меѓутоа и за состојбите што се случуваат во другите банки, бидејќи ние да извршиме санирање на банки ги сервисиравме долговите дали и таму нешто не се случува повторно со давање на кредити што пак оваа држава ќе ај доведе во состојба која не

треба. Значи, банката да направи, да ги истакне списоците и во одговорноста да бидат вклучени не само луѓе од Народна банка, Влада,Парламент, туку сите институции на Влада и тоа да биде, сега да кажам пак јас, пирамидално, од најмалите кои се во власта до највисоките, без да има пардон за никого, за да знаеме што и како ни се случува. Народната банка со ваквите дејствувања ќе предизвика повторно враќање на доверба на граѓанинот во институцијата штедење. Јас не можам да сфатам дека една држава може да опстане ако нема штедни влогови од своите граѓани. Каде ќе биде и на кој начин ќе биде развојот во стопанството, земјоделството и др., ако не направиме да го вратиме дигнитетот на банките немаме можност да ги добиеме тие штедни влогови и немаме можности да правиме развој на оваа наша држава.

Во вклучувањето реков да се вклучат и Заводот за платен промет, управите за приходи, инспекции и сите.

Овде сакам уште нешто да кажам. Мораме сите јавно да кажеме дека ќе се оградиме од секакви шпекулации и дезинформации. Во овој момент шпекулациите и дезинформациите се само уште поголема неволја на овој штедач, а не се политички маркетинг.

Кога сум тука, морам нешто да кажам и да ја завршам својата дискусија. Вчера во извештајот на Комисијата за финансирање и буџет добивме искажување на пратеникот Јаким Ивановски ми се чини во кое се изнесува во еден дел дека "Електростопанство" на Македонија вложило 27 милиони денари во "ТАТ". Тоа е констатација, тврдење, а потоа се прашува самиот дали тие пари се Пренесени во Осигурително друштво "ТАМ". Морам да Ви кажам дека бев изненаден. Многу години го знам работењето на "Електростопанство" и досега никогаш не сме

осигуреле ни едно средство надвор од ЗОИЛ Македонија. Јас бев изненаден, по- барав информација и од Јаким , го нема меѓутоа, побарав и официјал- ни информации и мислам дека денес добивте едно известување дека од страна на Јавното претпријатие "Електростопанство" нема никаков основачки влог во штедилница "ТАМ" ниту пак се основните средства на јавното претпријатие "Електростопанство" се осигурени во "ТАМ" штедилница. Морам да Ви кажам една работа. Па луѓе, можно ли е и една ваква дезинформација да дојде да се осигурат основни средства со вредност од милијарда и четрсто милиони долари, толку е РЕК "Битола", некаде, тука е Видимче, не е битна точната бројка. Како може милијарда и четрсто милиони долари да се осигураат во една штедилница "ТАМ". Да ве информирам дека и ЗОИЛ "Македонија" не може ова да го поднесе па имаме реосигурување во ЛОЈД. Ве молам, да престанеме со вакви дезинформации барем ние кои сносиме и носиме, покрај другата и политичка одговорност, а и кога се слуша нашиот збор меѓу граѓаните сигурно предизвикува потешки, посилни емоции и молам уште еднаш ако е тука пратеникот да излезе и да ја потврди или демантира оваа информација, со која на Јавното претпријатие "Електросптопанство" се фрла лага, огромна лага и се сака да се наштети на еден систем кој извонредно функционира во оваа наша држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Мешков, реплика.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,кога дојде ова писмо од "Електростопанство" видов дека брзо се реагирало и сега и од таму се предлага измена на Извештајот, кој што извештај, односно по заклучокот сеуште не сме гласале. Меѓутоа, еве веќе стигнал и во

"Електростопанство" извештајот и веќе од надвор ни предлагаат измена на извештајот.

Се согласувам дека вака како што е формулирано во Извештајот може да се сфати и во таа насока како што рече колегата пратеник Благоја. Меѓутоа, бидејќи јас ја водев седницата и во самиот Извештај во тој дел во кој што се напаѓа извештајот пишува дека пратеникот Јаким Ивановски го поставува прашањето дали тоа е така или не е така. Така и пишува во извештајот. Не вели дека тврди Јаким Ивановски, но тој рече , ако е тоа така , тогаш да се провери и во таа смисла во извештајот е напишано . еве, можете да проверите на страница 4 и 5.

Инаку и Вие го познавате пратеникот Јаким Ивановски. Тој е исклучително коректен човек, добар банкар и мислам дека сите негови дискусии и расправи на седницата на Комисијата оделе во прилог на темите и прашањата кои биле дискутирани на самата седница и во таа смисла сум сигурен дека немал некоја зла намера и не би требало ова да се оквалификува како дезинформација во права смисла, бидејќи дезинформација е ако тврдиш нешто, а не е така, а Јаким Ивановски гледате во извештајот го поставува прашањето дали е тоа така и ако е така, тој предлага што во таквата ситуација треба да се преземе и затоа јас мислам дека не би требало да му дадеме една таква конотација на дезинформација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Благој Стојаковски, реплика.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Потполно се согласувам со претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, меѓутоа, она што е напишано во извештајот е битно. Таму стои: "Воедно се поставува прашање како можело "Електро-

стопанство" да изврши осигурување во Осигурително друштво "ТАМ"". Тука е јасна реченицата и јасно е тврдењето, а другото прашање - воедно прашува дали е , ова го читам од вашиот извештај "дали е вистина дека примените средства од "Електростопанство" од страна на "ТАМ" се пренесени во "ТАТ" и кога оваа трансакција е извршена". Јас за ова не зборувам, зборувам за претходното тврдење.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

почитуван претседателе, дами и господа пратеници и господа од другите институции што ја покриваат оваа област за која што денес расправаме, мислам дека ние како пратеници исто како и граѓаните претпоставувам дека денес се наоѓаме притиснати меѓу гневното чувство дека претрпеле еден дел од граѓаните односно ова општество претрпува огромни штети односно огромна измама и чувството на солидарности со тие кои што се измамени и ограбени. Мислам дека на некој начин меѓу овие две чувства треба да ги бараме начините на решавање како на ова прашање со кое се соочуваме.

Сметам дека, поаѓајќи од тука треба да одговориме на неколку прашања кои што се битни за функционирањето ан државата и за иднината, сигурноста на институциите на системот во државата.

Имено, едно од главните прашања кое што се поставува овие денови и кое сметам дека има огромно значење за функционирање на институциите на системот е дали во Република Македонија постои организиран криминал или нема. Мислам дека на ова прашање треба да се обрне посебно внимание, имајќи го предвид фактот, доколку навистина

организиран криминал се востанови и постои во Република Македонија, многу брзо ќе бидеме соочени со несогледливи последици по самото функционирање на државата. Имено, организираниот криминал подразбира спрега меѓу носителите на власта, и тоа највисоките носители на власта и самите криминалци кои дејствуваат во секое општество. Доколку се дојде до сознание дека такви спреги навистина постоеле, сметам дека сите такви појави и сите носители на такви појави би требало да одговараат и да се спречи една таква појава која што мислам дека ќе биде погубна по иднината на државата.

Второ прашање кое сметам дека ние како пратеници во овој Парламент треба да го согледаме , а од извештаите што имавме прилика да ги прочитаме и да ги слушнеме произлегува , односно се однесува на тоа дали ние како пратеници, односно дали оваа сфера од работењето е покриена со соодветни закони кои не овозможуваат одвивање на криминални дејности, односно дали самите закони овозможуваат вршење на одредени активности кои понатаму добиваат вакви размери и димензии за кои сме сведоци во сегашно време.

Мислам дека од тоа што беше кажано со право може да се заклучи дека оваа област е доволно покриена со законска регулатива и дека целата работа односно комплетно проблемот се сведува на затајување на системот на контрола. Во оваа смисла, сметам дека треба да се бара и целата одговорност за сите тие кои требало да ја покријат оваа област и тоа, како инспекцијата така и органите на прогон и другите инструменти на државата кои што се должни да ја следат оваа област.

Инаку, што се однесува само до тоа кој е одговорен за сето тоа што се случува во доменот на штедењето, односно во доменот на

финансиското работеше во државата, сметам дека неминовно се наметнува прашањето кое сите имавме прилика да го слушнеме. Имено, и покрај забраните што се изрекувани на одреден број на штедилници или јавни претпријатија се покажува дека тие и понатаму работеле слободно, прибирале долгови и си ја вршеле слободно работата. Сметам дека во овој случај не може целата одговорност да се сведе само на Народната банка на Република Македонија, туку таа одговорност, сакал или не сакал да признае некој, мора да потпадне и на другите органи на државата кои ја покриваат оваа област.

Би сакал да напомнам уште едно прашање кое се однесува на улогата на парламентот во аферите кои настануваат од оваа природа. Сметам дека парламентот досега вака како што е поставен и од сега и натаму нема да може да се носи со овие проблеми кои доаѓаат пред нас. Сите овие проблеми со кои ние се соочуваме доаѓаат пред нас кога веќе никој не знае што да прави со нив. И тогаш, каде да ги однесеме - бам пред пратениците во парламентот и да видиме тие што ќе направат. Мислам дека ова е еден нечесен однос кон нас во парламентот и дека односот во овој парламент и на нас како пратеници и на Владата кон овој парламент треба да се смени.

Имено, сметам дека комисиите кои се занимаваат со ова прашање, а еве ние имаме прилика и покрај некои забелешки кои можат да се дадат на извештајот што е подготвен од Комисијата за финансирање и буџет, мислам дека е еден добар пример дека оваа собраниска комисија односно собраниските тела кога ќе им се даде вистинска можност можат да се носат многу одговорно со многу сериозни проблеми во државата.

Во иднина, сметам дека Собранието треба да се наметне преку контролата што ќе ја врши и над извршната и над секоја друга власт.

X/8.-

Имено, сметам дека на ова Собрание и на организацијата на власта во Република Македонија им недостасува токму тој супер, супер ревизиски орган во државата, орган кој ќе биде подреден на парламентот односно на еден орган од овој парламент.

Во оваа смисла, јас сериозно предлагам да се размисли и да се формира орган кој ќе биде надзор над сите надзори во државата. Во оваа смисла, сметам дека семе далеку од тоа што треба да биде улогата и поставеност ана парламентот во секоја држава, па и во нашата.

На крајот да кажам дека досега концептот на организацијата на власта е далеку од тоа што би требало да биде. Сметам дека на непотребен начин и на вештачки начин - јас тоа го кажав и при донесувањето ан законот за јавните претпријатија - се концентрира целата власт во Владата. Имено, и тогаш кога го донесувавме законот за јавните претпријатија Владата го избира управниот одбор, Владата го именува директорот, Владата го именува и надзорниот одбор. Сметам дека ова е погрешно решение. Целата оваа концентрација и контрола и вршењето ан работите на едно место, слично како што е сега во Народната банка, врши и супервизија и дава дозволи, сметам дека е недозволиво и мислам дека оваа функција треба да се разводни за да може во одредени случаи да упаднат и други органи кои ќе вршат супер визија односно ревизија и не знам што друго во одредени случаи во државата. Мислам дека најсериозно треба да се замислиме сите над ова како се спроведува особено контролата во целокупната сфера на општественото живеење.

XI/1 ПЈ/ПН

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (продолжение)

И на крајот, затоа сигурно е најтежок и најбитен проблем како да се излезе од оваа ситуација. Сметам дека ние како пратеници без да добиеме потполна слика и информации за тоа како се состојбите во сите овие штедилници, не може да придонесеме многу по однос на тоа што би требало да се преземе, но во секој случај сметам дека треба да се настојува максимално да се искористат тие средства кои што се затекнати во овие претпријатија и тие да не се дозволи никако да истечат некаде и државата впрочем тоа што понекогаш тука го слушаме дека државата на некој начин е амнестирана од тоа што случува со овие штедачи, мислам дека е некоректен однос и бегање на одговорност на државата кон појавите што се случуваат во државата. Сметам дека државата е токму таа институција која што граѓанинот кој што е наивен треба да го штити од тој граѓанин кој што е голем манипулант и махер, односно кој што знае како да се излаже. Сметам дека државата во овој смисол треба да покаже дека знае да ги штити граѓаните, дека нема да дозволи да ги излаже некој и дека ќе преземе и одговорноста за истите, со сите последици што произлегуваат и за сите нас како граѓани.

На крајот да заклучам, дека оваа цела афера нема да биде само на товар на штедачите, него и на сите граѓани во Републиката. Дали ќе бидат оптеретени преку фискалниот систем преку дополнителни даноци, но во секој случај да не мислиме дека овие афери кој што се случуваат се работи која ги тангира само штедачите кои се ограбени. Ова и те како ќе го осетиме сите ние заедно во наредниот период.

Благодарам.

XI/2

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани гости, почитувани колеги пратеници.

За жал очигледно ние пратениците од битолскиот регион ќе имаме шанса по втор пат да расправаме за катастрофи кои ја задесуваат Битола. Имено, расправавме во многу наврати за земјотресот кој ја зафати Битола пред повеќе од 2 години, за земјотресот кој татнеше низ Битола и кој донесе големи штети и сега расправаме за втора катастрофа која пак татни низ Битола и нанесе многу поголеми штети од земјотресот. Некој ќе се запраша каква е врската меѓу двете катастрофи. Јас ќе ви кажам директна и многу јасна.

Имено, и едната и другата катастрофа нанесоа големи штети во Битола. И во едната и во другата катастрофа на некој начин директно е поврзана и Владата, дали посредно или непосредно. Имено, со земјотресот сте сведоци дека Владата сеуште не ги има надмирено обврските спрема градот Битола, во она што го вети и во она што беше должна да го направи, а сега кога конечно знаеме татни жалосна вистина која се повеќе не може да се крие, дозволете ми да ја пренесам атмосферата и амбиентот на битолската чаршија и битолскиот крај. Велам дека не може повеќе да се крие, затоа што јас како пратеник кој доаѓа од Битола, ќе ви кажам дека во повеќе наврати во врска со ТАТ што би рекло, чаршијата говореше за сомнителни основи на ТАТ и за недозволени дејствија во ТАТ. Зборувањата како бран ќе се раширеа низ

Битола за да на крај сите ние битолчани ја видиме директорката на ТАТ во јавни настапи во друштва на видни личности од јавниот живот на РМ, да чуеме некоја пофална изјава за ТАТ или пофална оценка за ТАТ и зборувањата нас граѓаните се прикажуваа или се префрлуваа злонамерни не дај боже озборувања. За жал во понеделникот од устата на почитуваниот господин гувернер на НБ на Комисијата за финансирање и буџет слушнавме дека всушност работењето на ТАТ претставувало збир на фалсификати и лаги, значи се потврди народната поговорка. Ајде што зборува чаршијата. Незгодно е што погодува. Е сега, чаршијата зборувала и погодувала, односно луѓе кој во основа високо квалификувани, добро информирани погодија во своите таканаречени озборувања а од друга страна имаме државни институции кои се и те како оквалификувани, а богами и овластени да можат до дојдат до информации, а сепак, ниту зборувале ниту нешто конкретно преземале во изминатиот период. Овде слушнавме за случувања кој се протегаат во последните неколку години, и тоа дека во цел тек на работењето на ТАТ преставувало незаконски активности, кои во крајна линија довело до толкава голема штета во Битола. И сега наеднаш, сите повикани се јавуваат како душегрижници и сестрано го критикуваат и на паѓаат ваквото работење на ТАТ. За жал морам да ги потсетам. Тие душегрижници дека во нив, дека од нив, како луѓе кои се овластени да спроведуваат закони се бара само да ги спроведуваат законите и тоа благовремено, односно што е можно поскоро, а не после толку долго време, критички да се осврнуваат на тоа што се случило како сето тоа да биле некаде настрана, да не било покрај нив. За жал како многу пати, лошите работи секогаш се сирачиња, односно никој нив не ги сака, па така и надлежните институции само наивно констатираат за големи

фалсификати. Не дај боже со вакво размислување може да се дојде и до поголема катастрофа од оваа во Битола, да ги оштетат сите штедачи во Битола, затоа што штеделе во институција која работела незаконски. Жалам што со ваквото размислување, со ваквите оценки дека штедачите сами си ја сносат одговорноста аз штедењето, се нанесува несогледиви последици во однос на иднината на штедењето во Македонија, бидејќи ако ние од ова место го анатемисаме штедењето и го окарактеризираме како најнизок незаконски чин, што понатаму ќе очекуваме од граѓаните кои овде не гледаат.

Каде беше НБ, министерствата за финансии, Министерството за внатрешни работи, кои и те како беа повикани да сето ова го спречат. Кога велам Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии ќе потсетам дека покрај големите пропусти во банкарството, има огромни утајувања на пари кои беа наменети аз државната каса, а за која каса се надлежни директно за Министерството за финансии и МВР. Сите сме сведоци како Министерството за финансии на големи и на големи места по медиумите објавува како некаде успеале да добијат кредити кои кредити се многу по малце од овие средства кои сега ги изгубивме во таа банка. Значи, очигледно во моменти кога треба нешто да се популаризира, најдува начин да се популаризира дека ете нешто некој успешно работи. Но, сега, за жал, вистината ни наметна нешто што досега сакавме да го скриеме, но еве го тука е. Како реакција на случувањата во ТАТ се формираа веќе два одбори на штедачи, а за жал на оваа седница слушнав нагостување за уште еден одбор за штедење. Дали некој свесно и организирано работи на принципот на растурање на штедачите во помали групи со цел да се оствари поговорката "Радели па

владеј". Со таа намера јас ги повикувам сите одбори нас штедачи да најдат сили во себе да се обединат во своите размислувања, се со цел нивните интереси да се остварат. Ние како пратеници од Битола сме имале контакти со сите штедачи, независно на која групација припаѓаат. Морам да ви ги пренесам карактеристиките кои ги поврзуваат и едните и другите, и као независно настапуваат. А тоа е желбата за нивно обесштетување, што е многу нормална реакција, како и тоталното разочарување во банкарскиот систем и институциите на државата, односно во самата држава. Ова мене многу ми е тешко да го кажам, но за жал е сурова вистина. Не се ретки изјавите на штедачите во стилот, јас да ги земам парите па ќе ме видат уште еднаш. Ве молам дали е ова начин понатаму нашите граѓани да ги стимулираме да размислуваат за заедничко живеење во оваа држава и заедничко градење на оваа држава. Сега, согласно со желбите на штедачите за враќање на средствата кои ги изгубиле во штедилниците, што јас во принцип во целост го одобрувам и го подржувам, од нив ми беше речено дека премиерот на средбите меѓу нив со премиерот им ветил дека сите ќе бидат обесштетени, но за жал такво нешто од премиерот на денешната седница воопшто не слушнавме.

Дали даденото ветување од страна на премиерот е само купување на време со можност да се пролонгира револтот и да се омекне револтот на штедачите, кои се оштетени со сите финансиски афери во оваа држава. Ме интересира зошто премиерот со своите ветувања во тие ветувања не кажа дека прво ќе се залага за јасно расветлување на случувањата и бескомпромисноно санкционирање на одговорните без оглед на тоа во која позиција се наоѓаат и тоа дали потекнуваат односно дали се покренати и некакви конкретни  потези да ги каже, а после тоа да

ветува обесштетување на граѓаните. Ова го кажувам од следното: имаме два проблеми, оштетување на граѓаните и задоволување на правната држава. По мене, и едниот и другото се тешки проблеми, но проблемот на обезбедување на функционирање на правната држава и те како е многу побитен, многу позначаен за сите нас и без размислување јас би го поставил тоа на прво место, со цел понатаму да се изградат функциите на оваа држава и да им дадеме шанса на тие што после нас ќе бидат во овие клучи да можат помирно да ги водат политиките за развој на оваа држава. Бидејќи, да бидам искрен, како што кажав и порано чаршијата кажуваше за состојбите и погоди. Но, ние сите во Битола знаеме дека чаршијата зборува за активна вмешаност на луѓе кои се наоѓаат на одговорни функции во државава. Што мислите, дали овој пат кажувањата на чаршијата се блиску до вистината или не. Јас лично, а и Битола мисли дека чаршијата пак ќе погоди но дали ќе се има доблест тоа јавно да се објави и да се санкционира не знам, но чаршијата во Битола зборува, не.

Ова ќе го поткрепам со размислување кое потекнува пак од Битола, а тоа е дека г-ѓата Соња Николовска која е директор на ТАТ, која е моментално во притвор, преземени се соодветни санкции спрема законот, сеуште е советник во општина Битола, сеуште е на листата на СДСМ, сеуште СДСМ не најде сили во себе јавно да се огради од неа и сеуште не најде сили во себе партиски да поднесе оставка. Кога сите тие знаења и осознавања ги имаме во Битола во амбиентот во кој живееме, јасно е зошто чаршијата така мисли и зошто го кажува. Се надевам дека во ова последното чаршијата нема да биде во право и дека ќе бидат санкционирани кривците за сето ова. Јас тука само ќе се обидам малку

да прераскажам се надевам успешно еден исказ на еден член на Владата односно на министерот за образование која при донесувањето на последниот закон кој предизвика големи дискусии кај нас на оваа говорница искажа "таксата ги надмина законите". Дали тоа значи дека од правен аспект, јас не знам што тоа значи, пошто не сум правник, но си толкувам лаички, условно речено, дали тоа значи дека праксата ако се надмине и ги надмине законите и во овој случај ќе дозволиме инкриминисано однесување и пљачка низ државата. Бидејќи закони се закони, и не може праксата да ги надмине законите. Може само законот да се спроведува или да не се спроведува. И она толкување имало позитивни и негативни закони. Негативни никој не спомнува, туку само позитивни. Има законски прописи кои важат, кои се денес на важност и кој важат за сите и треба да се спроведуваат. За жал, досега во многу случаи тоа останала неизвршено како функција во државата и затоа е толкавата разочараност на граѓаните и толкавата недоверба во институциите на системот.

На крајот што имаме. Имаме оштетени штедачи чиј број е очигледно голем кога зборувам аз Битола, а ги има низ цела Македонија. Имаме оштетена држава за попристојна сума на име на давачки кои некои ги утаи во државата, чиј износ е сигурно многу голем. Што понатаму? Доколку се употреби принципот кој го ете така да го назначам "фрлање на ќебе" односно затајување ан криминалот, ќе имаме и 2 милиони оштетеки на РМ, бидејќи во основа се нарушува системот на опсотување на РМ со апсолутната недоверба на граѓаните кон функциите на системот. А со тоа ќе признаете штетите се несразменро потешки и поголеми.

Значи, јас се залагам, пред се, Владата да изнајде сили да ја понесе одговорноста за овие случувања во кои долго имаше пред себе ги имаше овие проблеми, но немаше храброст да застане на патот, да реагира соодветно, а се во функција на повраќање на довербата на граѓаните во оваа држава. Велам, ги имаше пред себе, бидејќи ЛП уште пред скоро 1 година побара на оваа тема да се расправа, на оваа тема да се размислува и уште повеќе со своето барање од 28 февруари оваа година конкретно побара, но за жал после еден и пол месец дојдовме во време да расправаме за нешто што веќе е свршено и што веќе се случило и кое за жал е многу тешко. Така, никој не може да каже дека не знаеле што се случува, а уште повеќе што законите не оставаат простор за незнаење,туку се остават простор само за барање и спроведување на законите.

Многу е тешко во овој момент да разговарам бидејќи сепак како сите нас не прати цела јавност, но сепак во Битола има фамилии оштетени многу, односно скоро и да нема фамилија која на овој или оној начин не е оштетена. Сите се на некој начин, дали преку блиски пријатели, роднини, на некој начин сите се поврзани и се наоѓаат во многу незгодна ситуација. Јас не би ги двоел штедачите по нивото на заштеди и слично, но би ги двоел по начинот на влегување во функција на штедач или квази штедач и оној збор што тука се слушна зеленаштво и слично, јас тоа не го нарекол зеленаштво, туку би го нарекол како чист криминал, бидејќи зеленаштво е ако јас на некој давам кредит и од него барам голема камата. А ако јас едноставно само земам пари од некого без ништо со тоа да завршам, тоа веќе не е зеленаштво, туку е

криминал. Така, штедачите во Битола, пред се, мораме да ги изедначиме на исто ниво, а да ги тргнеме настрана од нив сите оние што на некој начин инкриминисано се однесуваа односно или беа направени списоци за кредити, кои всушност не беа кредити, туку позајмица на пари или бе на тајни списоци за некои си званични штедења кои во принцип не се штедења, туку поклонувања на пари.

Се залагам за принципот на подеднакво третирање на сите штедачи кои едноставно влегле како обични граѓани кои штеделе во таа штедилница, независно од влогот кој тие го дале во таа штедилница.

На крајот дозволете ми да резимирам, очигледно во оваа проблематика која ете и самата дискусија која толку долго трае, кажува дека е сепак многу тешка и актуелна, јавно се експонирани одговорностите на НБ која за среќа јавно ја признава гувернерот и ја сноси таа одговорност, но јасно се дефинира и одговорноста на Владата, која за жал ја слушнавме само од устата само на еден премиер, јас тоа го сфаќам како негово лично размислување не како мислење на Владата. Со оглед на тоа, пошто ги имаме дефинирано одговорностите, се залагам на крајот на оваа седница да заклучиме одговорностите секој да си ги сноси онака како што досега ги спроведувал своите дејности, односно секој да си го земе својот дел од колачето.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави, министер за внатрешни работи.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, немам намера да полемизирам со некои ставови што се изнесени во последната и претходните дискусии, сакам

едно прашање вака да го дообјаснам овде, бидејќи ако не се објасни, ако се тргне по ставовите кои што се изнесени мислам ќе биде лошо. Без разлика што мислиме, на која партија припаѓаме, и како сакаме да се разреши овој проблем. Тоа прашање се однесува во врска со МВР и неговите надлежности. Сакам јасно да кажам дека по Уставот, по законите МВР има свои ингеренции, свои законски обврски, кои што ни малку не се такви ние како полиција сме присутни секаде во секоја појава и да ја пратиме секоја појава.

XII/1.- ДВ/ЉР

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:** (продолжение)

И не би станал јас да зборувам колку претходниот пратеник не ја спомнуваше често Либералната партија. Било страшно ако партиите, структурите, луѓето се застапуваат за една таква функција на Полицијата. Верувајте ако е така, тоа е полициска држава, значи ние сегде сме присутни, све пратиме, се знаеме а по таа логика веројатно ќе знаеме и зошто сега е покренато ова прашање баш во овој момент и ќе требаше да покренуваме по мое мислење и мислење на некој други постапки по таа работа. Тоа не оди така. Министерството за внатрешни работи барем јас како го ставам ќе застапува тогаш кога има основа дека има криминал, значи настапува отпосле.

Немојте да барате за Полицијата такви функции, такви улоги да и доделувате односно да ја критикувате за она, што она не може ни по Устав, ни по Закон да го прави. Ова сакав да го дообјаснам не во смисла да полимизираме, него да го дообјаснам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Нити мене ми е намера да влезам во полемика со било кого од министрите посебно со почитуван господин кој по некоја случајност е од истиот град, и немам таква намера, но морам да потсетам дека улогата на МВР не е само да ги гони извршителите на кривични дела, туку и да ги спречи во извршување на кривични дела и во тој контекст јас го кажав.

XII/2.-

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседатели, почитувани пратеници, почитувани министри во Владата на РМ почитуван Јавен обвинител на РМ почитуван гувернер на Народната банка на Македонија.

Точката која ни е на дневен ред, поготово последната Информација за мерките и активностите и Владата ги преземала или намерава да ги преземе за сите досегашни случаи на масовна измама и грабеж на граѓаните од форма на штедење.

Јас имам една скромна дискусија која, можеби, ќе придонеси за решавање на, и така многу сериозниот проблем не само за Владата, Парламентот туку и на другите институции кои се надлежни тоа да го расветлат до крај.

Прво, граѓаните не смеат да бидат понижени и измамени. Проблемот е многу голем, многу сложен, според тоа, со сета таа сериозност налага од страна на надлежните органи и институции да се разгледа и до крај да се расчистат огромните последици не само по ограбените штедачи, туку да се има предвид монетарниот систем во Државата и да не дојдат во прашања реформите на системот што Македонија ги започна.

Да бидам краток. Сите механизми во оваа афера ќе треба да одговараат. Не смее да се ослободи од санкција ниту еден, како што впрочем истакна на оваа говорница и претседателот на Република Киро Глигоров. Меѓутоа, сметам дека вина имаат самите штедачи кои треба да знаат каде ги вложуваат своите пари, бидејќи никаде во светот парите не се множат со геометриска прогресија. Тоа нешто може да се најде само во басните на Ездоп во кои наивно поверуваа и граѓани во една соседна држава. зат0а што нема закон кој ваквите наивни и лакоми не само во Македонија туку и пошироко.

XII/3.-

Владата треба да одговара само ако нејзините механизми не функционирале, особено надзорните служби. Исто така не може да се носи Владата одговорност поради поедини криминалци, поради поедини класификатори и ограбувачи. Пред таквите луѓе никаде во светот не паднаа ни Влади и покрај тоакога и таквите штедилници и таквите банки биле ограбувани, а не само банки и штедилници туку и други хартии од вредност.

Надлежните институции на Владата, поготово надзорната требаше навреме да ди информира граѓаните за сите злоупотреби и ризици што на одреден начин биле најавени. Доколку било навреме предупредувањето од гувернерот на Народна банка на Македонија дадена во дневните информативни весници, во Дневниот и во Нова Македонија тоа за мене е недоволен сигнал за состојбите во штедилниците и сериозноста на проблемите.

Владата на РМ на чело со премиерот Бранко Црвенковски, доколку се чисти, се надевам дека се чисти, тогаш до оваа позиција и уставните овластувања што ги има, имаат шанси до крај да ја расчистат аферата во поедини штедилници. Тоа е единствениот чесен начин да им се зацврсти довербата пред јавноста и пошироко. Се друго, доколку се потврди поинаку Владата на РМ ништо ен може да ја спаси од падот, дури и решетките за нејзините измешани членови.

Овој проблем кој е многу сериозен налага многу работи да се направат, с сета сериозност на проблемот за да не дојде до анархични состојби. Некои можеби делуваат, станаа радари само да се пружи една единствена анархична состојба, или пак шанса да го направат она што го наумиле.

XII/4.-

Надлежните органи и институции на државата се должни тоа да го осетат да го направат трајно објективно и да не паднат односно наседнат на некоја неочекувана политичка одлука, што може да биде погубно за сите нас. Тогаш падот е неминовен и тежок, со несогледливи последици со системот и реформите што РМ во иднина сака да ги направи. Доколку пирамидата не стане на својата основа, таа има една единствена можност, нас да не вовлече внатре.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувано Собрание, г-дин потретседателе, господо минситри, господин гувернер, директор на Заводот за платен промет, г-дин Јавен обвинител,

Македонија од секогаш важела за релативно сиромашна земја, но истовремено со една многу битна, позитивна особина на граѓаните,штедењето против тежа на сиромаштијата.

Штедењето е како генетска особина на Македонецот и одбранбен механизам и во најголемата сиромаштија и во најцрните денови да излезе со бел образование кои што не знае за оваа особина на македонците, во последните 6 години ни предвидуваа најповеќе 6 месеци живеење, заборавајќи на оваа витална особина на македонците. Дури постои една анегдота од поодамна "ако стишнис Македонец од него ќе излезе штедна книшка". Тоа е комплимент за нас. Кога ова го зборувам потенцирам, мислам на чесното штедење, продукт на трудот, потта, печалбата и скромниот живот, без привилегирани амммати За таквото чесно штедење на секоја држава и е потребно, а на Македонија во овој момент на развојот и на оваа криза најнеопходно. Затоа во овој момент на криза на моралот кај поединци, власници на штедилници и

некои повластени ,штедачи со пирамидни камати запретија да се продуцираат бројни социјални случаи и фамилијарни трагедии и нешто друго, сериозно да се загрози довербата на граѓаните кон категоријата штедење и да се уништи ова пламенито својство за штедење во Македонија. Значи довербата на банките штедилниците една од суштинските страни на проблемот,. Јас за тој момент сакам да заборувам

Граѓаните на Македонија, иако штедилниците се приватни институции, исто како банки, што ке се рече се продукт на НБМ а во НБ се гледа државата. Добро е што Владата, по систематизирањето на резултатите од супервизорската инспекција и истрагата ќе понуди закон за измамата спрема штедачите да ја претвори во доверба према државата. Таквиот закон се надевам, ќе биде поддржан од пратениците и Парламентот нема да ги изневери очекувањата на граѓаните.

За среќа на Стружани ТАТ немаше испостава во Струга Но во Струга и Охрид има бројни измамени и разочарани штедачи од Штедилницата Лавци која е под стечај. Судската процедура кога е во прашање Лавци оди недозволено споро, измамените штедачи до Струга и Охрид се организираат и тие се обраќаат до институциите на системот и до ова Собрание.

Оптимистички дејствува сознанието што хипотемата кај Лавци се чини дека е доста голема. Некои велат дека е дури повеќе од висината на долговите односно побарувањата на штедачите. Но, во оваа штедилница предомнинирало неискуството, велат, и наивноста во прифаќањето на дел на неквалитетни хипотеки по примерот, мажот ја заложува куката, ама половина на куката наследите жената или некој други населеници.

Сепак, од материјалите што ние пратениците ги добивам за оваа седница се гледа дека не е основан стравот на штедачите во Лавци и другите "штедилници, дека ќе бидат заборавени од чадот на оваа експлозија на ТАТ. Оваа расправа во собранието се однесува за сите измамени штедачи за сите пропаднати штедилници.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потрептседатеале, почитувани господа министри, дами и господа пратеници,

По се изгледа на оваа Влада и овие министри им било судено да решаваат за многубројни проблеми натрупувани и присутно поодамна и да биде обвинувана за истите работи, не секогаш по своја вина и влијание, битно за присутните девијантни појави.

Знаеме дека по осамостојувањето, во првиот состав на Парламентот на дневен ред на Парламентот дојдоа многубројни прашања за решавање. Владата и Парламентот беа исправени пред дилемата заробени девизи, за што тогаш беа организирани, ако и сега штрајкувачки одбори, протести, митинзи и на крај Владата и Парламентот предложија и донесоа, според мене закон издржан, праведлив во практика што подоцна го покажа како исправен.

Потоа на ред дојдоа загубарите. И тогаш сакајќи Владата да помогне, беше обвинувана. Меѓу тие загубари беше и фирмата во која јас работам.

Законот за загубари беше донесен, мислам за среќа за сите нас и се покажа да доста исправен. Повеќе од загубарите се трансформираа и се решени доста битни прашања од сопственичкиот технолошкиот и работниот карактер. Замислете што ќе се случеше ако тука Владата не интервенираше, а беше повеќе од непотребно обвинување.

XII/7.-

Деновиве на дневен ред се вклучувањата на банките и штедилниците така нареченото пирамидално штедење и измамени штедачи. Добро е што се стави на дневен ред и се реагира. Народот во негово име и во име на измамениот штедачи, не само оние од ТАТ и од другите банки и штедилници гледаат начин на решавање на своите проблеми , во власта и во институциите на системот.

Од сите случувања во сферата на штедењето преку банки и штедилници мислам дека Законот за гаранција на штедните влогови доцни и за што сме виновни и ние од Парламентот. Од една страна се лутиме дека Владата ни се наметнува, а од друга не сакаме да го сработиме тоа, да го одработиме својот дел како право и обврска во оптималниот или потребниот максимум,

За илустрација на тоа би рекол дека малку закони беа предложени од нас пратениците. Тие што беа предложени се донесени.

Во Законот за гаранција на штедните влогови и во другите закони од областа на банкарството и штедилниците посебно место треба да заземе механизмот за заштита од злоупотреба, методот и начините на перманентна контрола и се заедно кажано воспоставување на контролен и тоа превентивен механизам да не доаѓа до такви последици и случувања за кој денес овде расправаме и за кој со право јавноста, не само измамените штедачи, е загрижена и вознемирено.

Вчера од оваа говорница некој рече дека ТАТ не е предмет односно дека не треба да биде предмет на расправа на Владата и на Парламентот, со што не можам да се согласам. Ако не е на Владата и на Парламентот ако Владата и Парламентот ен се во функција на граѓаните, па каде тие да се обарат, да го искажат гневот и да ја бараат правдата.

XII/8.-

Таква ситуација каква што е кан сас денес во Државата, по однос на банките и штедилниците и најновите случувања во оваа област, мораме да се заложиме за донесување најрационално и најправедно решение, да останеме во одбрана на штедењето и штедачите. На нив сега треба да им се помогне. Во истовреме мораме да бараме истерување на правдата на виделина и за сите кои ониe кои се оогрешиле, кои ја злоупотребиле својата положба, без оглед на која функција се партиска или друга припадност, барам целосна одговорност по име и презиме и да им се суди ако треба и јавно, зошто, господа, ние сакаме и бараме и градиме правна држава.

Што се однесува до Народната банка и гувернерот, мислам дека гувернерот кого го ценам, не затоа што е од крај од каде што и јас потекнувам туку е стручњак во оваа област. Тој одговорноста за овие случувања самиот ја изнесе и мислам дека во рамките на таа негова одговорност и во рамките на моралните односи треба да ја си тера правата вистина, нештедејки и непотшедувајки никого.

За поднесената оставка сигурно ќе одлучи овој Парламент.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ**:(Продолжение)

Според мене не држи тезата по однос на штедачите во смисла на кој ги тераше таму да штедат, нека им е, добро им беше кога земаа висока камата и слично. Тоа сега најмалку е пожелно и потребно, и не само сега, нас, на државата Македонија мислам дека и те како и е потребно и пожелно штедењето на граѓаните, а обврска и должност е да се обезбеди во најголема можна мера сигурност и доверба.

Во оваа Влада и овој Парламент не чекаат и многу други битни закони и требаше побрзо сигурно да ги донесеме затоа што сите се важни.

Сакавме и сега сакаме нова држава со европска ориентација и устројство, а тоа преку ноќ, се разбира, не е можно. И во овие моменти и тоа најповеќе ни е потребна стрпливост, мудрост, поддржување до крај во реформската и европската ориентација, но и внатрешен мир и стабилност.

Благодарам.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Дами и господа, јас уште на почетокот сакам да кажам дека Македонија никој пат не била во потешка состојба отколку што се наоѓа сега, од ослободувањето па до ден денеска. Ние навлеговме во еден временски период, многу сложен, многу тежок, многу неизвесен. За да биде полн со изненадувања работите се одвиваат како на филмска лента. Ние не знаеме што носи денот, што носи ноќта. Безбедноста сигурноста на државата е доведена во прашање. Нејзиниот опстанок од аспект на поширока безбедност, од аспект на економските состојби, социјалните превирања политичките однесувања и тн.

XIII/2

Ние денеска доживуваме голем економски колапс. Фабрики во стечај и банкротство, опаднат стандард, многу невработени, иднината младите не ја гледаат, не им нудиме перспектива, загрижени се луѓето, исплашени се и уште ваквите афери една од ваквите афери тоа е доливање на масло на огинот.

Јас ве слушам и следам еве два дена. Зборувате за една состојба за штедењето и штедилниците, ама организмот е многу пошироко, подлабоко и повисоко оболен. Тој е зафатен со една болест која еве на некој начин се дијагностицира, но нема терапија. Се поставува прашање кој треба да ја погоди. Ние тука како Парламент, извршната власт или некој друг. Ако вака продолжиме и ја однесе ѓаволот работата. Ниту ќе ги обесштетиме оние кои се опљачкани, ниту ќе ги вработиме оние кои се невработени, ниту пак ќе обезбедиме доверба и поддршка во народот.

Не се само такви драматични состојбите во оваа област, такви негативни тенденции имаме веќе со години и тие ескалираат во сите области, во сите сфери на живеењето во целото општество. Зарем е помал злочинот што веќе четири-пет години царува во Македонија сивата економија. Сивата економија уништи прво општествената трговија, го обезвредни капиталот, објектите и тогаш се приватизираа во бесцена. Сивата економија уништи голем дел од индустријата. Зар не се запрашавте некој пат како тоа да таа трговија да се одвива 90% на улица каде што е доминантна стоката а која што се плаќаат високи даноци, акцизи и тн.

Тие проблеми одамна се присутни. Зошто сега сите одеднаш изненадени за една од аферите. Сите ја знаевте таа состојба. Ја знаевте затоа што еве да речеме тој "ТАТ" татнеше низ целава држава, телевизии, радија, весници, сигурно штедење, високи камати, навали народе. Додека тоа се одвиваше ние вакви афери во соседниве земји ги следевме. Во Југославија еден "Југоскандит" чие покровителство се знаеше чие беше, го опљачка народот за негде 400 милиони долари,

"Дафина" банка за нешто повеќе и ред други банки во таа земја. Зар некој не се запраша каква е возможна сигурност во една сега новоформирана штедилница која нема капитал, која е таа сигурност што може да се нуди. Зар некој не се запраша,добро ако некој нуди 20% камата, 15%, 10% и така натаму. Во што ќе ги вложи тие пари за да може да ја плати каматата. Југоскандит и Дафина банка се бавеа со многу профитабилни работи преку нив беше усмерена набавката и продажбата на нафтата, на бензинот и тн. па не успеаја тоа пирамидално штедење да го покријат.

Според тоа, денеска кога зборуваме дека не сме знаеле, сите знаевме, секој човек што малку резонува, што малку има смисол за пресметка и аналитика се му е јасно. Јас непрекинато во овој Парламент зборував за корупцијата, за криминалот, за митото, за шверцот, јас тоа не го зборев некого да го навредам, некого да нападнам, јас тоа го зборував како проблем во кој што влегува општеството к кој треба да се спречи. Јас тоа го почувствував уште во времето кога сеуште беше Владата на господин Кљусев, прекинав со одморот дојдов, и овде во овој Парламент многу од тие пратеници има денеска 45 минути зборував на опасностите во кои навлегуваме како мала држава, како држава која сега е суверена, да не ќе бидеме во состојба во едно друго време да го подесиме и расчистиме. Некако како на некој да им одговараше една ваква состојба. Како да се толерираше една ваква состојба. Требаше многу време да се средат работите со продажбата на нафтата, бензинот, горивото итн. Ама, еве многу време не се средија други такви однесувања.

Ми се чини ако се сака тоа може да се направи за 24 часа. Денеска тоа што е на улица, не можеме ние да бараме да го спречи тој милиционер таму што е дежурен, па ги изложуваме на непријатности, на судари со шверцери и тн. Тоа се спречува системски, на границата,

внатре во земјата. Се открива тоа за 24 часа. Според тоа, тука се кај нас проблемите. Тие се широки. И добро е што не ги отвораме веднаш ќе бидат страшни потреси. Ние сме земја со големи привилегии, со повластени луѓе. Ние сме земја во која што различно се гледа на економските субјекти во земјата. За тоа друг пат.

Ние не им дадовме можност на сите граѓани да ја имаат истата шанса во општеството за што досега бар десетина пати сум се залагал. Ни не ги создадовме условите на подеднакво стопанисување. Не може организираното производство кое мора да ги плати сите давачки, даноци, придонеси и тн. а да биде изложено со туѓо производство за кое што ништо не се плаќа ни царина,ни даноци ни акцизи ни ништо и тн. и се продава на улица. Затоа организираното производство опаѓа. И во неможност да ги подмири тие потреби а голем притисок од државата тоа да се плаќа, полека тоие, пропаѓа, стечаи, банкротства и тн.

Значи, дами и господа нас ни затаи правната држава. Јас многу одамна сум во овој Парламент. Ние живеевме јас би рекол во три системи. Еден тотално тоталитаристички, еден самоуправен и сега требаше да живееме во еден демократски систем. Тој тоталитаристичкиот го видовме како заврши. Тој самоуправниот беше еден голем скок напред, меѓутоа, заради нерешението во сверата на профитот и поради застој во демократ- ските односи и тој пропадна.

Кога го донесувавме Уставот се радував затоа што ќе навлеземе во еден систем кој ги покажа сите свои вредности над овие два система. Уставот, кој промовира, ние не го измисливме, го видовте тоа во тие системи, плурализам, пазарна економија, демократија, слобода и права. Ама демократија онаква каква што навистина се подразбира демократија почитување на законите на една држава, да се работи се она што е дозволено со законот и да не смее да се работи она што не с дозволено со законот. Другата алтернатива е хаос.

XIII/5

Ние кога ги донесувавме тие начела живеевме многу поубаво, имавме еден општествен стандард 1600 долари по човек, имавме високи лични доходи, имавме голема заслуга, народот што беше, имавме колку толку, бар тоа време, а потоа пукна, сигурен банкарски систем, имавме во тоа време и многу пари кај народо, народот оттогаш па до скоро стрпливо ги поднесуваше тие удари, живеејќи на тие штедни влогови, на тоа штедење што го правеше пред 40-50 години што зборуваше д-р Ковачевски, македонецот како човек е штедлив, меѓутоа гледате ли сето тоа се исцрпе На различни начини се извлекоа тие пари од луѓето и луѓето ги доведовме во тешка состојба. Според тоа ние не ги решаваме состојбите што ќе констатираме сега, тоа што се десило во штедилниците. Ние мораме да ги видиме каде се изворите и кои се причините да дојде до такви состојби. Причините се многу широки и многу јасни. Но, како прво, не функционирање на правната држава. Ако сакате да почнеме тука, од нас, од Парламеннтот. Не функционирање доволно и на Парламентот.

Ние се определивме за три власти, за три системи Парламент, извршна власт и судска власт. Не случајно тој закон го измисли повеќе партискиот систем, да има позиција и опозиција. Опозицијата да биде таа која ќе ја корегира позицијата, која ќе ги лови на грешки и овие да се плашат да ги прават тие грешки. Ние некако како во опозицијата се да гледаме непријатели. Од големи пријатели меѓу себе почнаа да не зборуваат. Почнаа да се караат. Вие гледате кога ќе стане некој од опозицијата и овде веднаш е на него уфрлување, дофрлување и тн. Не знам мене како ме третирате, јас негде сум средината, меѓутоа културата бара да се сослуша и тој другиот и неговото мислење. Да се цени неговиот став. Гледајте ние за овие две години од 1994 година наваму кои практично е контролор на Владата, кој практично има влијание врз работата на Парламентот и на Владата. Владата на Парламентот со

исклучок на неколку работи ние во Парламентот не можеме ништо да наметнеме и донесеме ако ме стои и зад тоа Владата. Сега се поставува прашањето, или многу јака влада, или Влада без грешки или ние ја обавуваме онаа, другата поданичка улога. Затоа не чини тоа ние како парламентарни групи да се составуваме и пред тоа заземеме цврсти ставови и покрај тоа што како пратеници не мислиме така и овде гласаме за такви работи.

Треба да го ослободиме својот ум од тој притисок од тоа влијание. Ние сме пратеници на избирачите и ние треба да ги штитиме нивните интереси. Нашата работа во Парламентот треба да ја контролира и коригира Уставниот суд затоа рековме третата власт е судството, а таа трета власт кога ја направивте судството стана тотално корумпирано да би преземале мерки да го стабилизираме, промениме, а знаете тоа како го правевме. Ние во судството имавме една одлука претпладне друга напладне донесена, трета попладне, можеби добро е што за овие две години од Министерството за правда излегоа многу решенија, многу прописи, многу закони и тн. и тоа е еден чекор кој го направивме напред

Владата мора да се контролира и напаѓа. Некој овде рече влада не треба да се напаѓа, Влада е за тоа да се напаѓа а таа е да се брани. Ама треба да се напаѓа со аргументи со здрави аргументи, а здравиот разум сега ќе ги прифати аргументите или ќе ги одбие и ќе излезе со докази дека тие не се такви. Па, тој што ја напаѓа неправилно тојј самиот останува посрамен, или доаѓа во една друга состојба. Кај нас не проработи односно не проработивме како граѓанска држава. Јас ја сфаќам таа како граѓанска држава во смисол граѓанинот како значен елемент не во смисла граѓанска држава каде што една буржуаска категорија на владеење овие правници тука тоа поарно го знаат, не проработивме како отворено друштво затоа што вистината се наметнува од една страна и со силата на авторитетот и на власта таа вистина сака

да се спроведе. Непроработивме како цивилно друштво. Немаме ние граѓанска иницијатива. Нашиот интелектуалец, ставен е некаде на страна, воопшто не организиран. Зошто е тоа, дали е исплашен, дали тоа го чини тешкиот стандард, дали е големата зависност од нас, од власта итн. и тоа е прашање за кое треба да одговориме.

XIV/1.- СП-ВБ

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:** (продолжение)

Тука, дами и господа лежат проблемите. Немојте да ја осудуваме Соња, таа погрешила, има судски институции и правда, ние сме овозможиле на многу Соњи вакво однесување и вакво работење. Спрема тоа, тука сега треба да ги најдеме решенијата, тука сега треба да се понудат оние решенија кои ќе не извлечат од оние тешки состојби. Ако оваа Влада тоа не може да го направи, а очигледно не може, јас уште порано предложив и сега предлагам не таа да паѓа, не да создаваме кризни ситуации, но реконструкција на Владата, да дојдат луѓе кои знаат тоа да го направат.

Исто така мислам дека ние, бидејќи се наоѓаме во една ваква тешка состојба, а тој што не ја сваќа како тешка, тоа е негов проблем, јас ја сфаќам како исклучително тешка. Ние мораме по битните прашања да постигнеме консензус во партиите. Ние мора да избегаме улична демократија, па гледате какви ни се состојбите неповолно се развиваат, штрајкови низ целата држава, демонстрации, митингувања, митинзи, најавување на нови собири. Ако таа работа не се доведе во некои нормални колосеци, па штрајковите со глад тоа може да предизвика големи и непријатни последици. Ние видовме што значи да се распаѓа еден систем и институциите на системот го видовме во Албанија, падна војската, полицијата во некои делови се одржа, во некои таа престана да дејствува. Престанаа да дејствуваат институциите на државата и безбедноста и се останато. И банкарскиот систем и се престанува, доаѓа до израз улицата. Гледате деца од 10,12 години носат по три четири калашникови и на албанската и требаат години и години да го собере тоа оружје, но Албанија е стара држава има традиција, ние сме нова држава еве 6 години како сме суверена и независна држава, 45 години бевме во една држава како Република, но ние сме во центарот на Балканот каде

сите околу нас како орли се ако можат да не поделат. Па тогаш која е таа ако сме свесни за тоа зошто тогаш не пријдеме енергично да ги разрешуваме овие работи. Па кој не е во состојба тоа да го направи, треба да се тргне. Овде треба да дојде интересот на земјата, на државата. Тие што не покажале резултати, тие со својата работа и со своето однесување кој придонеле за ваква состојба, тие мора да си одат. Еве, тоа е форма морална одговорност. Морална одговорност ајде и да не те чекаме заради морална одговорност сам поднеси си оставка од здравствени причини било како но оди од тука. Нека е и од социјалистичката партија, нека е и од Либерална партија, нека е и од СДС. Не можеме ние денеска јас гледам, а и вам ви е јасно ние како да сме адвокати. Лоцираме вина на едно местоваму се е чисто мед и масло. Како тоа? Ние сме дали држава, дали организирана институција дали сите овие работи сме одговорни по своите делови како се одвиваат.

Една е кривична одговорност и, еве плаќаме луѓе за тоа, судскиот дел, правосудниот дел нека си ја преземе, друга е моралната одговорност. Во моралната одговорност дури мислам дека и јас ја имам. Седам во овој Парламент, требаше поконкретно да кажам, но не можеш да кажеш ги нема системите на контрола.

Спрема тоа, дами и господа, многу време се измачивте седејќи овде. Уште еднаш да ви кажам и да завршам како што гледате не се работи за невини јагнија и не се волците осамени.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Стефановски.

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:**

Вака, морам да кажам дека сум незадоволен од сите овие случувања во последните денови и начинот како ја водевме оваа

дискусија, но тоа е мое интимно чувство, не е став на партија или нешто друго. Ќе кажам зошто. И се прашувам дали слабото помнење е наш национален белег или генетски недостаток на сите граѓани, а со тоа и на луѓето кои седиме овде.

Зошто јавно изречениот суд од оваа говорница кој може да биде потежок од било која осуда во службените текови, во судството, во полицијата и на други места, ги употребуваат некои луѓе кои заборават дека на истото ова место или некаде на друго место исто има некои институции кои сакаат да го зачуваат својот дигнитет додека не се покаже спротивното.

Митот на ТАТ не го градеа тие повластени штедачи, тие не ги знаеме денеска кои се освен кога ќе бидат отворени. Митот на ТАТ го градеа тие привилегирани камати на пензионери, студенти, стечајни работници и други ниски социјални структури. Извонредното чувство за маркетинг во градење на гробишта, цркви, помагање на институции и тоа е она што нас по сите искажувања ќе не наведе да разговараме и за некоја ТАТ да се посматра како социолошки проблем и да не подучува на некои работи.

Бидејќи од страна на пратеникот од Битола всушност на г-дин Видимче беше укажано дека ослушувањата, озборувањата на чаршијата стално биле прераскажувани како да не знаеме дека ТАТ почна 1992,1993 година, како тој истиот да не бил одборник во тоа време во Битола, како да не бил во четворното членство кое раководеше во еден период со Битола и како тие дослушкнвања од типот на Алекса Жуниќ од "Сомнително лице" беа само дофрлувани до СДС и тие се виновни, кога пред 2 месеци во декември дојдоа на власт заедно со градоначалникот и не го кажаа она што требаше да го кажат. Како да во последните месеци тие важечки структури на луѓе и видни граѓани се луѓето кои стојат зад

ТАТ, се шетале низ улиците на Битола. Тоа е тој социолошки проблем за кој треба да разговараме.

Мојата дефиниција, моето чувство не е да се јавувам и да зборувам за живи раби, ниту од тоа да се прават претстави, па било и политички. Од многумина па и од пошироката заедница, па и од Европската заедница доаѓаат да кажуваат приказни за Босна, за таа Југославија која беше наша татковина и не ги погодија. Направија обратен процес. Зошто е тоа така? И тоа е еден проблем кој треба да го анализираме. Дали не мислите дека овие мартовски демонстрации и тоа не е едно време на слабо помнење, па и историско и дали е март погоден за студентски демонстрации, за други случувања враќајќи се назад па еве и во нашата не така дамнешна татковина 19 68 година дали баш е исто поклопувањето на 27-ми со тој јавен повик, собир како го викате со Меѓународниот ден на театарот. Дали повторно не треба театарот да се случи на улица? Зошто јас не би ја направил таа паралела. Ние имавме крвав театар, политичкиот театар заврши со одиграната животна процесија во Букурешт, Магбет повеќе не може да прозвучи жестоко, Магбет заврши со тој жив театар на улиците на Букурешт. И Леди Магбет и Магбет. Значи, таа историја не опомена доволно и една нација која ги котираше вредностите, правите вредности на еден Париз, интелектуална нација она што г-динот Иванов говори за она што ние сме држава таа која сме, знаете ни се случуваа 1945-т ни се случи, добро го кажа Петре М. Андреевски во "Скакулци" дека ние мораме само да одиме напред и дека македонското оро е погрешно кореографирано никој не смее да рече дека еден чекор има назад само напред, па не е црно-бел филм ова што се случува во Македонија.

Па не е тоа дека нема влијание и нема падови и некакви црни петна во ова време. И не може никој да ни наметне некаква колективна одговорност затоа што сум член на СДСМ со тоа што не знам некои луѓе ако пророците или ослушкувањата на чаршијата сега некој се остварат во вистина. Кое е моето чувство на одговорност како пратеник на СДС, ве молам. Дајте да ги отвориме другите аспекти кои мора да дојдат само по она кога ќе го кажат овие органи во кои веруваме. Јас секогаш сакам да верувам во се. Јас почитуваниот гувернер вчера првпат го видов во животот и ми прозвучи, по мојата интуиција, како чесен човек. Таа негова одговорност е што им поверувал на луѓето околу него, а не на бројките и фактите за кои утре можеби и јас да се најдам како човек како книговодител во театарот или за доброто на театарот да не подигнам влогови од ТАТ за да театарот оди во Австралија. Не го направив, но јас ќе бев обвинет иако во таа Австралија се случи да дојде опозиција тоа откинато македонско ткиво со разни поделби кои уште се прават таму. Таму се убедени во тоа. Парите не се исплатени до денеска. Како се дојдени? Не се од ТАТ. Некако се снаоѓавме. Некои други ризикувале во своите организации да го помогнат тоа патување, Министерството уште нема пари да го плати тоа. Дајте да отвориме други аспекти, дајте да не именуваме некои луѓе, малку ги имаме, со тоа се согласувам. Некој говори и го спомнува претседателот на партијата Томе, кажува и не се прашува дали зад таа институција градоначалник стојат 20 иљади гласачи кои до овој момент ако тој се огрешил нека одговара. Меѓутоа, тие трансакции кои ги кажа се секогаш правени и јас како директор сум ги правел во интерес да се зачува производство, мислам производство во културни институции и секаде не само околу ова. Сега мафтаме со тоа и да кажеме колку ни е грижа за Битола. Немојте тоа. Ние судбините ги

XIV/6.-

имаме врзано за тоа, некаде ни се испреплетени. Јас никогаш не можам да се оттргнам од она што ми се случи во канцеларијата на претседателот на овој Парламент Андов. Бев на Комисија за култура на која предлагав да се ослободи од данок на промет она што е корисно. Сите во Комисијата беа против, Владата беше против, а претседателот Андов повика и кажа дека е тоа добро. Наеднаш преку ноќ и другарот Мешков и другарот Јаким ги променија размислувањата и оттаму јас ги гледам има доблести кај луѓето кои ќе застанат и кажуваат и стојат зад тоа. Има луѓе кои се променуваат. Може да е тоа партиска припадност, можеби е олеснителна околност, меѓутоа немојте сега да тврдиме дека ние стално кажуваме вака и го почитуваме словото на Законот. Ние стално го изигруваме словото на законот во позитивни работи кои ќе послужат за нешто добро.

Можеби се оттргнувам од оан што е главно денеска во овој разговор, но сакам да кажам, бидејќи овие совпаѓања не се случајни, а можеби се случајни тогаш е дел на некое повисоко нешто кое може да се нарече вака и онака. Меѓутоа, ете се совпаднаа овие работи кои се па дајте да го сочуваме дигнитетот и на нас како луѓе, како пратеници да не се обвинуваме, луѓето нека ја завршат работата таа што всушност само на нив им доликува да ја прават и после тоа да се повикуваме . Немојте да нагаѓаме тука за да утре да кажеме дека сме пророци, видовити, во нас имаме биоенергија и нешто друго што е многу интересно денеска и профитабилно. Ве молам, респектирам секој од вас, го респектирам нивното, меѓутоа, јас кажав и претходниот пат ние сме луѓе на кои може да им се случи, бидејќи во соседната Албанија никој немаше да покрене затоа што Бериша претседателот на Републиката не се совпаѓало со нивните размислувања, кога му се чепна во џебот покренаа лавини. Дали

XIV/7.-

случајно сакаат да се идентификуваат тие работи и да заличат како и таму инаку зошто би било така. Стварност е дека секој битолски граѓанин е повреден на овој или на оној начин. Дајте да оставиме релаксирано луѓето да ја завршат својата работа и да ни понудат решенија и врз основа на тие решенија да разговараме. Се ова што денеска го разговараме имаме два листа и ништо кажано за оваа работа. Мислам ништо, до тие податоци до каде стигнале. Другите не се евидентирани. Па дајте да не се срамиме едни од други . Уште сега ми навираат сеќавањата кога слушав минатиот Парламент за тоа што исто пак Томе го надоврза со РЕК Електростопанство. Преку РЕК Битола сакаше да се собори и да падне државата овде. Беше обвинет еден човек дека тој мост го подметнал тој пожар и го направил тој мост во соседното Косово и дека тој вибрира од говорници кои се и денеска присутни кои беа во анкетни комисии. Случајно тогаш Андонов беше член на нашата партија и ние за тоа јавно бевме подготвени да го каменуваме, да кажеме, беше кажано тука и јас на тој член кој го изрече од оваа говорница му кажав тоа е за мене исто почитуван Наум Симјановски му викам ти си млад човек немој по една - две или 10 години да се срамиш до она што си го кажал тука. Немаш право да се поигруваш. Вибрирал. Па тоа не можеш да го кажуваш , мислиш дека ќе падне на забот на времето? А не кажуваме денеска дека тој РЕК 80% ја заштитува нашата сигурност како граѓани и ред други работи

Со овој упат, со ова писмо што го кажа исто така почитуваниот Јаким зошто на пример РЕК како и Театарот своите лични доходи ги пласира во таа. Ако утре пропадне што сега, ќе бидам обвинет за таа работа или некој ќе ми рече сега не смееш затоа што тој припаѓа во друга партија. Дајте да ги надминеме тие работи и навистина ако е во интерес на граѓаните тие што се оштетени, а тоа е факт дека не може

тоа подрачје втор пат, тоа е подрачје од каде потекнува тој капитал за кое убаво пратеникот Стојче говореше таа карактеристика што е и таква е, тие штедни влогови од таму стигнуваат веројатно и со стимулативна камата оти никој не дава пари ако нема стимулативна камата. Меѓутоа, таа камата ја знаеше секој, таа беше ставена таму и јас на 25 октомври ставив од продажба на куќата на мојата жена со најрегуларна камата и зошто мене да ме стави некој на столбот на срамот. Јас сум во оштетените. Меѓутоа, не значи дека сега ќе тргнам и кај ТАМ на тие луѓе да им се светам на фамилијата, напротив, јас ги почитувам, го почитувам сопругот, доаѓаше кај мене и мене ми е криво за неговата трагедија, за судбината на еден човек , на нивните деца на нивната фамилија.

XV/1.-НН/МЛ

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Дали судбината на еден човек, на нивните деца, на нивната фамилија, и тие се наши, некој му дозволил на некој од немарност нешто ова се случило. Дајте да го санкционираме. Немојте да правиме некакви трагедии од национален интерес кои што никаде нема да не доведат.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Реплика бараше господинот Наум Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Го ценам излагањето на мојот почитуван колега, пратеник од Битола, знам дека му е струка, професија вербалното говорење, глума, режија итн. итн. Знам дека во функција на тоа е и неговиот физиолошки развој на памтењето како еден елемент од неговата струка, но навистина од некоја моја дискусија од оваа говорница, од прилика некаде околу 3,5-4 години да се интерпретира на таков начин, со таков квалитет и за еден глумец навистина е премногу. Добро би било прво да се прочита целата дискусија, да се види што и кога и како е обвинето па потоа да се прават одредени компарации со сегашниот случај на рушење на, критики на одредени личности во контекст на она што се случуваше тогаш.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Глумец е глумец, така се вели, само ако сака од овој Парламент театар да прави нема смисла. Тоа би значело дека не треба да дискутираме тука, треба да прифатиме закон веднаш, да го донесеме уште оваа вечер, се да ставиме таму, да обесштетиме и со сите камати што се давани, господине Стефановски дајте малку респект. Ние зборуваме со аргументи. Вие практично,тоа што јас го зборував вие сега

го потврдувате. Сега повикувате на оној морален чин јас да не прозивам, да не критикувам, тоа што го знае цела Битола, што го знае целата јавност, што го пишуваат весниците, го знае целата држава и сега јас да бидам виновен што во името точно на тие штедачи бараме да се исчистат работите па секој да понесе дел од својата одговорност, затоа што кажан е основниот проблем дека сите штедачи немале еднакви камати. Кога сите немале еднакви камати, кога сите би биле регуларни штедачи, тоа значи со штедни книшки, со камата, не да се потпишуваат договори во други простории, да се нема увид. Ние добивме податок дека од целокупниот промет, така да речам, на таа штедилница регуларно одело само 10 до 15 или 20%. Тоа била документација која била достапна на банката и на нејзините институции. Така барем беше речено. Тоа се основни работи за кои што мораме ние тука да разговараме.

За да дојдеме до таа морална одговорност јас се залагам, зборот кривична одговорност и не го употребив воопшто. Дури реков дека кривичната одговорност не држи додека не добие судска сатисфакција. Меѓутоа, да споменеме и тој може е инкриниран и ден денес неговата права вистина не се знае и не ја знае јавноста правата вистина. Те многу имаше пепел, имаше ова, имаше она, мостот падна. Јас само го вратив филмот да не бидеме утре несериозни. Ќе дојдат други луѓе, млади луѓе, записници има ќе не стават тука на срам дека сме биле неодговорни. Не можам господине Стефановски да поднесам подеднаква одговорност кога оваа страна...

(Покажува на десната страна од салата).

ги носи одлуките, ги гласа законите. Ваша Влада е таа. Извинете. Ние мора така да разговараме, политички. И јас сум ја гласал меѓутоа Владата е на СДСМ и не може јас да имам одговорност подеднакво како

сите затоа што сум најредовен во овој Парламент, немам отсуство, подготвен сум секогаш, професионален сум. Ве нема тука, сега се прибираме на една ваква тема. Едно време немавме ни кворум и сега ние сме загрижени, извинете не се сомневав дека сте толку пријатели. Ако сум знаел можеби немаше да го споменам, меѓутоа пред него и други биле претседатели за овие пет години од друга партија. Дејан Ристовски од Либерална партија е. Јас не го заштитив. Тоа ќе го каже истрагата. Ќе го каже чаршијата. Вие си ги знаете поубаво работите. Вие знаете кој штедел и како штедел и што направил од тоа штедење и под какви услови штедел. Јас напротив се залагам за објективизација на проблемот. За објективен при- од, а во објективниот приод сите рекоа дека секој мора да понесе дел од одговорноста. Која одговорност јас да ја понесам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Само ќе се сложите дека Владата е на сите граѓани на Република Македонија, независно кој ја бира.

Господинот Видимче бара реплика.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Жалам што морам под реплика да се појавам на говорница, не би сакал тоа да ми се случува, но коментирајќи го излагањето на ценетиот сограѓанин Стефановски морам да го потсетам дека очигледно со неговото сеќавање нешто не е во ред бидејќи...

(Реагирање на пратениците).

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам без такви лични навреди, повелете.

XV/4.-

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Бидејќи се повикуваше на сеќавањето, јас бев одборник во Собранието тогаш шест години, а не бев член на Претседателството, како што господинот Стефановски рече. Нашиот член беше починат а претседател во тоа време беше член на СДС. Во името на вистината треба да се каже.

Второ, морам да го потсетам дека тоа Собрание какво и да беше и кој и да беше таму воопшто не беше надлежен за ТАТ, како што и сегашното Собрание и Совет не е во надлежност на ТАТ.

Трето, во името на таа колективна одговорност која господинот сограѓанин не сака да опстојува како таква и се залага за секој да си ја сноси својата одговорност јас во тоа име и го кажав она што го мислев дека сеуште партијата СДС не се има оградено од госпоѓата Соња. Го кажав само заради тоа што во таа партија има сеуште луѓе кои ги ценам и за кои мислам дека со тоа немаат врска, немаат никакви контакти и во тоа име тоа го кажав, со најдобри на- мери и ми е криво што господинот сограѓанин грешно ме сфати. Токму во контекстот на неговото размислуваше го кажав истото дека не е пожелна колективна одговорност и е битно да се лоцира одговорноста. Кога веќе против некого е покрената конкретна судска постапка или истражна постапка веќе на некого е лоцирана одговорноста и не е поштено и не е добро да се носи таа одговорност колективно.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Најискрено со целата своја одговорност кажувам немојте, ова е ваша Влада. Ако така е, јас мислев дека јас сум министер и на Томе, Томислав, мојот имењак за кој кога ќе се видиме зборуваме од "кал да си Томислав да си " итн. Ве молам немојте да создаваме таква атмосфера не е фер. Јас сакам да бидам министер на овој систем на овој политички

систем, на оваа Влада, која ја критикуваме и нт. Ако почнеме да зборуваме дека јас сум министер на некој а на некој не сум тешко на тие на кои не сум министер, бидејќи имам моќ, а ќе почнам не знам како да правам. Немојте така. Не е добро. Ве молам, во името на правото, во името на мојата професија и на се друго. Немојте такво зло да внесуваме во Парламентот. Можеби немам право јас тоа да го зборувам како министер, да ви давам некои совети или слично но почитувајте ја мојата старост и моето искуство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине потпретседателе, господа министри, дами и господа. Ние овие два дена, скоро цел ден втор ден расправаме по оваа точка од Педесет и деветата седница. И од кога побаравме да имаме ваква на дневен ред на седница до денес, до сега, до овој момент јас постојано го имам чувството дека расправата по оваа точка сите нас во Парламентот и сите присутни овде и оние кои не се присутни, на кои се однесува оваа проблематика не става пред сериозна проба. Дали ние во оваа расправа навистина ќе го идентифицираме предметот што го расправаме. Дали навистина ќе фатиме што тоа ние расправаме и дали сопствената позиција ќе ја идентифицираме. Какви се нашите погледи, кои се нашите одговорности за та расправа и во целиот тој проблем кој настан. Ако направиме напор добро да ги поставиме работите ако нема ситни полициски шпекулации и ако емоциите не ни ги замаглат очите, ако се обидеме да видиме со што имаме работа тука и на кој начин на тоа може единствено да се пријде и како треба да се пријде, тогаш верувам дека оваа седница ќе биде многу корисна, ќе насочи многу работи, ќе ослободи доста енергија, ќе охрабри многу луѓе, ќе влее надеж дека

сепак нас не мора да ни се случи она што господинот Стефановски овде го вели, од овде го рече улицата да тура ред во државата, т.е. тој рече да децата носат по два калашникови и тн. и тн.

Ниту овој народ и овие граѓани заслужуваат таков развој на настаните ниту некој од нас посакува такво нешто, но не верувам дека посакувале такво нешто и заслужуваат тие граѓани тоа што им се случило. Пресудно е дали институциите, дали факторите, дали одговорните и надлежните го имаат тој доблест, таа храброст, таа бистрина на погледот да се ослободат од ситните, како што реков на почеток, политички калкулации и шпекулации и од емоциите и да ја фатат нишката како тоа може навистина да се расветли.

Ние, не е тоа маркетинг, ве молам, побаравме оваа точка да биде на дневен ред некаде на 28 јануари. Пред тоа некаде во март минатата година јасно рековме на нашата конференција со новинарите, дека во областа на штедењето и штедилниците се случува нешто многу незгодно и треба институциите тоа да го проверат, утврдат и средат. Да не дојде до големи неволји на граѓаните. Тоа го рековме на сигнали што почнаа да ни идат од Алфа-С од тогаш до јануар стално ги упатувавме штедачите, разни одбори кои ни доаѓаа на институциите на системот. Ги упатувавме во Министерството за внатрешни работи, во Министерството за финансии, во Владата, во обвинителството и им викавме тоа се легалните органи каде вие можете да си ги расправите работите и да ви се помогне. Доаѓаа, ни кажуваа, изразуваа големо незадоволство итн. итн. Едноставно не видовме друг излез, затоа што нарасна целото тоа. Па дојде и Македонија реклам. Баравме прашањето да се постави овде во Собранието. Тоа го баравме заради тоа што добивме едно чувство дека институциите затајуваат и дека се одвива грабеж во државата на граѓани. Грабежот е таков што некои се ограбени а некои се штедачи а

грабаат. Ние немаме инструменти, немаме институции како политичка партија или пратеничка група, немаме на кој друг начин тоа прашање да го отвориме, овде го отворивме.

Овде кога зборуваа нашите пратеници од Либералната партија вчера, мислам тоа не е фер што ни се префрла за некој маркетинг од клупите на Владата се дофрли "бре овие либералите како ванѓа, пред една година погодиле. Не е фер. Ние ги чувствувавме и насетувавме овие работи. Знаевме некои основни работи. Основни работи знаевме, знаевме дека во Македонија ако само неколку фирми работат со добивка нема место за пласмани со месечна камата од 10%, нека не е 2 0%. Нема место за тоа. Знаеме дека кај претседателот на Републиката 19 95 година е одржан состанок каде енергично се бараше да се направи договор, или како ќе се направи како банките ќе ги намалат каматите и ќе ги смират каматите. Тоа го читавме во весник. Од весник го знаеме. Знаеме дека банките направија договор за висината на каматите. Знаеме дека треба да бидат и сите други кои даваат позајмици и кредити потписници на тој договор Меѓутоа такви камати даваа штедилниците. Знаевме дека е тоа нереално и дека тоа мора да пропадне, тоа мора да пукне, затоа што таму мора да има и криминал. Но тоа ние што го знаевме го знаеја и граѓаните. И тие веројатно во почетокот не оделе така многу да штедат во тие штедилници, имале некои резерви но гледаат и претпоставуваат и дека Владата тоа го знае, па имаме министри кои стално велат дека се во дневна врска со Меѓународниот монетарен фонд, со Светска банка тие работи мора да ги знаат. Граѓаните не веруваат дека не ги знае Владата тие работи. Нив би им било срам да имаат Влада која тоа не го знае.

XVI/1.-Ј1П/0М

**СТОЈАН АНДОВ:(**Продолжение)

Тие мислат некоја тајна сила има тука, нешто се случува и има од некаде некој извор дополнителен и затоа влегуваат во тоа. Тоа е доверба што имале во Владата, што не интервенирала. Кога би помислиле дека Владата сето тоа не го знае, и граѓаните ќе помислат многу е опасна ситуацијата, зарем такви состојби да не знае Владата, зарем такви појави да не знае Владата? Не е тоа да знае, да речеме, дали тој и тој има таков и таков влог со толку и толку камата и т.н., туку појавата. Како е можно тоа воопшто. И затоа граѓаните веруваат дека тука има некоја тајна која ја знае Владата, механизмот работи, си оди, Владата ништо не вели, си оди убаво работата и луѓето, еден голем дел луѓе, да кажеме стечајни работници, изгубиле работа, им дале 12 плати и им велат, ако одите во "ТАТ" ќе имате добра камата, со овие 120 марки колку се од Заводот и таа камата на ова што го имате , Вие ќе проживеете сосема добро. Си велат, па тоа е некоја политика.

Од друга страна, Вие сега велите дека г-ѓата Николовска се јавувала како спонзор. Се јавува како спонзор, меѓутоа, г-динот Стефановски тоа и не мора да го знае, тој работи во сосема друга бранша и нему може тоа му изгледа вака и хумано и една наклонетост, една манифестација на разбираше, на култура и т.н. Но оние луѓе во Владата кои ги работат тие работи тие работи мора да ги знаат, се сомневаат тие од каде такви спонзорирања , од каде тие пари, како таа може да го дава и да го обезбедува. А наместо тоа, тие на сите свечености со неа, се поздравуваат, ја пофалуваат, се емитуваат тие снимки од телевизијата и граѓаните веруваат дека таа работа навистина тука е врзана со Владата, Владата стои зад таа работа.

XVI/2.-

Видете, сега да поминеме на институциите малку. Тие одеа по институциите. "ТАТ" - немавме многу контакти, во последно време само се јавија. Но овие другите одеа по институциите, но видете ги институциите сега. Еден факт е фрапантен. Г-динот гувернер - и немам зошто да не му верувам, и му верувам, ама тоа е состојба и заради тоа мора длабоко да се замислиме - вели дека н езнам колку порано е испратено писмо од директорот на супервизијата, во кое изразува големи сомневања во состојбите во "ТАТ", но го испратил преку заменикот гувернер и тоа писмо никако не стигнало до гувернерот. Верувам не стигнало. Но тоа што значи? Тоа значи дека во нашите институции не само што некој шеф на било кое ниво може да го запре тој претходниот, туку што и тој инспектор е покорен и не му ни текнува после да оди кај гувернерот, повисокиот, да го отвори тоа, па и да му каже. А така да кажам кастрирани институции, ако е тоа само еден пример, како ние мислиме воопшто да се справиме со организираниот криминал. Тоа е составен дел на организираниот криминал. Сега, замислете - јас тоа момче многу го почитувам, верувам способен е и се , ама да прикрие таков документ и да не даде, како да му веруваме , сега и ќе ја изеде целата анализа и целата операција натаму за "ТАТ".

Инаку, довербата во институциите е основа и таа треба да ја вратиме. Но таа е поколебана. Поколебана е ете со тој случај, поколебана е со случајот што директорот и надлежниот таму во Заводот за платен промет, без да праша, некоја сила зад него стои, во трезорот навлегува и со државни пари така интервенира на сметката на приватна штедилница. Ве молам, па тоа е организираниот криминал. Потоа,дали е така не знам, ќе ме обвини некој, но пишува во весник дека јавно претпријатие, не знам за што било, уплатило на сметката на "ТАТ". Тоа е

владино, тоа е владино претпријатие. И требаше да ни ги дадат тие уплати и исплати кои биле и како биле, дали е тоа точно или не е , ако не е точно да се демантира, но ако е точно тоа е владино претпријатие што уплатило таму. Тоа не го прави од инспирација некој таму. Некој стои зад него, некоја голема сила стои зад таа работа.

Се согласувам и со тоа дека треба еве и на нашето Министерство за внатрешни работи да веруваме. И треба. И сигурно е дека министерот или Владата е од да речеме од коалициона од некоја партија, ние имаме политичка Влада, но таа Влада е на Македонија, на Република Македонија, на сите мора да биде, не ќе правиме други Влади. таа е Владата и тие се министрите. таа мора да се однесува кон сите исто. Меѓутоа, и таму има заоставени работи. Случајот со "Хард Рок" во сред Скопје, беше разбиена , една дискотека. А Министерството не може да најде сведоци и нема процес, нема постапка, се украси се. Или беа украдени милион марки во Гевгелија и наеднаш некоја баба ги донела, под прозор ги нашла. Ве молам, па кој ќе верува тогаш на такви истражни органи. Тие работи мора да се расчистуваат.

Кога сите тие работи ги имаме предвид, граѓаните тогаш не гледаат како, затоа се тие говоркања, затоа се тие верзии, затоа е сето тоа. нема поуздање, зошто да го нема тоа, а тоа пак сега станува збор за нешто друго. Владата ги координира сите тие органи. Владата е во оваа земја и во секоја земја оној орган кој раководи со институциите што го спроведуваат законот. Таа е таа.

Сега, за правовремено некој работи да се видат и да се запрат, да не одат во овој правец како што тргнало сето, ние го застапуваме гледиштето дека за такви работи мора да се расправа во Парламентот и

ги покренуваме прашањата. Бараме информации да знаеме, без тоа нема расправа, без тоа ништо не можеш да направиш. Кога ќе побараш нешто да се разјасни, ти вели - а, тоа се агрономски тези Или, ти бараш едно началие, единство на системот на власта, што ни на памет не ти паднало! Значи, тоа се формите под кои се затскрива и се создава атмосфера на тотална неодговорност на државата и на недоверба.

Таквата состојба и таквиот тренд луѓето ги упатуваат на тоа да појдат по авантуристи и да одат преку улица да барат и правда и демократија. Тоа ги тера луѓето, а не некоимрачни сили. Не мрачни сили. Водач ќе се најде секогаш ако е таква состојбата. Ова е зошто ние сакаме во овој случај да се издржи. Затоа, кога станува збор за одговорноста, ние велиме и стоиме на стојалиште дека е одговорна Народната банка . Гувернер си има, нормално , банката е одговорна. Гувернерот си ја прифати одговорноста. Не се согласуваме со газење на луѓето. Не се согласуваме, може да има и криминално дело, и кривично дело. Осомничен е сега овој г-дин Неновски. Не се согласуваме ние овде да му одредуваме што е и како е. Тука суд си има за таа работа. Не се согласуваме да се дисквалификува некој само заради тоа што на некој осомничен за кривично дело му е да кажам тест,татко и не знам што. Не се согласуваме заради тоа што сакам во оваа земја да се придружам на оние, има такви луѓе што велат, треба да ги цениме сите работи, и доброто и лошото. На крајот на краиштата, ние зборуваме овде за пари, за ова за она. г-динот Станоевски беше гувернер кога ние прејдовме на наши пари. А премиер беше Кљусев. Има иљада работи со кои не се согласувал со Кљусев. Но не бива од оваа говорница да се прават такви монструозни оптужби дека монтира од натре во Народната банка човек кој треба да ја разори и да ја руши оваа Влада и така натака. Од оваа

говорница беа речени. Тоа не е убаво. Мораме многу да внимаваме.

Ова се прашањата за кои ние сакаме низ постапка на одговорност пред се на Владата и на Народната банка да се истераат работите на чисто.

Сега, каде е пречката и каде секој ќе се запраша, и каде доаѓа сега партиската линија и жица. Во овој Парламент мнозинство има СДСМ. Ако го испречи тоа мнозинство, да се истераат работите на крај и Владата да понесе одговорност за сета оваа работа, тогаш веќе тоа си добива чисто партиска конотација. Една партија застанува овие состојби од областа на организиран криминал - министерот за правда го нарече, а мислам дека тука не може да има спор, учествуваат и луѓе од институциите, и приватни луѓе и вовлечени се, оштетени се илјадници луѓе овде во Македонија. Ние немаме решение на тие прашања. Ако тргнеме од ова овде сега, ние ќе донесуваме закон да ги обесштетиме сите на кои ќе им биде нешто крадено. Тој приод од овде јавно од политичарите да се каже дека ќе бидете обесштетени, тоа е тој евтин политички маркетинг. На штедачите треба да им се каже и овде да се презема обврска, иначе Владата ќе си поднесе оставка, а г-динот Чокревски нема право кога вели, ако тој си оди другиот што ќе рече не ме интересира. Како тоа? Јас морам да Ви кажам, во расчистувањето на организираниот криминал во Италија се сменија многу Влади, аоргните си работат и токму така ја расчистија работата. А и некои партии пропаднаа заради тоа, беа многу силни, историски улоги имаа, ама се јавија во заштита на тоа и пропаднаа.

Затоа, мои апел е , институциите да си работат, евентуално да се повика некоја неутрална ревизорска куќа за да видиме каква е

вистинската состојба особено во "ТАТ". Владата да си понесе одговорност. Сите почести на сите што заслужиле. Така и си одиме, доаѓаме и си одиме , што да правиме сега, тоа е, јасно, никакви понижувања на луѓето. Тоа е лошо, или заканувања човек што нема кривично дело само заради тоа некоја работа му промафнала, морално е одговорен и политички е одговорен за тоа да биде тој пониско човечки и т.н., и закани да се упатуваат. Тоа е лоша работа. Тогаш ние ќе ги мотивираме тие да даваат до крај отпор да не можат да прифатат одговорност. Затоа тоа не е добро, треба да ги заштитиме, да се заштитат луѓето од такви линчови, тенденција на линчови. А јас морам да Ви кажам ако овој правец што ви го велам не го правиме, ако вака не направиме секој да си одговара за тоа што треба, а парламентот да оживее во оваа смисла, не парламентот да биде една непробојна брана преку која никој на Владата не може да и побара одговорност и тие можат сешто да прават, тогаш и најдобрите луѓе се што ќе прават и ќе заглават докрај. Со тоа лошо им мислиме и на нив. А тоа во овој парламент се случуваше и се случува уште, а сега сме на проба да видиме дали сега ќе се случи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас сум навистина при крајот на оваа расправа , па ќе се обидам и моите размислувања да ги сведам во одредени рамки.

пред овој парламент беше едно прашање и во однос на тоа дали треба да раскраваме во однос на оштетените, јас би рекол или како што

стои во информацијата ограбени штедачи. Јас сметам дека треба да расправаме и во рамките на својата надлежност и својот дел на размислување и разгледување, пред се во делот на информациите кои се презентирани пред овој парламент од страна на информацијата од Народната банка, чија надлежност е пред се во штедилниците и тоа "Алфа - С", штедилница "ТАТ" и штедилница "Лавци" и за делот во кој е информацијата од страна на Владата за претпријатијата кои биле регистрирани односно не биле регистрирани да обавуваа штетно кредитни или штедни работи. Мислам дека од тој аспект треба на оштетените штедачи да им ја презентираме вистината пред се до кој дел може нивниот дел од надлежност на парламентот може да му биде презентиран и во однос на одговорноста на субјектите која ја сносат за доведувањето ан таквата состојба.

Сметам дека во делот на излагањата од овој интерес, интерес на штедачите често беа употребувани од страна на опозицијата во парламентот одредени работи  - пратеникот Андов истакна одредени маркетиншки или на вчерашниот денот страна на пратеници од Социјал демократскиот сојуз на маркетиншки пораки. Сметам дека во интерес на вистината во однос на , пред се на, пратеникот Аце Коцевски кој вели дека 19 пратеници од СДСМ имале свои штедни влогови во "ТАТ". Сметам дека во тој дел не придонесуваме со својата расправа во делот на надминување и целта која е на парламентот.

Наша основна и најбитна цел е да ја утврдиме институционалната одговорност. Кои институции во овој дел се одговорни и најодговорни,а тука ќе се повикам на укажувањата на повеќе пратеници, особено на пратеникот Аце Коцевски кој кажа дека институционално е одговорна Народната банка која е задолжена во однос на стабилноста на банкарскиот систем. Тоа го кажа и самиот гувернер. Мислам дека во тој

дел и се вратил на едно друго прашање кое е битно и важно овде дали нормативниот дел во однос на спроведувањето на кредитната и монетарната политика е вред односно дали законите кои ја покриваат оваа област одговараат како што беше речено на времето и сегашниот момент. Јас би се повратил малку поназад во однос на вториот дел кој го покрива како претседател на ЗПК, по однос на позитивното законодавство и позитивните закони, пред се законот за Народната банка и Законот за банки и штедилници.

Мислам дека има пратеници од претходниот парламент, кои учествуваа во донесувањето на Законот за Народна банка. Законот за Народна банка е донесен 1992 година во ден Недела и Велигден и тоа по итна постапка. На тоа се сеќаваме многу добро, тоа беше момент на монетарно осамостојување на нашата држава и кога се донесуваше еден пакет за монетарното осамостојување.

Во оваа расправа и гувернерот кажа дека одредени членови - членовите ги знам пред се членовите 74, 73 и други членови, ги знам напамет. Во тој период кога го донесувавме Законот за Народната банка и кога го донесувавме и Уставот, во кој народната банка, еден од столбовите на нашиот економски систем која е самостојна и автономна бевме под еден притисок пред се на Топчидерската печатница, под притисок на упадот на Авдиќ во Народната банка, под притисок на висока инфлација и пред се она што значеше Југословенската Народна банка и пред се под притисок и сознанија на улогата на Народната банка, особено на примарната емисија во однос на кредитирањето.

XVII/1 ПЈ/ПН

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:** (Продолжение)

Под такви услови и овој Парламент, давајќи му целосна доверба на тогашната Влада и на тогашниот гувернер на НБ му даде една целосна автономност во донесувањето на тој закон. Сметам дека и тогаш и сега и никој не може да каже дека тој закон не е еден од законите кои гарантираат целосна автономност на централната банка, а тоа е НБ, пред се како емисиона банка и во делот на кредитните институции и особено во банкарскиот систем. Сметам дека во тој дел нема никаков проблем по однос на информативниот дел. И ако го разгледуваме самиот закон, во однос пред се, на делот кој е битен во овој дел овде, сега да не зборуваме за оние делови на контролата, ревизијата, супер визијата, мислам дека тој дел и во првиот момент, особено со неговото надлетување и во 1993 година на два пати е менуван и во 1996 година целосно го прилагодивме на институциите. Во тој дел и во првиот момент мислам дека, овде беше спомнато само од еден пратеник, беше зборувано и за гаранцијата на денарските депозити на граѓаните во самиот закон беше регулирано во однос на банките и во однос на штедилниците. Сметам во тој дел особено кога кажавме дека НБ гарантира за денарските депозити на граѓаните до 60 но не повеќе од 10 илјади марки и објаснето е понатаму што значи девизен депозит. Во тој дел ние не го објаснивме делот во однос на штедилниците односно законот зборува дека штедилниците треба да формираат свој фонд на осигурување во кој граѓаните односно штедилниците ќе бидат осигурени и ќе го носат својот ризик.

Во однос на натамошното разглабување на овој дел мислам кога е утврдена институционалната одговорност и би било интересноно овде

што беше најмногу покренато прашањето во делот на одговорноста меѓу НБ и Владата на РМ. Од овие причини за кои претходно говорев така е формулирана, поставена и лоцирана НБ према Владата на РМ. Владата плашејќи се од тие упади, од тоа мешање, од тоа диригирање во банките во поранешниот систем, кога има луѓе кои знаат дека банките беа само форма, а се креваа телефоните и се наведуваше каде да се делат кредитите формиравме таков правен систем. Во тој закон за НБ сметам дека се определени и одговорностите на главните носители за кредитно монетарната, па се и за банкарскиот систем.

Во законот за НБ, што беше и доста спорно, се два битни односно единствени органи се 2, тоа е гувернерот и советот на НБ. Гувернерот се претставува НБ и е одговорен, а многу битен дел е и Советот на НБ како орган одговорен пред Парламентот односно преку гувернерот ја креира целокупната политика во НБ и во кредитно - монетарната политика. За да го потврдам односот кој владееше, иако овде беше доста поставувано во однос на тој дел битен и што е спорен во однос на институционалната одговорност многу пратеници се среќаваат во овој Парламент кога НБ како предлагач се појавуваше во однос на одлуката за девизна политика во Парламентот таа беше во првиот период предложена од страна на Владата како предлагач. Овој Парламент постапувајќи од уставната положба на НБ го врати тој предлог и кажа дека НБ односно Владата не може да биде предлагач на документи од НБ: Сметам дека или се сеќавам добро и мислам дека тогаш се јавија пратеници кои ја потпишаа одлуката за девизна политика како предлагачи согласно Уставот на РМ во кој предлагачи се јавуваа Владата, пратеници или 10 илјади граѓани. Тоа е оној соодност на институционалната одговорност и односите на

разделување на меѓународната банка и Владата. Владата согласно законот за НБ може во своето работеше што ја носи во тој дел одговорноста, доколку утврди што зборуваа и одредени пратеници дека има одредени аномалии да побара НБ да изврши контрола на одредени финансиски институции и да ги преземе потребните мерки. И уште една додирна точка мислам има во однос на делот на НБ и Владата, а тоа е дека два пати годишно НБ поднесува извештај. Сметам дека делот во кој одредени пратеници предлагаат иновирање на законодавниот дел е еден од, не би рекол најдобрите подобрите системи во банкарската сфера, која ја граѓаните односно ја гарантираше непречено одвивање на и функционирање на банките и штедилниците. Гувернерот кажа во кој дел е субјективната одговорност, но како одговорност сигурно тоа е делот на НБ која овде не беше кажано, НБ и од овој Парламент и како посебна институција во сите делови беше третирана со посебното почитување и должност, што би не било на одмет да се каже и во однос на систематизации, во однос на личните доходи и сл., во однос на органите на управата. Сметам дека во тој дел е чиста состојбата на институционалната одговорност во делот на субјектите, кои се битни, бидејќи повеќе пати беа повторувани одредени допирни точки и делот на одредени пратеници, кои овде сакаат од овој Парламент, наведувајќи го тој дел на одговорност и предлагајќи кон крајната цел да се дојде до измена и  дополна на заклучоците на Комисијата за финансирање и буџет во однос на лоцирање на институционалната одговорност на Владата на РМ, а не во оној дел за кој се зборуваше и за одредена одговорност на одредена уставна положба и третирајќи ги членовите од Уставот на РМ, особено пратеникот Аце Коцевски, тоа е членот 83 и 81 и други членови во однос на одговорноста на Владата а не цитирајќи го

членот за НБ. Мислам дека, иако беше доста кажано, ова е делот на поставеноста, правната поставеност на финансиските организации во РМ.

На крајот би сакал да кажам оној дел што е најважен за кои сите овде доста дискутиравме и која е крајната цел врз основа на документацијата која ја имаме пред се на оние 2 дела како во судбината на сите овие штедачи има свои животни приказни секоја животна приказна посебна, но посебна животна приказна е и во однос на кредитните партии, по однос на орочување, рочност, камати за што се зборуваше овде.

Кој е правецот на нивното гледање и влегување во однос на обесштетувањето на граѓаните, пред с§ гувернерот кажа каква е состојбата со штедилницата Алфа С, со штедилницата лавци и би било добро тоа ако имаме една координираност меѓу сите органи и сигурно радува и пред овој Парламент дека штедилницата Лавци имала одредена добивка.

Мораме јасно и гласно да им кажеме на штедачите дека први кои што ќе ја сносат одговорноста се оние лица кои мимо законската регулатива или со пропуст, или одобрение на надлежните служби во НБ и другите надлежни органи се обиделе да ги ограбат штедачите на кои им верувале. Значи, главен и основен мотив е законската постапка на стечај на претпријатијата, пред се тоа е на банките, пред санационата, санационата и стечајната постапка, а истото важи и за оние претпријатија кои не потпаѓаат под удар на НБм, а тоа е претпријатијата Македонија реклам, Џамаданче, а во последно време што можам да кажам и вие сте од местото кое го претставувам и во Ресен приватно претпријатие Ламброс.

Сметам дека во тој дел шедачите тука ќе го бараме главниот излез на стечајната маса и нивното обесштетување, а притоа врз основа на анализите, пред се, особено на оној големиот случај кој е ТАТ, би можеле да се предложат одредени мерки или преземање на одредени акции во однос на натамошното делување на НБ и излегување во односно со одреден правен акт со кој би можеле да бидат оштетени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, во врска со изјавите за кои се договоривме донесовме заклучок овде имаше различни интерпретации, настојувавме да бидат и израз на сугестиите на пратениците кои што учествува во расправата во врска со изјавата, Тие пратеници што имаат сугестија уште некоја, би било добро да укажат, а другите што се подготвени да ја потпишат да ја потпишат и да ја достават изјавата овде и во случај на потреба тогаш ќе се стави на располагање на надлежните органи кои што бараат ослободување од забраната законска да се отворат штедните влогови на граѓаните. Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За да нема нејаснотии предлагам во текстот да се набележат сите овие штедилници и претпријатија каде што се договарале шпекулативни камати. Да не биде утре проблеми, не знае пратеник или било кој што бил за некоја организација и да потоа излезе дека дал погрешна изјава. Мислам дека е добро сите овие за кои, што веќе имаме поднесено кривични пријави....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Можеби ќе има и други но овде е за сите за кои се поднесени кривични пријави и кои се под удар на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Би било добро претседателе, мислам би била чиста работа. Инаку, јас потпишувам, нема проблем...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, би испуштиле некои ако ги набројуваме, некои можеби ќе испуштиме.

Одиме натаму. Има збор министерот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дин претседател, почитувани господа пратеници, еве веќе два дена расправаме за една сериозна тема, за еден тежок проблем. Јас активно ја следев дискусијата, ја следев многу концентрирано целата расправа и во ниту еден момент не добив впечаток дека некои сака да бега од одговорноста или дека како што овде беше неколку пати потенцирано Владата сака да ја минимизира својата одговорност. За одговорноста на Владата впрочем говореше вчера г-динот Владо Поповски, министерот за правда исто така на два пати говореше и потпретседателот на Владата г-динот Љубе Трпески премиерот и јас кои ја најави таа работа. Беше соопштено во јавноста првата седница од кога се случи аферата ТАТ, сите министри, заменици министри потпишаа изјави. Тоа го направивме и во министерствата тие што се поблиску, барем што се поблиску , барем со некакви компетенции

до штедилницата итн. Меѓутоа, исто така една работа е факт. Ние мораме јасно ако веќе бараме одговорност д аги разграничиме и компетенциите од овде меѓу надлежните институции. Мислам дека таа работа исто така овде успешно во голема мера беше изедена. Говореше на таа тема г-динот Мешков, говореше на таа тема Владо, говореше на таа тема сега г-динот Гештаковски и тн. Јас сакам да кажам дека тука на тој план гледам два многу значајни аспекти. Едниот аспект е формално правниот аспект на разграничување на компетенциите тој не е небитен и во голема мера тој е направен. Дури и самиот гувернер говореше за тие работи. Но, јас сакам сите вас да ве потсетам, а тоа добро го памтам јас тогаш дојдов за министер, јас ги бранев овие закони овде пред Парламентот. Најновите измени што се случија во 19 96 година и тие пречистени текстови сега се во сила. Јас, да ве потсетам реков дека станува збор за извонредно модерни закони и тие пречистени текстови сега се во сила. Јас да ве потсетам дека станува збор за извонредно модерни закони кои што по сите стандарди се блиски до светските искуства. Меѓутоа, исто така, сакам да ве потсетам, а и многу други дискутанти тоа го спомнаа јас кога дојдов како министер затекнав една ситуација така да кажам слободно на препукување меѓу министерството за финансии и НБ дали да се вклучат определени компетенции поголеми нас Министерството за финансии, Владата врзани за монетарната власт, за НБ и сл.

Поаѓајќи од фактот дека НБ е централна банка дека таа врши емисија на пари, дека кредитира дополнителна кредитна моќ и дека во секоја современа пазарна економија мора да биде независна автономна,

јас како човек, економист веднаш тоа го прифатив и реков дека треба да биде вака како што предлага НБ. и така тоа се случи.

Исто така, не треба да заборавиме почитувани пратеници, дека тогаш по прв пат во третиот член е доставен вториот став каде што се проширувaaт компетенциите на НБ, па се вели дека таа е комплетно одговорна и за стабилноста на банкарскиот систем ан земјата. По прв пат е тоа во законот 1996 год. Добро, формално правниот аспект, да ви споменам уште една работа овде беше неколку опати споменувана, меѓутоа, јас и ќе ви прочитам нешто, а тоа се компетенциите што ги има советот на НБ, особено врзано за ова што ние дискутираме деновиве. Тоа е член 63 каде што меѓу другото се вели Советот на НБ на Македонија одлучува за пареди тука има 32 точки,. ама нешто ќе прочитам. "Утврдување на видовите и висината на гарантниот рок на банките и штедилниците". Утврдување на основиците и висината на задолжителната резерва на банките и штедилниците и утврдување на начинот, условите и роковите за пресметување и издвојување на задолжителната резерва. Пропишување на висината и начинот на формирање на последната резерва. Пропишување на поблиските услови и начинот на вршење контрола, видот роковите, редоследот, постапката, за преземање на мерки на банките и штедилниците. Утврдување на правилата и стандардите на супервизорската контрола. пропишување на минимум на обемот, формата и содржината на програмата за економско финансиска ревизија итн." Тоа се многу јасни компетенции и разграничувања. Сега, не можам јас да прифатам одделни Владата или министерството за финансии се одговорни за работи кои што по законот не припаѓаат.

Посебно сакам да кажам, а никој тоа не го кажа, меѓутоа, мислам дека е многу битно, ова прашање аз разграничување на компетенциите има и суштински карактер. А тој суштински карактер е во следното. Јас го поставувам прашањето дали може на пример управата за јавни приходи да врши супер визија на работење на банките., Пас извинете, има тука и многу економисти кои тоа добро го знаат. Меѓутоа, треба објективно пред јавноста да ги ставиме работите онака како што се. Точно е дека банката е специфично претпријатие. Меѓутоа, исто така е точно билансната состојба на банката и биланска состојба на претпријатијата се 2 различни степени. Активата и пасивата на банката е многу специфична структурирана. Не може секој економист да ја чита активата и пасивата. Има односи внатре во активата и пасивата на банките чија што структура може да упатува на определи тенденции, движења на определени законитости кои што само стручни, лица, експерти можат тоа д го предвидат и да кажат, пазете овде не е во ред работата. И не случајно, тоа го прават супервизори. Друго е прашање она што гувернерот зборуваше дали тие ќе бидат во НБ како што се денес кај нас и ли како што кажа гувернерот во многу земји со пазарна економија тие се дури и надвор од НБ, но во секој случај станува збор за луѓе кој што се експерти, луѓе кои добро ја познаваат таа проблематика.

Има друга работа која иста така е суштинска по мене. Ако е добар законот, во основа решенијата се навистина добри, а тоа многу пратеници го кажаа и првиот дискутант, да кажеме, г-динот Мешков убаво го објасни тоа, зошто се случи ова што се случи во ТАТ. А има суштински проблем без оглед на фактот што постоеле двојно

книговодство или тројно книговодство гувернерот не информираше за жал, дека таму немало ни двојно, ни тројно книговодство, таму имало парцијално книговодство. Тоа значи немало книговодство. А сега кажува дека ќе мора реконструкција да се направи на билансите на активата, на пасивата, што е тешка макотрпна работа итн. Дури и тогаш кога има двојно книговодство овде беше кажано можело да има индиции дека нешто се случува. Висината на каматната стапка или исплатените камати виза ви депозитите што било забележано, како што кажа и гувернерот уште во ноември ако не се лажам минатиот месец, меѓутоа, овде постојат индикации дека во целата работа оние луѓе што требало да контролираат се замени и имало лични интереси и биле спонзори на она што се случувало таму. Дајте да бидеме објективни и да го гледаме исто така и тој аспект на проблемот. Мене тешко ми паѓа исто така кога некој сака да каже дека Владата цело време била така настрана ништо не гледала, ништо не реагирала, ништо не правела. Министерството за финансии и управата за јавни приходи, девизниот инспекторат и н. Извинете, тоа не е точно. Јас сакам сега д ави кажам, не е да го окривам г-динот Станоевски, ми е добар пријател и многу го почитувам, меѓутоа да ви кажам што Министерството за финансии, а потоа и Владата вели во врска со последниот извештај каде што дури укажуваме не се почитуваат и одлуките на гувернерот. Ова е мислење во врска со извештајот за извршените контроли и преземените мерки од страна на НБ на РМ во првото полугодие на 19 9 6 година.

**ТАКИ ФИТИ:** (продолжение)

Со теренската контрола се опфатени мал број банки, 9 и штедилници 7. Ова посебно ако се има предвид обврска на НБ најмалку еднаш годишно со контрола да ги опфати сите банки и штедилници, точка 4 и 5 од Одлуката за начинот на вршење на супервизиска контрола. Формулациите во однос на утврдените состојби се премногу општи, без да се наведат конкретните мерки и роковите за отстранување и утврдените неправилности, пропишани со решенијата на гувернерот.

Не е јасно дали ЕО случаите , кога за тоа се исполнети условите, применет е член 126 од Законот за банки и штедилници, член 94 од Законот на НБ на РМ у член 113 од Законот за девизно рабоетење, поднесување пријава за стопански престапи.

Впечаток е дека често, посебно кај штедилниците не се почитуваат на гувернерот, па дури состојбите се влошуваат, заради одговорноста што НБ ја има во поглед на сигурноста и стабилноста на банкарскиот систем, би требало да ја испита потребата од засилување на непосредните терenski контроли и од заострување на мерки во овие институции. Како институција одговорна за стабилноста и сигурноста на банкарскиот сектор , НБ би требало, врз основа на сознанијата од посредните и непосредните контроли да даде оценка на општата состојба во банкарскиот сектор во државата.

Заради погоре изнесеното предлагаме Извештајот да се поддржи со тоа што НБ ќе се задолжи во иднина, извештаите за извршените контроли за преземените мерки да ги доставува до Владата и

Собранието на РМ; редовно и навремено. Во извештаите да бидат содржани сеопфатни податоци за извршените контроли и преземените мерки по банки штедилници итн. Потпишана е од мене.

Ова мислење Владата го усвои како свое и го достави до НБ. Според тоа не е , дека Владата ништо не гледала, ништо не преземала. Конкретно е кажано што треба да се прави и тоа е надлежност на Владата да укажува во овој домен.

Овде се пласира теза на неколкупати дека Владата е крива односно Министерството за финансии, затоа што не се наплатени даноците од каматите од штедните влогови. Ве молам, немојте сега да е пласира дезинформација, па ајде сега сите институции по ред систематски да ги црниме за се, и за што треба и за што не треба. Таа штедилница плакала високи даноци на онаа евиденција што ја имала. Владата не можеше да ја открие таа работа. Еве инспекторите, кажа гувернерот зошто не можеле толку време односно НБ, не инспекторите, супервизорите, не можеле да ја откријат штедилница и да откријат што се таму се случувало.

Самите гледате тука има, за Македонија реклам јас можам да ви прочитам управа за правни приходи, девизен инспекторат влегол во сите и контролирал уште многу одамна почнувајќи до 1992, 1993,1994 и 1995 година.

Сега почитувани пратеници да ви кажам една друга работа. Ви не треба да заборавите од 1990 до 1996 година во Македонија се формираа 95 илјади нови претпријатија мали и средни. Тоа е еден нов самороден приватен сектор кој во овој момент дава 38% од вкупниот приод на РМ, на општествениот производ. Зошто некој не стане да рече, па добро е и

Министерството за финансии. Ние го усвоивте Законот за даночен број. Сите ги внесовме во компјутер сите 94 илјади со сите податоци. Па ве молам, 17.456 контроли се направени во текот на 1996 година од Управата за завни приходи Тоа е 50% од вкупниот број на стопански субјекти. Па најдете земја каде што го има тоа. Најверојатно, г-динот Ивановречеме сме претерале тука. 51 илјада кривична пријава за таа работа се поднесени. Така да не е работата дека ништо не се работело никој орган не реагирал итн. Најверојатно не можеме да бидеме задоволни од ефикасноста од многу институции. Јас, еве кажувам како министер за финансии не можам да бидам задоволен од ефикасноста на даночната администрација и ние многу правиме таа да се подобри. Правиме и семинари и американци се тука и Холанѓани, ги учат нашите инспектори. Еве сега ќе излеземе со новиот закон за финансиска полиција итн.

Некој кажа, кој и смета на Владата да го донесе Законот за хипотека. Никој не и пречи. Владата оваа година само во економската сфера во минатата година 76 закони имаше по програма. Не се носат законите преку ноќ и не се прават институциите преку ноќ. Според тоа што ми е целта? Не да се амнестираме од одговорност овој или оној. Меѓутоа, целта ми е да кажам пред јавноста дека вистината има повеќе аспекти. Оттаму, ве молам, кога се зборува да се зборува малку со аргументи.

Јас не сакам сега да ве замарам, има уште многу аргументи има уште многу бројки овде. Меѓутоа, исто така не сакам и не можам да преќутам работи кога овде ќе се излезе и како што некој рече дезинформации се пласираат, а слуша целата јавност. Тие работи не се точни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бранко Црвенковски.

XVIII/1.- ДВ/ЉР

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Согласно Уставот и уставните норми согласно Законот за НБ и начелата во него вградено, согласно Законот за банки и штедилници, сосема е јасно како е поставен правниот систем во делот на распределбата на одговорностите и ингеренциите во монетарно финансиската сфера.

Сосема јасно произлегува дека НБ е самостојна, институција со големи ингеренции, институција со голема моќ и соодветно на тоа институција со голема одговорност.

Да се потсетиме само на периодот кога го донесувавме Законот за Народна банка и кои аргументи во тој период ги кроистевме, кои примери ги земавме за да знаеме како да го воспоставиме нашиоит финансиски систем. Тогаш се повикавме на праксата и примерите од Западна Европа и тие примери беа пред нас кога го усвојувавме моделот според кој се обезбеди огромна независност на Народната банка, а се со цел да се избегне или минимизира влијанието на извршната власт, на Владата врз функционирањето на НБ. И не е случајно и овие држави што како пример ги земавме, па на крајот и краиштата и правило на однесување веќе го усвоивме и кај нас во РМ, дека дури и по прашањето на кадровската политика, во делот на првите луѓе на Народната банка, тоа прашње не се врзува, ниту со парламентарните избори, ниту со промената на Влада, со една или со друга политичка провениенција. Всушност нам ни се добро познати примерите од Западна Европа каде што се менуваат низа влади со лева, десна или центристичка политичка ориентација, додека има една стабилна централана Народна банка во истите луѓе кои функционираат во долг временски период. На крајот на краиштата и

пракса кај нас покажа дека се сменија повеќе влади, меѓутоа првата екипа на Народната банка постои на своите места и продолжи да функционира се до денешен ден.

Од тие причини сосема е логично што по ова прашање што овие два дена е тема на парламентарна расправа, а тоа е пројавените незаконитости во функционирањето на поголем број штедилници во РМ, воведно излагање поднесе токму гувернерот на Народна банка. И сосема е логично тоа што и низ расправата што вие ја креиравте и во која учествувавте во делот, колку што можев да ја следам покрај другите обврски, овие два дена воглавно или во еден добар дел прашањата кои што ги упатувавте, и ги упатувавте токму на адресата на НБ. Бидејќи токму според оваа законска регулатива, целокупната контролна функција, целокупните ингеренции за отваерање или затварање или со други зборови за давање или одземање на дозвола за работа на штедилница, целокупната ингиренција за воведување на предсанациони или санациони постапки, во било која штедилница или банка, припаѓа токму на НБМ или на Централната банка на РМ.

Сега се поставува прашањето, ако е тоа така, зошто јас како претседател на Владата се решив да се вклучам, во оваа расправа на оваа седница на Парламентот. Од причини што, иако Народната банка на Македонија имала ингиренции и одговорност да се справи, или да ги спречи причините за незаконското работење на штедилниците, со што ќе се избегнеше целата оваа ситуација, а што за жал, од објективни или субјективни причини не се успеало да се направи, по моја проценка таа институција уште помалку ќе може самата да се справи со последиците што од тие пропусти произлегоа. А кои се последиците:

XVIII/3.-

Прво, она што и вие во вашите дискусии Повеќе пати го споменавте, илјадници оштетени, со право револтирани граѓани на РМ, штедачи, а за мене зад секој штедач се крие по едно семејство, кои нестрпливо очекуваат да слушнат на кон начин, во која форма, во кој рок ќе бидат обесштетени.

Второ, компромитација на Институтот штедење. Или идејата за штедење што може да има огромни последици, токму во овој период на развојот на нашата држава РМ, кога ни се потребни и нужни сите расположливи ресурси кои што ги имаме, а несомнено еден од тие ресурси е и приватниот капитал на луѓето, да ги ставиме во функција на подем и развој на економијата.

Трето, една голема последица, а тоа е, се обидувам, да го најдам правиот израз, нарушување, или намалување на тешко стекнатиот меѓународен углед на РМ, како држава со силна макроекономска стабилност и држава во која, иако со мали стапки, меѓутоа евидентно почна заживување на производствово раст на индустриското производство во текот на целата 1996 година и еве последните податоци од Заводот за статистика и во првите два месеци на 1997 година.
Или, со други зборови, без разлика кој носи одговорност за причините кој доведоа во ваква ситуација, последиците со таков карактер што не избежно бара вклучување и на Владата и на Вас како Парламент и како претенции во највисокиот законодавен дом во државата, во делот на санирањето на тие продуцирани состојби.

Што е тоа, да бидам, искрен, што и мене, а верувам и поголемиот дел од вас ме прави и нервозен и по малку фрустриран, а тоа е фактот што се уште не ја знаеме точната слика, не ги знаеме точните бројки, состојби во овие штедилници, посебно тука ставам акцент на штедилницата ТАТ, бидејќи во неа отпаѓа најголемиот дел од

споменатите, во текот на вчерашната и денешната парламентарна седница, суми на средства, меѓутоа и најголемиот дел од погодените штедачи отпаѓа токму на Штедилницата ТАТ Битола.

Без тоа, без да ја имаме вистинската слика и вистинските бројки и на страната на пасивата, или поинаку да речеме на страната на која што се наоѓаат штедните влогови на граѓаните и на страната на активата, или со други зборови да кажеме, таму каде што тие штедилници пласирале, давале кредити врз основа на хипотеки или други средства на осигурување, ние не можеме да пристапиме кон предлагање на решенија со кои ќе се обесштетат поголемите граѓани штедачи.

Она што не го знаеме и после вчерашното воведно излагање на гувернерот и после оваа дводневна расправа , за жал, е фактот колкав дел од таа соопштена пасива, на пример во Штедилницата ТАТ отпаѓа на делот на главници, или конкретни влогови на граѓаните, а колкав дел отпаѓа на препишани камати.

Не знаеме, ниту дали бројката која вчера беше соопштена како актива кај Штедилницата ТАТ е таа вистинската, или на ист или сличен начин како што постоеле црни, не евидентирани, двојни или тројни книговодства на влезната страна од Штедилницата, може би постои и црна или неевидентирана актива во вид на хипотеки, пласмани дадени кредити итн..

Се чувствувам јас лично, а верувам, од поголемиот дел д членовите на Владата дека без овие податоци сме со врзани раце носно во овој момент и покрај сите очекувања на граѓаните, поготово годените гракани штедачи не можеме да излеземе и да предложиме и се начините и формите за обесштетување на овие штедачи.

XVIII/5.-

Затоа по мое мислење, во овој момент е најважно, во таа смисла мислам дека имаше еден заклучок на Комисијата за финансирање и буџет при Собранието на РМ, предложен до самото Собрание, дека е најважно контролата на НБ, што е можно поефикасно, поажурно, побрзо, ден порано да ја заврши целокупната контрола, да дојдеме до вистинската ситуација, до вистинската слика, таа да биде презентирана и пред јавност и пред овој Парламент и пред Владата и пред самите штедачи и да можеме да го направиме следниот чекор, а тоа е да ги бараме кои се начините и формите за обесштетување на овие граѓани.

Она што јас како претседател на Влада на РМ можам ајвно, пред целата јавност и пред вас како пратеници во овој Парламент да го изјавам и да го ветам е дека веднаш, откако оваа слика точна и прецизна ќе биде соопштена и обзнамета, во рок не подолг од недела дена, Владата на РМ ќе излезе пред ова Собрание и пред целата македонска јавност да ги предложи кои се начините и формите која е динамиката за обесштетување на граѓаните штедачи во РМ. Од тие причини јас не можам сега во овој момент да ви дадам прецизни насоки како тоа ќе го изведеме, меѓутоа, би сакал да ви ги соопштам начелата што, по мое мислење, треба да ги имаме предвид кога ќе ги креираме решенија а со кои ќе излеземе пред вас и пред д Македонска јавност:

Прво, и покрај тоа што секоја од овие штедилници, па и претпријатија кои што незаконски прибирале средства во форма на штедење се случаи сами за себе. Вчера имавме прилика да слушнеме од гувернерот на НБ дека е една ситуацијата во Штедилницата Лавци во Охрид, од аспект на пасива, актива, избаланрирани биланси итн., друга е ситуација во Алфа-с, трета, претпоставуваме дека е во Штедилницата ТАТ итн. Меѓутоа,дека и покрај тоа што веројатно ќе мора да излеземе, бидејќи се различни ситуациите, ќе бараат различен пристап, сепак првото начело е дека во тој момент во кој како Влада и Парламент ќе

излеземе пред јавноста, ќе треба да ги обелодениме решенијата за сите оштетени штедачи, без разлика на која штедилница припаѓаат и без разлика дали различни пристапи и методи во нивното обесштетување ќе има, во зависност од тоа каква е ситуацијата во поодделни штедилници.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (**Продолжение)

Второ, мислам дека коректно и чесно и како Влада и како Парламент да се водиме од принципот на правичност, а тоа по мое мислење ќе значи, дека основен приоритет во обесштетувањето ќе треба да имаат главниците на штедните влогови. Затоа е битно да се направи разграничување и во случајот на "ТАТ", меѓутоа, и во случајот на сите други штедилници.

Што е главница, што е тоа што како пари луѓето го внесле во штедилницата, а што е припишана камата. Посебно треба да се издвојат граѓаните кои веќе имаат извлечено или наплатено, како сакате, камати во пари, повисоки или на нивото на главниците што ги внесле. Бидејќи во тој случај ние не можеме да веруваме за оштетени граѓани, можеме да говориме за граѓани кои што или се обесштетени со тоа што ја повлекле главницата или што повлекле камати поголеми од главницата, профитирале од целата работа.

Се поставува прашање, кој ќе биде основниот извор на средства од кои што целата оваа операција на обесштетување ќе биде алиментирана. Без сомнение, основен извор на средства е токму користењето и наплатата на акцијата кои овие штедилници ја поседуваат. Хипотеки, пласмани, кредити и тн. Што може да се случи? Може да се случи да има временски расчекор помеѓу периодот во кој што може да се наплатат побарувањата од страна на активата и од друга страна периодот во кој што граѓаните треба да бидат обесштетувани.

И, второ, може да се случи не само времето, туку и финансиски расчекор помеѓу расположливата маса на средства што акцијата ја нуди и она што е вистинска реална сума за обесштетувањата на граѓаните.

XIX/2

Во тој дел треба да се најдат можности за вклучување на други финансиски средства, и тоа сакам посебно да го потенцирам од реални извори. Бидејќи,од друга страна, не може операцијата на обесштетувањето на граѓаните да се изведе по цена да се наруши целокупната макро економска стабилност на Република Македонија, да влеземе во некаква спирала на инфлација, или со други зборови не можеме да го бараме решението на овој проблем во примарна емисија или печатење на пари, бидејќи обидувајќи се да обесштетиме неколку илјади граѓани ќе дојдеме во ситуација таа цена да ја плаќаат два милиона граѓани на оваа држава, а оваа стабилност вие сами знаете колку напори, колку висока цена плативме да ја постигнеме во изминативе неколку години и мислам дека тука ќе најдеме заеднички јазик и ние како Влада и вие како Парламент и ќе не поддржат и граѓаните на Република Македонија. Не смееме да бараме начин на решавање на овој проблем преку печатење на пари.

Или, да заклучам, околу овој, првиот дел, а тоа е да го наречам дел во кој се обидувам да Ви се обратам по прашањето за начините и методите за обесштетувањето на граѓаните. Се придружувам ко барањето на повеќе пратеници кои учествуваат во оваа расправа и кон самата Комисија за финансирање и буџет, дека во овој момент е најбитно што е можно побрзо, што е можно поитно ден порано ако може, контролата што ја спроведува Народна банка во Штедилницата "ТАТ" да ја заврши целосно својата работа, да ги обелодени сите податоци, да ги обелодени и пред Владата и пред Парламентот и пред целата јавност во Република Македонија за да потоа можеме ние да влеземе во нашиот дел, а тоа е во втората фаза да ги бараме начините, формите и динамиката, битно е динамиката со која што ќе се врши обесштетувањето на граѓаните - штедачи.

XIX/3

Сега почитувани пратеници дозволете ми да посветам неколку минути за вториот сегмент за кој што сакам вечерва да говорам, кој што по мое мислење не само што не е помалку важен туку по влијанието што го има во вкупното општествено живеење во Република Македонија во моментот и во иднина е можеби уште позначајно. Тоа е прашањето на одговорност. И, тоа кога говорам одговорност, мислам на одговорност во секој смисол и политичка и морална и кривична и материјална одговорност. Ова прашање на одговорноста е битно не само за да во овој момент и по овој повод се задоволат некои принципи на правда и правичност туку е битно како превентива за да не ни се случи во иднина да ни се случуваат слични ситуации во недоглед и да се повторуваат.

Овој процес на испитувањето и понесувањето на одговорност мора да го водиме паралелно. Не смееме да чекаме да го завршиме прво првиот дел за обесштетувањето на граѓаните, па потоа да го отвориме прашањето на одговорност. Не, паралелно, сега, веднаш, почнувајќи од сега, или веќе почнавме како што веќе имаше прилика и јавноста и вие да бидете запознаени и преку конкретни потези и преку конкретни мерки и спрема конкретни личности.

И, морам да Ви кажам дека кај нас во Владата и тука, пред се, говорам за себе, постои спремност тој процес, таа битка да ја водиме до крај бескомпромисно, ефикасно без разлика на кого се однесува, на кои личности, на кои места ги заземаат и во кои институции се наоѓаат.

Во тој контекст не би сакал да говорам апстрактно за одговорноста туку ќе почнам од одговорноста, одговорноста на институцијата на чие чело јас се наоѓам, а тоа е Владата на Република Македонија.

XIX/4

Една е работа, она што на почетокот во ова мое вечерашно излагање кажав, како е поставен правниот систем и кој за што како институција одговара во оваа држава. Меѓутоа, има и една друга работа, Вам Ви е познато беше обелоденето во јавноста дека јас од сите министри и заменици министри во Владата на Република Македонија побарав да потпишат изјави со кои тврдат дека ниту тие, ниту членовите на нивното потесно семејство имаат штедни влогови во било која од овие штедилници или претпријатија во кои што е утврдено незаконито работење. И, сега, сакам тоа да го кажам и да го потенцирам, не мислам потпишаните изјави, ниту пред вас како Парламент, ниту пред јавноста да ги искористам како аргумент дека во Владата нема ниту еден член било министер било заменик кој што има врска со овие штедилници. Не.

Сите овие изјави потпишани каде што стои дека, исто така, овие личности се спремни да не се повикуваат на законската одредба за тајност на штедните влогови и дека ги потпишуваат овие изјави под морална и кривична одговорност, ќе ги предадам на Републичкиот јавен обвинител на понатамошна постапка. И, за секого, почнувајќи од мене, да се утврди точно. Во сите случаи на овие штедилници или претпријатија од почетокот на нивното формирање до сега имале или немале врска тие или нивните членови на семејството, врска со овие институции.

Тогаш кога ќе го добијам извештајот од страна на Републичкиот јавен обвинител и истражниот судија, јас ќе дојдам овде во овој Парламент, пред Вас, и ќе кажам во Владата на Република Македонија нема ниту еден член било министер, било заменик кој што има врска со овие штедилници.

XIX/5

Или ќе дојдам и ќе кажам, има, тоа се тие и тие и тие ќе си понесат сопствена одговорност.

Во оваа прилика би сакал да го кажам следното: не ми паѓа на памет, јас како Бранко Црвенковски, не како претседател на Влада или претседател на Социјалдемократски сојуз на Македонија, јас како личност целокупниот свој углед и авторитет кој што го имам, ниту пак угледот и авторитетот на институцијата на чие чело се наоѓам да ги ставам во ситуација да бидат заложници на неодговорни или криминогено однесување на било кој поединец, од било која партија на било кое место. И, тука сакам да Ви кажам, овде има политички партии различни, има во Парламентот, има вон Парламентот, тоа се однесува на сите политички партии и на таа на чие чело јас се наоѓам не СДСМ да е, свети СДСМ да е.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (**Продолжение)

Во оваа ситуација има да си одговара тој што презел некои мерки и се вмешал во некои работи или го злоупотребил местото што го држи да придонесе, како што беше речено, директно или индиректно за целата оваа работа да се создаде или да се користи.

Криминалот, почитувани пратеници, е присутен во секое општество. Тоа е болест што ја има секаде. Моето лично убедување е дека криминалот во овој момент во Република Македонија е болест која не можеме да ја излечиме ниту со апчиња ниту со сирупи. Криминалот во Република Македонија во овој момент е во таква форма и фаза за кој што ако сакаме да се бориме со него треба да бидеме подготвени на хируршки зафат. Треба заболениот дел од телото да го отсечеме макар колку да боли, за да го спасиме целиот организам на оваа држава и на ова општество. Тоа може да кошта, тоа може да погоди многу луѓе, луѓе со големо влијание, може да погоди луѓе во различни институции, може да потресе институции. Меѓутоа, сето ова што претходно ви го кажав и околу обесштетувањето во кое што како Влада сме подготвени да влеземе и јас како човек сум подготвен да влеземе до крај да го бараме решението е под услов сите заедно да сме подготвени да го направиме вториот чекор. Или ќе го направиме до крај без разлика колку ќе боли и која е висока цената што треба да се плати или, по мое мислење на никого од нас ниту мене во Владата, ниту на Вас во Парламентот им е местото повеќе.

Парламентот вчера донесе заклучок покрај онаа обелоденета најава од моја страна каде што барам министрите и замениците да потпишат изјави, - Парламентот исто така донесе заклучок дека пратениците ќе поднесат изјави од тој тип. Имавме прилика преку средствата за јавно информирање да слушнеме дека и Советот на Народна

XX/2.-

Банка, вработените во Народна банка поготово оние на повисоки места што ги заземаат исто така да потпишат изјави. Тие изјави не смеат да влезат во фиока или сами за себе да се користат како аргумент. Тие изјави имаат своја улога и функција. Ако врз основа на тие изјави предадени на надлежните органи обвинителство, истражен судија, сите ќе се согласиме да не претресат од глава до пети, па тогаш отпосле откако ќе дојдат повратните информации ќе зборуваме кој е замешан, кој не е , и дали припаѓаат само на една институција или на повеќе институции, дали на една партија или на повеќе партии, дали се работи само за луѓе од власта или за луѓе кои се на битни места во стопанството, па преку таа линија можат да влијаат, медиуми итн. Тоа ќе го утврдиме тогаш кога ќе ги добиеме сите податоци врз основа на тие изјави до крај без пардон. Кој не е подготвен, видете, Владата го предложи Републичкиот јавен обвинител, Парламентот го избра. Истражните судии кои ја имаат улогата исто така овој Парламент ги избра. Оваа битка е голема битка или ќе влеземе сите заедно, сите институции во делот на своите одговорности Влада, министерства, Парламент, судство, обвинителство, Народна банка не само заради нас да си го исперeме образот иако морам да ви кажам и тоа е многу битно, мене ми е и тоа битно, верувам и на Вас, меѓутоа, убеден сум ако тоа сега на овој пример не го направиме прашање е дали потоа ќе можеме на некој следен пример така да го направиме. Бидејќи до сега постојано се поставуваше прашањето за битка против криминалот, организираниот криминал, се сеќавам често пати низ медиумите со право ќе речам и вие пратеници овде позиција, опозиција ја прозивавте Владата зошто таа битка ја најави, а не ја води. Зошто таа битка ја најави апстрактно, водиме битка против криминал, организиран криминал, овој пат имаме шанса не апстрактно, на конкретна ситуација, по конкретен повод во

конкретен случај еве на пример штедилницата ТАТ со конкретни личности што од тоа ќе произлезат да ја покажеме подготвеноста па таа битка да ја извозиме до крај.

Претпоставувам дека е можно. Од целата оваа постапка и реализација на оваа определба да наидеме и на силни блокади, на опструкции, на обиди за релативизираше на проблемот. Бидејќи јас сега во овој момент немам факти, меѓутоа, ми се чини имам индиција ако немам факти, ми се чини дека во случајот на ТАТ не се работи само за штедилница афера, туку се работи за еден октопод кој, ако го расчлениме до крај не знаеме до каде по одделните пипци на тој октопод ќе стигнат било по хоризонтала било по вертикала во висина на институциите. Можно е, без разлика на политички определби кој на која страна припаѓа дали е позиција или опозиција, дали е во стопанство или нестопанство да се направи една, да не ја употребам фразата од порано користена во други ситуации по други поводи непринципиелни коалиции да се направат, целата работа како демек со голема енергичност ја почнуваме, но патем ако може да ја потсмириме работата. Можно е битни луѓе да бидат погодени, можно е битни институции да бидат потресени затоа што во нив седат луѓе што ќе бидат погодени и можно е да има обиди целата работа полека со текот на времето како што многу пати до сега се случувало ај полека да ја релативизираме, да ја поднамалиме, да ја подстишаме, понекогаш дури може да се случи да го слушнеме аргументот во име на некој виш државен интерес. Нема виши државни интереси. Ако влегуваме во оваа битка највисок државен интерес е да влеземе во битка со овој криминал до крај. Кој од нас !се остане да седи во Влада, кој од нас ќе остане да седи во Парламент тоа е друго прашање. Најмал проблем е сега колку ќе трае оваа Влада а чие чело јас се наоѓам или овој Парламент во кој вие седите.

Бидејќи веројатно не ни е сеедно каква држава ќе оставиме на оние после нас што ќе дојдат во Владата или во Парламентот или дали во- општо ќе имаме држава, ако со ова зло, со оваа болест не влеземе без компромисно сега да се судриме.

Гледано од тој аспект, мене ми е јасна една работа дека без разлика колку сум јас определен и решен оваа работа да ја истераме до крај, дури и една група на луѓе побројна или помалку бројна колку да е решена да ја истераме оваа работа до крај, ќе ни биде многу тешко ако не добиеме една поширока општествена поддршка воопшто генерално од сите институции на системот, поготово овие сега истражни органи, инспекциски органи, обвинителство, судство. Тоа е процесот да се заврши целата работа. На едно место ако се раскине ланецот нема завршување на постапката.

Во таа смисла посебно сакам да ги повикам медиумите за секоја работа за која ќе сметаат дека е сознание околу аферата било ТАТ било другите штедилници, но имаат и аргументи дека е тоа сознание за секој напишан и искажан збор да се носи одговорност после тоа. Ги повикувам да бидат стрпливи и да чекаат да помине некое време, туку не, се што имаат нека кажат јавно и нека ни помогнат да направием атмосфера во оваа држава со овој проблем да се справиме.

Бидејќи се чувствувам дека влегувам во битка во која ќе ни треба поддршка од многу институции, но многу ми е битно, пред се да ја имам поддршката од вас кои што и мене и моите колеги во Владата не избравте.

Ја користам оваа прилика да Ви кажам по ова прашање и за оваа определба и за оваа операција што сакаме да ја изведеме дека арам гласање за доверба на Владата. Тоа го кажувам не само како вербална

најава, туку веднаш по оваа седница ќе го доставам и формалното бараше до претседателот на Собранието на Република Македонија.

Барањето за гласање на доверба на Владата, однапред сакам да кажам дека не го барам ниту како добивање на мандат до крајот на траењето на овој Парламент ....

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

... односно до следните парламентарни избори, Ниту како али- би за сите членови на Владата. Напротив, пак ќе ве потсетам за секој од членовите на Владата во потесен и поширок состав министри или заменици министри. Детална проверка ќе направиме и јавно ќе обелодениме. И ако се испостави дека такви има токму овде, пред овој Парламент ќе се соопшти има институти реконструкција на Влада или повторно барање на доверба на Влада. Меѓутоа во овој момент по ова прашање, не по другите прашања барам како претседател на Владата да го искористам своето уставно право, а тоа е овој Парламент да ми даде мене лично поддршка и на оние луѓе во Владата кои се спремни и подготвени оваа битка да ја добиеме.

Исто така би сакал да ја искористам оваа прилика да упатам порака до политичките партии застапени во овој Парламент и до политичките партии надвор од овој Парламент дека првиот ден откако ќе ја расчистиме оваа работа околу одговорноста и јавно ќе ги обелодениме сите личности кои на еден или друг начин директно или индиректно имаат свои прсти и се замешани во сите овие афери, без разлика кои се, на кое работно место се наоѓаат и откако ќе излеземе како Влада пред вас со решенијата што ги предвидуваме за обесштетувањето на граѓаните, јас како претседател на Владата на Република Македонија и како претседателот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија сум подготвен да седнам со сите релевантни политички партии да отвориме дијалог и околу пакетот закони што се однесуваат за следните избори и околу датумот на кој тие избори во наредниот период би се одржале. Меѓутоа, откако ова прашање ќе го расчистиме. Тој долг го имаме и ние како Влада и вие како Парламент во овој состав.

Благодарам.

(Аплауз).

XXI/2.-

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, членови на Владата, почитуван гувернере, дами и господа.

Согласно со информациите кои што на денешната расправа ги имаме, јас во мојата дискусија ќе се навратам на неколку точки, на она што сметам дека во овој момент е важно.

Прво, по монетарното осамостојување банкарскиот систем или сектор како мошне важен дел од вкупниот систем посебно како дел од финансискиот систем и еден од побитните делови на стопанскиот систем одигра мошне важна улога. И во овој дел мора да се каже и да се биде чесен дека од осамостојувањето во Република Македонија до денес се правени значајни напори и постигнати резултати како во одржувањето на стабилноста на домашната валута, монетарната политика и општата ликвидност на плаќањата воопшто добри резултати во санирањето на банкарскиот систем, а мислам дека се покажани и одредени добри резултати и движења во макроекономската политика.

Иако банкарскиот систем ги дава основните карактеристики на системот воопшто за кој сме се определиле, систем ориентиран на пазарна економија и претприемачки дух, банкарскиот систем може да ги даде неговите противречности. Тоа е првата работа што во овој момент мислам дека треба да се каже.

Втората работа за која исто така сметам дека е доста важна е дали целосно се опстојувало на јасната ориентација за поддршка и определба на банкарско работење кое се приспособува кон современа организација, технологија и контрола на работењето. Дали целосно се опстојува на високиот професионален кадар или со еден збор дали целосно се опстојува на класичниот и стандарден и современ банкарски систем на работа. Јасно и недвосмислено треба да се каже не.

XXI/3.-

Не се опстоило на таа ориентација. Напротив во тоа работење и како се вклучени авантуристи кои се многу далеку од сериозното банкарско работење и го нарушиле кредибилитетот на целиот банкарски и финансиски сектор со тешки социјални последици, а мислам и можни политички последици.

Треба да ни биде јасно почитувани колеги, почитувани дами и господа, треба да биде јасно и на граѓаните на Република Македонија дека банкарскиот сектор како дел од финансискиот сектор и систем не признава случајност, не признава импровизации, не признава притисок, не признава врски, не признава функција. Овде нема другарство, нема пријателство. Овде нема играње. Овде има правила на однесување, реални големини и движења, реални извори, планирани движења и пласмани. секое позначајно отстапување во оваа сфера, јас не би сакал да верувам дека тоа се посакувани отстапувања и дека тие биле свесни, тоа би значело и свесно отстапување и газење на се она што е постигнато денес, макотрпно градено со години наназад и отстапување од сите предвидени движења.

Првичните информации онака како што и сега ги имаме и сеуште не можеме да ги земеме како дефинитивни, мислам дека укажуваат на класичен криминал, дело на криминал, а не дело на систем или дело на регулатива. Навистина е лошо и многу лошо е ако излеземе со убедување дека тоа што се случува сега е дело на практикување на систем или дело на практикување на власт. Степенот на организираност' мислам дека допрва треба да се утврди во оваа сфера.

Она што лично сметам дека во овој момент треба да се каже е дека треба да се даде поддршка на институциите и само на институциите од монетарната сфера, Народната банка на Македонија која мислам дека иако напаѓана во расправата ја изигра една извонредно важна улога во монетарното осамостојување. Собранието мора да има целосни

сознанија и информации од контролата и понатамошната контрола кај сите оние правни субјекти за кои што има индиции дека вршеле незаконско работење и целосно информација и јасна слика за фактичката финансова состојба во врска со овие случаи на штедење, а мислам и воопшто. Да видиме, да бидеме информирани да согледаме колку навистина е оштетен организмот на државата без исклучок.

Владата мора да најде сили, или било која Влада, посебно во законската регулатива која што го тангира прашањето на банкарското работење, а тоа е прашањето на заложното право и правото на извршната постапка. Или ќе го реши како што е решено во сите пазарни земји, со пазарен начин на стопанисување, онака како јас памтам го посакуваат банкарските работници или делумното решавање ќе создаде други проблеми, нема да го реши. Според тоа удварање во таа сфера не смее да има. И Владата да и биде јасно извршната постапка и заложното право да го реши како што е секаде во светот Според тоа посебно да потенцирам овие два закони или ќе бидат она ка како што се секаде во земјите со пазарно стопанство, или делумните решенија ќе носат нови проблеми.

Имам свое мислење за штедењето, не би сакал посебно да ви го елаборирам, посебно за штедењето во штедилниците, штедење си е штедење, не е грев меѓутоа самото вложување значи отстапување барем според овие сознанија што јас ги имам од стандардниот начин на штедење и одбегнување на веќе докажани банкарски куќи.

**ЗВОНКО КАРОВ:** (Продолжение)

Исто така, сметам дека во овој момент е важно да се каже иако нема да звучи убедливо, се разбира, со оправдување од граѓаните дека штедењето во РМ во веќе вложените големи напори во санирањето на банкарскиот систем, во она стандардно класично штедење, мислам дека не претставува опасност, тоа треба да го знаат граѓаните и штедењето треба да продолжи, иако психолошката природа е таква и ќе иамме последици од тоа.

На крајот, исто така во еден догледан период треба навистина отворено јасно и гласно да се каже: Ќе може ли со констатираната фактичка состојба да се продолжи со планираниот интензитет со изведување на реформите или пак ќе има сериозно преиспитување и менување на планираните макроекономски движења и јасно и гласно пред Собранието на РМ не е грев ако се признае од Владата дека оваа фактичка состојба, состојбите со штедилниците, може РМ да ја врати десетина години назад. Таква информација ќе ни биде важна.

Предлагањето на закон за обесштетување на штедачите мислам ка без неопходната вистинска состојба по овие случаи не треба постојано од одделни колеги да се потенцира дека има потреба или нема потреба. Тоа ќе го видиме тогаш кога ќе ја видиме и фактичката сосотјба. Колкави се тие средства, што навистина не можат да се покријат, колкави се тие средства што банкарите си имаат да речам мака во извршувањето, структура на влогови, структура на пласмани, на пасива, тогаш со целосна информација за состојбите, со целосна информација за тоа како ќе имаме движење и во макроекономската политика и воопшто во економ- политика и социјалната, тогаш ќе разговараме за донесување на таков закон, а не од одделни колеги да се предлага брзо решавање.

Сигурно не мисли лошо како и сите ние овде на тие штедачи, меѓутоа, на начин и форма на решавање на проблемите, мислам дека тоа без точната состојба ќе не однесе во едно време од кое многу поодамна сме се откажале, од реалните економски движења, од она што значи систем на пазарен начин на стопанисување, систем навредности, за кој што го прифаќам и мислам дека нема друга алтернатива и тогаш да се оди со предлагање на тој закон,

Почитувани колеги, доколку се потврдат некои сознанија, сознанија во смисла на првични информации што ги имавме, а посебно од аспект на висината на средствата за кои што во догледен период можат и те како да ги нарушат движењата на економската политика, зацртаниот план на отпочнување и интензивирање на реформите, и доколку тие состојби покажат било од аспект на криминалитетот, било од аспект на висината на финансиското оптоварување на Републиката дека ќе има последици кон она што со години е градено, дека ќе има последици, дека ќе пречи во натамошниот развој на Републиката, мислам дека листата на лица и институции не треба да се задржи на Народната банка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Трипуновски има процедурална интервенција.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседател, колеги пратеници, за едно значајно прашање расправаме два дена. Имавме сериозни дискусии од многу пратеници. Проблемот мислам дека го разјаснивме толку колку што можев- ме, толку колку што знаевме. Имавме едно излагање на премиерот кое во овој момент мислам дека даде еден тон и една сериозност во пристапот како треба да го решиме прашањето. Побара од

нас да постапиме онака како парламент, побара од институциите на системот ова прашање да добие легитимитет и легалитет.

Во тоа име, би Ве замолил тука да ја завршиме расправата, да ги усвоиме заклучоците и од оваа денешна средба да појдеме со акции.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, ова е се разбира само апел. ;0гас го прифаќам со раширени раце, но останува на пратениците кои се пријавија за дискусија дали тој апел ќе го прифатат.

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

После брилијантното излагање на другарот премиер на СДС и неговото арстистистичко преставување и тие аплаузи кои ги доби од неговата партија, а од мојата и мојата група е само еден пратеник, нема веќе интерес за мене и нема ни сврха тоа да го направи понатаму. Меѓутоа, ако треба за артист и да е местото тука, јас можам веднаш и тоа на памет целата поема од познатиот албански писател Милош Геш Никола или пак од најголемиот хрватски песник Иван Горан Ковачич поемата "Јама" на хрватски, исто ја знам на памет, или пак уште во Скопје ја цитирав Баладата за прадедовската пушка, по мене исто така најголемиот македонски поет Славко Јаневски. Место тоа, исто така како што најави оставка, условно, гувернерот на Народна банка на Македонија, исто така како што , сега веќе бившиот претседател на Владата поради исти и слични причини Александар Некси, а ја најави на некој начин условно и претседателот на Република Албанија Сали Бериша,

наместо доверба, ќе беше по моето не како опозиција туку така бара и целата македонска јавност, Вашиот премиер на илегалната Влада да најави, а не да поднесе оставка и после да почнеме со тие бројки (реагирање на повеќе пратеници во салата) и да бараме излез од оваа ситуација. Не морате да ме слушате, но да биде тишина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, Ве молам.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ**: (Од место)

Која е таа Влада? Владата е избрана легално од Парламентот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ве молам, да докажам, ќе дојдете тука, оставете ме на мир. Ве слушам веќе три четири дена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, Владата е избрана од ова Собрание и таа е легал- на и легитимна.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Имам право да го кажам моето. Излези, тука па кажи.

За нешто повеќе од две години во и вон овој законодавен дом, поради моето скромно ангажирање околу историските, политичките и правните најчувствителни национални, меѓунационални проблеми од во прв ред, овие објективни околности не сум можел нешто повеќе да се вклучам, колку ±олку и околу економските и социјалните проблеми и слично.

XXII/5.-

Меѓутоа, како партија и како пратеничка група ( некој пратеник: "која партија, го избришале од партијата")

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место, Ве молам.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Со досегашниот најефективен пратеник, стручњак, економист, студиозен тип, пасиониран и амбициозен не само на републичко, национално и европско ниво и светско ниво, немаше ни потреба за мое ангажирање во оваа сфера, затоа што ја покриваше супер успешно не само мојата партија и мојата пратеничка група, туку и целото Собрание на РМ и тоа не само избраните, туку и ресорните министри. Овој хендикеп е за сите нас, но за ова во една друга прилика.

Меѓутоа, поради примарните и најперманентните проблеми на мојот електорат и албанците воопшто, кој во прв ред ги преставувам, како и партијата се додека не се разрешат нај чувствителните и најактуелните, за жал и понатаму не ќе можам посериозно, научно, конструктивно и постудиозно да се зафатам, бидејќи условите аз работа ми се не само скромни туку скоро никакви, без потребни институции, комисии и други потребни, не сами стручни и постручни туку ниту најниски технички.

Да не бидам монотон, здодевен, можеби како некој пат и до дваесет пати за една точка од дневниот ред, па и да се условно речено прилично и помалку амортизирам или девалвирам. Денес се јавувам во прв ред поради почитувањето кое го имам спрема сите граѓани штедачи во цела Република Македонија и нивните барања и желби и јас да кажам нешто во овој поглед.

XXII/6.-

Оваа точка околу штедилниците има најмалку барем засега, или пак никаква или минимална врска со албанците, туку во прв ред или целосно со македонците, а можеби и со неколку други граѓани на Република Македонија. Така ,од еден прилично голем арсенал и конгломерат и материјалот кој ми е доставен од барањето информација мерките и активностите кои Владата на РМ и ги презела или намерава да ги преземе за сите досегашни случаи на масовна измама и грабеж на граѓаните под форма на штедење преку задоцнетата, но и доставената во две слични верзии, првата повлекувана, како и информациите на Народната банка на РМ, па се до објективните реагирања на голем број организирани штедачи, преку нивни избрани одбори и други форми на здружување,излагањето на гувернерот, неколку министри на владеачката партија СДС, без она М, како сега на премиерот и т.н., можам да репродуцирам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да карикирате, говорете како треба, Ве молам.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Можам да репродуцирам, реплицирам и додавам. Меѓутоа ,не би сакал да должам и околу овие болни финансиски проблеми, било тоа од економски социјален аспект,туку накратко од политички, а уште поконкретно од правен поглед. Имено, ова што се збива, посебно во последно време и во континуитет околу штедењето на толку голем број граѓани штедачи е не само афера туку и голем скандал. Изгледа нај-големиот во Република Македонија за сите времиња.

Проблемите се "АЛФА С", "Кариќ Банка", "Југомаркет" "Цама-данче", Лафци", "Македонијареклам" и други, а посебно со "ТАТ" во Битола. Околу невидената измама на граѓаните штедачи и

XXII/7.-

неисплаќањето на нивните штедни влогови, во денешно време, посебно кога невработеноста е на "завидно ниво", кога од ден на ден расте бројот на стечајните работници, кога и на најсилни фабрики, па дури гигантски капитални, економски објекти се пусти и опустошени, од ден на ден кога бедата на граѓаните расте и доведена е не само на работ на егзистенцијата туку и на самата егзистенција на без број семејства и поединци скоро во цела Република Македонија.

За некаков авторитет на РМ , за негово враќање или нормално помагање, па било тоа и под форма на најнеповолни кредити не може уште долго време, а ако се продолжи со овој тренд, дури никогаш такво нешто не може да се очекува, туку во прашање е и можноста и за политичка катастрофа суи генерис.

Од доставените службени информации, преку излагањата и воопшто досегашните дискусии,иако имаше некои обиди за некакво толкување на некои постоечки прописи од оваа сфера, се изостави можеби без априористичка намера еден член од фундаменталниот правен акт, каков таков, каков што е Уставот на Република Македонија. Имено, испод второто поглавје " Основни слободи и права на човекот и граѓанинот", после под број еден "Граѓански и политички слободи и права" т.е. под број два "Економски социјални и културни права" во членот триесет став еден таксативно е санкционирано - "се гарантира правото на сопственост и правото на наследување".

Другари господо, оваа уставна одредба е многу јасна и не треба, не бара никакво толкување, туку треба бара и мора доследно спроведување и преку соодветни закони. По конкретно, според овој член и став на штедачите треба да им се гарантира правото на нивната сопственост, на нивната заработувачка со својот сопствен пот и ништо повеќе, ниту ништо помалку, туку да им се враќаат нивните средства.

**САЛИ РАМАДАНИ**: (Продолжение)

Слично е предвидено и во став 2 "сопственоста создава право и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата". Ако извршната или судската власт, или пак законодавната има потреба за објективно, непристрасно толкување спремен сум во секое време низ ставот 3 никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврдено со закон. И за ова никаков друг коментар. Поконкретно, прво, поради вистината потенцирам од многубројни ваши. дискусии, можеби за прв пат посериозно за овие две години нешто беа изнесени многу објективно непристрасни ставови, дури од голем дел и од владеачката партија, т.е. доста аргументирано против нивните главари, а тоа ако се подвлекува една дијагонала, значи и самокритика, затоа што овие гласале за нив, а не јас. Ни моите избирачи, ни мојата партија, ни мојата парламентарна група.

Второ, поради вистината, иако не делат многу работи, исто така свеста ми налага да го бранам малку било тоа и привремено личниот интегритет на гувернерот на НБ на РМ, од некои многу поранети тешки квалификации. Можеби и тој има пропусти, грешки и криминални дејанија, и ако постои основано сомнение врз основа на законот за кривична постапка, може и да се лиши од слобода под нормална процедура и да спроведува истрага. Можеби е тој најголемиот виновник, меѓутоа пак и глобалната и парцијалната контрола да се обавува според законските прописи, додека најавената оставка е потполно на место, па било да не е виновен ни прекршајно, а камоли кривично како што се изрази сам, поради моралната одговорност.

Трето, сигурно дека ова мора да има финиш за овој скандал и криминал. Ќе треба и мора да сносат соодветна, адекватна одговорност,

сите актери од дното до врвот и тука веќе нема пардон. Меѓутоа, над се најповеќе ме иритира резимето како фуснота, анекс или заклучок во Информацијата на Владата на РМ. За досега преземените и планираните мерки и активности во врска со случувањето во одделни штедилници и претпријатија, кои под различни форми прибираа средства од граѓаните.

Свесни од сериозноста на појавите на незаконито прибирање на средства од граѓаните и неопходноста од преземање на енергични мерки за нивно спречување од страна на државата и нејзините институции, сепак, наоѓаме за потребно да ја истакнеме свеста на граѓаните како значаен фактор аз спречување на вакви и слични појави на измама. Имено, се работи за доброволно вложување на сопствени средства на граѓаните при што тие треба да бидат свесни не само за користа, туку и за потенцијалните ризици што се носат со себе, односно го носи секое вложување. Ова особено се однесува за случаите на вложување на средствата за финансиски институции, впрочем, државата не може да ја преземе одговорноста за надомест, штетите што граѓаните можат да ги претрпат под доброволно вложување на средствата под форма на закуп, позајмица и сл. Ова е многу јасно и исто така не треба никаков коментар. И со ова, како и секогаш, јасно е дека Владата на владеачката партија на СДСМ пред времето се обидува на таков перфиден и камуфлиран начин да избегава, да се оддалечува дијаметрално на спротивната страна да ја префрлува вината било тоа и делумно каде што не е. На оштетените граѓани, штедачи, што е голема навреда на достоинството и понижување. Спрема овој најнов обид за сценарио што не претставува друго туку, прво, дека не се во прв ред виновни актерите на штедилниците, а камоли НБ на РМ, па Владата на владеачката партија,

на СДСМ никако. А, со тоа се издинстанцира и Парламентот, туку како да се виновни самите граѓани, штедачите.

Второ, спрема оваа логика нормално без логичност звучи "како да треба да се поднесуваат" "кривични пријави" против граѓаните штедачи, или пак тие да се заплашуваат и да се откажат од нивните понатамошни барања на правдата, правото на сопственост. Не, другари, одговорноста за овие криминални дејанија, како и на секаде во светот, како е најактуелно во Република Албанија ќе ја сносат најодговорните, штедилниците, НБ, Владата, шефот на државата, а и самиот Парламент, па и јас со вас, кој помалку или повеќе, бидејќи према Уставот сите одговараат подеднакво, па затоа да се заврши што побргу севкупната контрола да се поднесуваат и пак најавуваат потребните и веќе предложените оставки и распишуваат потенцијалните предвремени општи избори, те да се исценира односно да се иницира спроведувањето на кривичната постапка без пардон.

И на крајот, за вакви најтешки криминални дела да се предлага и донесе закон за изменување и дополнување на кривичниот законик и доживотната робија да се замени повторно со смртна казна, бидејќи ние сме далеку од Европа, а дотогаш и тоа што побргу оштетените граѓани, штедачи да се обесштетат и да им се вратат парите без оглед на тоа од каде.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Иван Бојков, процедурално.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Не е полемика, туку јас не очекував г-динот Рамадани да има слух на апелот на колегата Трифуновски и да го почувствува моментот при

крајот на расправата, туку морав да реагирам за да не биде ггоа од место, и овој пат, како и често пати многу досега искажаните навреди и омаловажувања на институциите на системот, па и на државата.

Многу пати, на оваа говорница г-динот Сали Рамадани ве слушаме со огромни изливи на љубов према народот, државата, граѓанинот, комшијата и навистина јас многупати ќе се расплачев. Само сакав да ви искажам дека државата, народот, комшијата не може да се сака ако не се почитува Уставот, ако не се почитуваат институциите на системот и легално избраните органи во тој систем, не мора да се сакаат, мора да се почитуваат. Тоа го покажува и неговото основно воспитание на секој човек, а вие често пати овде, ги навредувате, омаловажувате со зборови таканаречените и сл., или илегални.

Те молам, немој толку многу да ја сакаш оваа држава, овој народ, овој граѓанин и на таков начин да ја искажуваш љубовта, за сите нас ќе биде подобро.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Завчера, поради тоа што беше доцна и е таква атмосферата бев многу расположен да водам реплика со сите вас до еден во Парламентот. Тоа го имав и напишано. Значи, би сакал вака да споменам со секого по ред. Од Владата, од Владо Поповски, па Томе Стојановски-  Бомбај или питарка, како што го викаат таму во Тетово,

или петарда како што го: викаат тамусво Тетово, и ред други, најмалку со 20. Меѓутоа, денеска не и таква намерата. Околу 2 години сме во Парламентот. Овој гостин, името не му го знам, ниту ми треба точно тој вреѓа. Да ви е јасно на сите, се согласувате или не, Сали Рамадани после околу 40 години дисиден, најпознат не само албански, туку воопшто во Македонија и јас сум сакате или не, или се согласувате или не, не со помошта на државата, а оваа државата сме сите ние, или пак со тие комисии. Само земете ја 1994 година во изборната комисија општинска од 5 членови ниеден албанец заменик. Да ви кажам дека јас сум народен пратеник, ме навреди со тоа. Ако велам дека е илегална Влада или илегален Парламент, по тоа не само што го имитирам онаа вонпарламентарната опозиција македонска, туку тоа е точно. Сакате да отворам дебата? Да ви докажам ако сакате налутете се после распаѓањето на Сојузот за Македонија, ако сакате цел сат да одржам предавање, значи суд веќе не постои, и никој не знае за кого гласал. Тука во Парламентот легални пратеници нормално има и македонци има околу 20. Затоа немојте до такви навреди, затоа што Македонија не пишува, како се викаше овој говорник сега што излезе, не му го знам името, не пишува твоето име, туку и кај албанците и македонците и другите пишува за сега токму само Сали Рамадани. Секоја навреда твоја, другар до вчера сега господа нема никаква лажност. Јас вечерва продолжив со едно мое излагање и тоа ми кажа дека воопшто нема врска со албанците. Јас во овој момент ги бранам прво албанците што тие гласал за мене, но и цела Македонија. Јас сум против оваа Влада, јас сум против овој Парламент, опозиција нормално. Но, друшкане мој ниту можеш ти да дозволиш да ја сакаш повеќе Македонија од мене. Има албанци кои можеби не ја сакаат. Оваа држава е моја, и повеќе моја отколку твоја да знаеш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин СТанковски има збор.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседтеле, почитувани колеги и почитувани гости. Јас во интерес на времето ќе бидам многу краток, веројатно околу 3 минути. Покрај тоа што некои пратеници на Ј1П на оваа седница укажаа јас исто така сметам дека е неправедно да се запоставаат или многу малку да се укаже да се зборува за грабежот во останатите штедилници, нивните измамени штедачи Југомаркет, Лавци, Џамаданче, Алфа С, Кариќ банка и останатите.

Членови на одборот од штедилницата Лавци, кои кај мене како член на овој дом се обратија пред околу 2 недели, вчера за време на паузата, по излагањето на гувернерот, телефонски ми се јавија и ми укажаа на тоа дека податоците и оценката за оваа штедилница не се точни или гувернерот не ја кажува вистината.

Имено, гувернерот овде укажа дека во штедилницата Лавци по расчистување на состојбите, состојбата во штедилницата ќ4 се санира и ќе покаже позитивни резултати. За разлика од него, штедачите кажуваат дека гувернерот на 4.12. потпишал одлука за исполнување на услови за воведување на стечајна постапка, а врз основа на билансот на состојбите изложени со одлуката, со која кажува дека само 39% ќе се покријат дубиозите на оваа штедилница.

Исто така, штедачите на Југомаркет ми се обратија и огорчени кажуваат дека органите на Владата , на власта биле недозволено инертни и спори во спроведувањето на законот, а тоа може многу лесно да се види во информација на Владата која ни беше доставена.

XXIII/7

За мене новиот материјал од Владата кој дојде, а кој се однесуваше на оваа тема, може да послужи како убав материјал на млади надежни писатели и од тој материјал да напишат многу, многу комедии или трагедии во стилот на Нушиќи или на некој друг трагичар.

Инспекциските служби одговорни не си ја обавуваа функцијата, додека органите од ресорите на финансии, полиција и останатите не ги искористија сите права и должности кои се пред нив. Мора под итно да се испитаат сите аспекти на работата на штедилницата ТАТ и осигурувањето ТАМ со фаќање на сите оние со кои тие работеле од своето основање до денес.

Податоците од пасивата, а особено од активата ќе ги покажат злоупотребите и треба поединечно да се евидентираат кои користеле кредити под било какви услови, како и на сите оние со име и презиме, било да се работи за поединци или правни лица кои го саниралe ТАТ и ТАМ од периодот од основање па до денес. Откако како ќе се добијат под итно целосните податоци за состојбите и инволвираноста во нив, тогаш треба да се донесе одлука што понатаму. Владата како најодговорна за оваа состојба треба да изнајде начин како да се санира ова време, се до решаваше и излегување на виделина целата вистина. Воедно, предлагам многу е тешко вака под пресија на време да се зборува, воедно предлагам условите за добивање на дозвола, решение за работа на штедилниците да се дополни и тоа ќе го направам во законот со услов сите штедилници да поседуваат дефинирана компјутерска опрема која е компатибилна во секој поглед со опремата на банката на Македонија. Се мисли на машинска опрема и програмска опрема.

Со ова би се овозможило на банката да има дневен увид во работата на штедилницата, а преку посебни заштити би се сочувала тајноста на депонентот. Постоење на ваков услов за издавање нас решение за обавување на таа дејност дефинитивно ќе се оневозможи било каков фалсификат, шпекулации и афери, како што се овие кои длабоко ги потресуваат, не само луѓето, туку и нашата земја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? Г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателке, дами и господа пратеници, најкратко, телеграфски. Расправавме доста, и општ заклучок е дека се криви оние што штеделе, што имаат намера да штедат и ќе штедат во оваа држава. Тие се виновни, се друго е исправно, а цехот ќе го плати цела Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали може да заклучам?

За збор се јави г-дин Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Мислам дека не треба многу да продолжуваме, ни да додаваме, ни да одземаме од излагањето на премиерот, да се оди до крај .

XXIV/1.- ДВ/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКК:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Сега да се договориме, како ќе заклучиме после расправата. Две се алтернативи.

Првата алтернатива е, врз основа на Предлогот што е даден од Комисијата за финансирање и буџет, предлогот што е даден за изменување и дополнување на тој Заклучок од Пратеничката група од Либералната партија, како и од пратениците: Гарменд Ајдарага, Исмет Рамадани, Назми Малиќи, Ризван Сулејмани, Мевљан Таири, од една, и Бранко Михајловски, Живко Јанкуловски, Благоја Стефановски и Славко Котевски.

Дали се согласувате да ви предложам јас заклучоци, или да ја прекинеме седницата па повторно да се состане Комисијата за финансирање и буџет.

(се согласуваме да ни предложите заклучоци).

Еве јас ќе ви предложам заклучок, со напор, сите овие сугестии што беа дадени, основата е Предлог заклучокот од Комисијата за финансирање и буџет, дополнет со овие сугестии и мислења што беа од субјектите што ги спомнав.

1. Собранието на Република Македонија ги разгледа, Информацијата на Владата на РМ за досега преземените и планираните мерки и активности во врска со случувањата од одделни штедилници и претпријатија кои под различни форми прибираат средства од граѓаните; Информацијата на Јавното обвинителство на РМ за актуелните појави на измама, извршени од страна на сопственици на штедилници и претпријатија кои вршеле менувачки работи и Информацијата на Народна банка на РМ, за настанувањето на проблемите од работењето

XXIV/2.-

на штедилниците Алфа-С, Акционерско друштво Скопје и Лавци - Охрид.

2.Собранието на РМ укажува на потребата, Народната банка на РМ во најкраток можен рок да ја изврши ревизијата на севкупното работење на Штедилницата ТАТ и супервизорската контрола на наведените штедилници.

3. Собранието на РМ укажува на потребата , Народната банка на РМ во најкус можен рок да ја изврши ревизијата на севкупното работеше на Штедилницата ТАТ и Супервизорската контрола на наведените штедилници.

4. Собранието на РМ смета дека е потребно Владата на РМ, врз основа на извршената ревизија на Штедилницата ТАТ и супревизијата на другите штедилници, да го информира Собранието и да предложи мерки за разрешување на настанатите состојби.

5. Собранието на РМ укажува на потребата, Владат ана РМ да изготви и на Собранието да му достави предлози за донесување на закони за изменување и дополнување на законите со кои е уредено работењето со кои е уредено работењето на банките и штедилниците

со предлози на закони, како и да ја забрза постапката за донесување на Предлог на закон за ревизија и предлог на закон за државна ревизија;

6. Собранието на РМ им препорачува на сите надлежни

и државни органи да ги интензивираат своите активности во утврдувањето на противзаконските дејствија во штедилниците и да ги преземат сите мерки и активности, согласно со Законот;

7. Овој Заклучок да се достави до Владата на РМ, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и Народната банка на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

Има збор г- динот Љупчо Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ;**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

во вториот заклучок не знам зошто не достасуваат три-четири збора не знам зошто нив ги има во Заклучокот на Комисијата. Таму стои, со оглед на тоа дека во дискусиите се изнесуваше дека имало некоја документација,па таа била тргната. Во Заклучокот на Комисијата стоеше следното: - врз основа на целокупната документација која треба да бидеа во увид на супервизорите. Сега во овој Заклучок што претседателот го прочита ги немаше тие зборови.

**ТИОТ ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам оваа сугестија да ја прифатиме.

Има збор г-динот Даневски.

**СЛБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Пратеничката на Либералната партија ги пригака заклучоците од Комисијата аза финансирање и буџет.

Ние исто така, поделивме еден предлог, после точка 4 да се додаде нова точка 5 која ќе гласи: "Собранието на РМ оценува дека за настанатите состојби на масовна измама и грабеж на граѓаните под формално штедење, како и за неповолните состојби кој би можеле да бидат предизвикани на економската сфера на државата, како последица на ова сносат одговорност Владата ка РМ и на Народна банка на РМ.

Постојната точка 5, станува точка 6.

XXIV/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам прво тоа е оценка, а второ тоа е априори, одлука на Собранието по однос на тежината на вината на сите што се вклучени во овие афери.

Според тоа, предлогот на заклучокот дополнет со закажувањето на г-динот Мешков, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70)
Дали има некој против? (нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (8)
Констатирам дека Собранието го усвои Предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 59-та седница на Собранието на Република Македонија.

Со оглед на обврските на РМ, јас го молам г-динот Тррпевски, потпретседател на Владата да ја образложи неопходната потреба за потпишувањето на еден таков документ па после тоа да ги замолам да го утврдиме дневниот ред за наредната седница и да помиенме само една точка.

Јас предлагам ние сега да го ислушаме Трпевски, а потоа да се договориме дали ќе работиме и како ќе работиме.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во вторник и во среда во Лондон се врши размена на долгот што го има РМ према комерцијалните банки во светот со нови обврзници. Нашиот долг изнесува 645 милиони долари, спрема комерцијалните банки и треба да го замениме со долг кој најповеќе,

според денешната Информација изнесува 230 милиони долари За преку 400 милиони долари се намалува долгот. Затоа вие треба да го усвоите тој Заклучок затоа што тој помина на комисии и без забелешки беше усвоен. Тоа е само мојата молба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ :**

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 59-та седница.

( Седницата заврши со работа во 19,50 часот.)

Јас предлагам ние сега да го утврдиме само дневниот ред на 62-та седница и да ја апсолвираме само оваа точка од дневниот ред, точката за која г-динот Љубе Трпевски даде одредени напомени, односно даде образложение.